# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Четиринаесеттата седница на Собранието на Република
Македонија, одржана на 27 март 2003 година

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,10 часот.

На седницата претседаваше господинот Никола Поповски, претседател на Собранието.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дами и господа пратеници,

Ја отворам Четиринаесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Игор Ивановски, Весна Борозан, Сашко Кедев, Петар Наумовски, Ѓорѓи Трендафилов, Рафет Муминовиќ, Ружди Матоши, Соња Липиткова, Али Ахмети и Назми Беќири, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

На седницата се поканети, претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија , претседателот на Републичкиот судски совет.

Ве известувам дека претседателот на Владата на Република Македонија достави одговори на пратеничките прашања
поставени од пратениците Исмет Рамадани, Јанакие Витановски и Стојан Андов.

Министерот за внатрешни работи достави одговор на пратеничките прашања поставени од пратениците: Исмет Рамадани, Јанакие Витановски, Абдулади Адеми, Орданчо Тасев и Телат Џафери.

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство достави одговор на пратеничките прашања поставени од пратениците Абдулади Адеми, Ванчо Стаменков, Кире Гештаковски, Ангел Димитров и Слободан Даневски.

Министерот за финансии достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Никола Камчев, Талат Џафери, Ејат Рустеми и Невзат Бејта.

Министерот за образование и наука достави одговор на пратеничкото прашање на пратеникот Стојан Андов.

Министерот за труд и социјална политика достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Ванчо Стаменков, Киро Дојчиновски и Каме Петров.

Министерот за здравство достави одговори на пратеничките прашања од пратениците Орданчо Тасев и Зоран Шапуриќ.

Министерот за животна средина и просторно планирање достави одговор на пратеничкото прашање поставено од пратеникот Киро Дојчиновски.

Министерот за транспорт и врски достави одговори на пратенички прашања поставени од пратениците Киро Дојчиновски, Спиро Мавровски, Лиљана Ивановска, Зоран Шапуриќ, Ангел Димитров и Благородна Мингова-Крепева.

Министерот за економија доставо одговори на пратеничките прашања доставени од пратениците Роза Топузовска-Каревска и Зоран Шапуриќ.

Министерот за одбрана достави одговор на пратеничкото прашање поставено од пратеникот Телат Џафери.

Министерот без ресор Владо Поповски достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Иван Атанасовски и Иван Стоиљковиќ.

Исто така, ве известувам дека министерот за одбрана достави одговори од доверлив карактер на пратеничките прашања од пратениците Зејди Џелили и Невзат Бејта.

Министерот за внатрешни работи достави одговор од доверлив карактер на пратеничкото прашање поставено од пратеничката Ганка Самоиловска-Цветанова.

Бидејќи одговорите од министерот за одбрана на пратеничките прашања поставени од пратениците Зејдин Џелили и Невзат Бејта и одговорот на министерот за внатрешни работи на пратеничкото прашање поставено од пратеникот Ганка Самоиловска-Цветанова, содржи податоци од доверлив карактер, ги молам пратениците Зејди Џелили, Невзат Бејта и Ганка Самоиловска-Цветнова, доколку сакаат да постават дополнителни прашања тоа да го сторат без изнесување на податоци што се наведени во одговорот од доверлив карактер. Ве молам да внимаваме на ова.

Доколку пратениците, тоа се однесува на овие тројца пратеници, при поставување на дополнителни прашања имаат намера да изнесуваат податоци содржани во одговорот што се од доверлив карактер, Собранието треба да одлучи да работи без присуство на јавноста. Собранието одлучува без претрес со двотретинско мнозинство на гласови на предлог на претседателот на Собранието, Владата или најмалку 20 пратеници.

Ги молам, исто така, и министрите за одбрана и за внатрешни работи да го имаат предвид тоа при давање одговори на дополнителните прашања. Ако овие тројца

споменати пратеници сакаат при дополнителните прашања да наведуваат вакви податоци од доверлив карактер да ме известат, јас ќе предложам да се затвори седницата на Собранието за тие три одговори.

Предлагам да започнеме со тие три за да можеме после на отворена седница, доколку има потреба, да работиме.

Го молам пратеникот Невзат Бејта да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за одбрана, што е од доверлив карактер или сака да постави дополнително прашање имајќи го предвид тоа што го кажав на почетолот.

Повелете господине Бејта.

НЕВЗАТ БЕЈТА:

Ве поздравувам сите.

Од одговорот сум делумно задоволен, а причините се следни:

Податоците ги побарав од 1992 година, значи да бидат од 1992 година, додека одговорот е за од 2000 до 2003 година. Потоа, министерот јавно декларираше во времето кога се вршеше допполнување на Законот за одбрана дека ова прашање ќе се регулира правно.

До каде е работата во оваа насока.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Бучковски, дали ќе дадете одговор на дополнителното прашање?

Има збор господинот Бучковски.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Значи нема проблем околу доверливоста на податоците. Работната група е формирана, а работната група ја предводи Министерството за правда, партиципацираат двајца претставници од Министерството за одбрана кои започнаа со работа. Јас верувам, согласно заклучокот на Владата, во најкус можен рок ќе имаме законско решение што ќе произлезе од Владата и ќе се разгледува во Парламентот.

Бидејќи вториот дел од податоците од 1992 до 2000 година ги нема, бидејќи се од доверлив карактер на истиот начин како што беа претходно доставени до пратеникот ќе му бидат дадени и тие неопходни податоци. Ќе му бидат доставени на ист начин како и овие.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Го молам пратеникот Зиди Џелили дали е задоволен од одговорот добиен од Министерот за одбрана што е од доверлив карактер или сака да постави дополнително прашање.

ЗИДИ ЏЕЛИЛИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани претставници на Владата,

Не сум задоволен од доставениот одговор, нема да ги споменувам фактите, податоците од одговорот, го молам министеротда разјасни со еден збор, да или не, дали има информации дека тие се  нарекуваат како што истакнал министерот? Значи да или не?

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Меѓутоа министерот не е долженда одговори како што вие инсистирате. Ако сака.

Повелете господине Бучковски.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Па и прашањето беше такво за степеност на доверливоста околу тоа дали некој се декларира во вооружените групи дека се припадници на АНА, да се одговори со да или не, мене лично никој не ми се декларирал. Но, ако треба да одговорам со да или не, дали некој се декларирал, одговорот е да.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Ја молам пратеничката Ганка Самоиловска-Цветанова, да  се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од министерот за внатрешни работи, што е од доверлив карактер или сака да постави дополнително прашање, имајќи го предвид претходно кажаното.

ГАНКА САМОИЛОВСКА-ЦВЕТАНОВА:

Задоволна сум од одговорот, немам дополнително прашање. Само сум малку изненадена од доверливоста на карактерот на прашањето и одговорот, имајќи предвид дека моето прашање беше формирано и поставено врз база на  претходно објавен текст во медиумите.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Дали министерот за внатрешни работи има коментар.

ХАРИ КОСТОВ:

Министерството не работи врз основа на тоа што пишува во весници и какви написи излегуваат во весниците, туку работи врз основа на законските прописи. Уште еднаш да повторам дека Министерството не работи врз основа на тоа што пишуваат весниците и какви информации излегуваат во весниците, туку работи врз основа на законските прописи.

Во дополнувањето на одговорот што е доставен се гледа дека во некои случаи постапките се сеуште во тек пред надлежни обвинители или судски органи, па според тоа, имајќи предвид принципот на презункција на невиност, не можеме за никого овде да зборуваме со име и презиме, впрочем како што Министерството лза внатрешни работи и за сите досегашни пријави што ги поднесе со имиња и презимиња.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Преминуваме на одговори на пратенички прашања што не се од доверлив карактер.

Го молам пратеникот Исмет Рамадани да се произнесе дали е задоволен од одговорите добиени од претседателот на Владата на Република Македонија или сака да постави дополнителни прашања?

Пратеникот Исмет Рамадани не е присутен.

Го молам пратеникот Јанакие Витановски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од претседателот на Владата на Република Македонија или сака да постави дополнително прашање?

Збор има пратеникот Јанакие Витановски.

ЈАНАЌЕ ВИТАНОВСКИ:

Од одговорот сум задоволен и благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Го молам пратеникот Стојан Андов дали е задоволен од одговорот добиен од претседателот на Владата на Република Македонија или сака да постави дополнително прашање?

Господинот Андов не е присутен.

Го молам пратеникот Исмет Рамадани да се произнесер дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за внатрешни работи ли сака да постави дополнително прашање.

Господинот Рамадани не е присутен.

Го молам пратеникот Јанакие Витановски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за внатрешни работи или сака да постави дополнително прашање?

Има збор господинот Витановски.

ЈАНАКИЕ ВИТАНОВСКИ:

Благодарам.

Во врска со настаните што се случија во Гимназијата на 29 јануари 2001 година во Неготино, од одговорот на министерот сум задоволен. Значи поднесени се 20 кривични пријави против лица што се под сомневање дека сториле кривично дело насилство во член 386 од Кривичниот закон. Исто така, поднесени се прекршочни пријави против 15 ученици поради прекршок непристојно однесување.

Барам од министерот дополнително прашање со министерот за правда, бидејќи не се произнел судот ниту е во тек оваа постапка за учениците, а се бара изземање на претседателот и судот на Неготино. Барам Апелациониот суд да биде пажурен, а постапката да се заврши што е можно поскоро.

Ви благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Претпоставувам дека од ова не произлегува обврска за одговорот. До судовите нема право да поставуваме прашања.

Благодарам.

Го молам пратеникот Абдулаќим Адеми да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за внатрешни работи или сака да постави дополнително прашање?

Пратеникот Адеми не е присутен.

Го молам пратеникот Орданчо Тасев да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за внатрешни работи или ќе сака да постави дополнително прашање?

Има збор господинот Тасев.

ОРДАНЧО ТАСЕВ:

Задоволен сум од тоа што министерот се потрудил даодговори на повеќе прашања, бидејќи, моето прашање до министерот беше поголемо, имаше повеќе потпрашања и добро е што министерот се потруди да одговори на следните потпрашања.

Меѓутоа, генерално не сум задоволен од одговорите, од следните причини.

По однос на првото прашање во врска со случувањата во Гимназијата во Неготино, за тоа кој е организатор на штрајкот на учениците, а не на професорите, министерот има одговорено дека нема утврдено лица, односно организатори, т.е. дека собирањето на учениците, наводно, било спонтано, како реакција на дадени отказни решенија на неколку професори.

Сметам дека одговорот е нецелосен и паушален колку да се задоволи формата, односно да се даде каков-таков одговор на пратеничко прашање. Сметам дека е многу наивно од страна на министерот да верува дека има такви случувања со таков интензитет, а да нема организатор и едно хипотетичко прашање, дали и тој, во минатото како ученик или како студент имал можност да избира  професори, дали има можност со штрајк да избира професори што држат испити.

Ако министерот нема такви податоци, ќе се потрудам да му дадам податоци, да помогнам на Министерството за внатрешни работи. Имам писмени изјави од учениците што ќе потврдат кои се  организаторите. Тоа се: Роска Кулакова, Зорка Глигорова и Нако Дуровиќ, министерот нека ги забележи особено Дурловиќ кој поради заслугите сега стана директор на гимназијата. Изјавите и другите докази, писмени докази ќе ги презентирам на министерот во писмена форма, веројатно после понеделник, да ги има на увид, значи тоа се докази во писмена форма.

По однос на второто прашање, за тоа кој го преврте Голфот, што беше сопственост на ХЕ “Тиквеш”, исто така одговори дека наводно не било можно утврдување на идентитетот на сторителите односно на учениците. Еве повторно, мислам дека тоа е една ноторна лага, затоа што МВР во Неготино ги имаат тие податоци, а еве и јас да помогнам ќе кажам кои се сторителите односно кој го оштети Голфот. Тоа е Бинов Никола, Димов Роберт, Мирчевски Влатко, Ташев Костадин, Коцев Ѓорѓи, Алимов Тахир, Донев Михајло, Атанас Марков и Орце Ставрев. Тоа се учениците. Ако немате такви податоци ова се податоците на база на што министерот ќе може да преземе соодветни мерки.

По однос на прашањето дали е поднесена пријава против Витанов и неговиот син, одговорот е дека против Витанов нема, но против неговиот син има прекршочна пријава

заради непристојно однесување. Се прашувам во што се состои тоа непристојно однесување и против кого било насочено.

За ангажманот лна пратеникот---

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Тасев, времето ви измина одамна. Ова е дополнително прашање. Ви помина времето. Ако можете да завршите брзо завршувајте.

ОРДАНЧО ТАСЕВ:

Еве уште неколку реченици.

Во поглед на прашањето за Витанов, за неговиот ангажман, дали прима паричен надоместок или не до Здружението на возачи, јас мислам дека прима, нека даде налог преку финанссова полиција и тоа може да се утврди.

И сега околу службениот настан на ---

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на господинот Тасев, очигледно немате намера да завршите, поминаа 4 минути.

Дали господинот Костов има одговор на дополнителното прашање бидејќи јас имам впечаток дека вие сте го знаеле одговорот и не сте сакале претходно да го соопштите.

Има збор господинот Хари Костов.

ХАРИ КОСТОВ:

Имам на кратко, затоа што на крајот фактички не сфатив дали пратеникот е задоволен или не е задоцолен од одговорот, затоа што првата реченица беше дека е задоволен, а во меѓувреме слушнавме многу други искази.

Меѓутоа, јас би го потсетил пратеникот Тасев, дека се работи за настан од 29 јануари 2001 година. Според тоа, ако не верува на одговорите што се дадени во писмениот одговор од Министерството за внатрешни работи, тогаш јас нема право лда поставувам прашање, но се чудам зошто сите овие наводни докази, а очигледно дека се работи за вербални искази, за сега, не беа поднесени документирано до Министерството за внатрешни работи затоа што фактички од тогаш поминаа две години и два месеци. Ако пратеникот имал такви докази требал да ги поднесе. Меѓутоа, очигледно дека се работи само за искази и тие искази не се доволни затоа што од искази до сега, ако тргневме од она што се е пишувано по весниците или некој јавно што кажал, пола Македонија ќе завршеше со кривични пријави.

Само последното делче околу тоа дали прима или не прима надомест, лво одговорот е јасно кажано и кажано е врз основа на проверки што се направени. Според

тоа врз основа на проверките констатирано е дека работниот однос мирува, согласно на законот и дека тој основ нема надомест.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Ве молам сите на дополнителните одговори имаме три минути да дадеме дополнително прашање. Кога ќе почнеме со прашања да одиме тогаш имате 10 минути.

Го молам пратеникот Талат Џафери да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за внатрешни работи или сака да постави дополнително прашање?

Господинот Џафери не е тука.

Го молам пратеникот Абдулаќим Адеми да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство или сака да постави дополнително прашање?

Не е присутен.

Го молам пратеникот ВанчоСтаменков да се произнесе дали е задоволен од одговорите добиени од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство или сака да постави дополнително прашање?

Има збор господинот Стаменков.

ВАНЧО СТАМЕНКОВ:

Ќе зборувам посебно за прашањата.

Што се однесува до прашањето за мерките за оризот за 2003 година, очекував повеќе, дека конкретно ќе преземе некоја мерка Министерството бидејќи со години наназад не е преземено ништо во таа насока. Но, што е тоа е, и засдоволен сум од одговорот.

На прашањето е одговорено, знаеме што ќе се случува со оризопроизводителството оваа година.

Во однос на прашањето за изградба на акумулацијата на Оризарска река, посебно во делот на првото потпрашување околу досегашните активности министерот за земјоделие малку се потрудил. Има само една реченица за сите досегашни активности во овој дел. Мислам дека е малку. Ако има можност да се прошири со додатни информации за првото потпрашање, ако располагаат со повеќе податоци во овој момент.

Министерот за земјоделие, шумарство и водостопанство ќе го замолам да ми се достават подетални информации во тој дел.

За вториот дел, околу тоа што се планира во наредниот период околу изградбата на оваа акумулација мислам задоволително е она што се планира и се надевам дека многу поконкретно ќе се каже дека оваа година ќе се изработи физибилити студија. Сепак има еден прашалник, доколку има можности оваа година да се тргне и оваа година да се изработи физибилити студија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Заменикот на министерот за земјоделие дали има коментар на дополнителното прашање.

БЕСИР ЈАШАРИ:

Мислевме дека се доволни ваквите информации, не сакавме текстот да биде многу долг, но ако веќе пратеникот инсистира овие информации ќе ги добие подетално во писмена форма.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ги молам пратениците Зоран Шапуриќ и Благородна Мингова Крепиева да се произнесат дали се задоволни од одговорот добиен од министерот за транспорт и врски, или сакаат да постават дополнително прашање.

БЛАГОРОДНА МИНГОВА-КРЕПИЕВА:

Задоволна сум од прашањето.

Сакам да се заблагодарам за обемноста и прецизноста во одговорот на министерот за транспорт и врски за сеизмичката и техничката контрола на надградбите и доградбите на објектите. Верувам дека и граѓаните од општината Кисела Вода ќе бидат задоволни од овој одговор, бидејќи најчесто во нашата пратеничка канцеларија граѓаните ни го поставуваат ова прашање.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Го молам пратеникот Ангел Димитров да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за транспорт и врски, или сака да постави дополнително прашање.

АНГЕЛ ДИМИТРОВ:

Јас сум задоволен од одговорот на моето пратеничко прашање, но се надевам дека целата постапка што ја предвидува Министерството за земјоделие околу доделување на земјоделско земјиште на продолжување  на социјално необезбедени лица ќе заврши барем до почетокот лнла подготовките на површините за есенската сеидба.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Прашањето беше дали сте задоволен од одговорот на прашањето поставено до министерот за транспорт и врски.

АНГЕЛ ДИМИТРОВ:

Се извинувам,

Од одговорот на министерот за транспорт и врски целосно сум задоволен.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Го молам пратеникот Зоран Шапуриќ да се произнесе дали е задоволен од одговорите добиени од министерот за транспорт и врски или сака да постави дополнителни прашања.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Од одговорот на министерот во врска со прашањето за иселување од стан, бидејќи постојат судски пресуди задоволен сум.

Второто прашање до министерот за транспорт и врски се однесуваше за изградба на патниот правец Драчево-Студеничани-Зелениково.

Мислам дека е добро што овој регионален пат кој е под надлежност на државата министерот согледал дека е во катастрофално лоша состојба и овој патен правец Министерството за транспорт и врски ќе превземе дополнителни мерки со Фондот за патишта со прашање до министерот да го стори тоа што побрзо.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали министерот Ајдини има потреба од коментар на дополнителното прашање.

МИЛАИМ АЈДИНИ:

Во одговорот е кажано дека потребите за овој пат се многу поголеми од средствата со кои располагаме и во поглед на тоа ние ќе се ангажираме, но ќе се ангажираме во рамки на можностите. Сметам дека тоа е содржно во одговорот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ја молам пратеничката Лилјана Ивановска да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од лминистерот за транспорт и врски и дали сака да постави дополнително прашање.

ЛИЛЈАНА ИВАНОВСКА:

Ја ценам констатацијата на Министерството за транпорт и врски дека за потребата на регионалното поврзување на струмичкиот регион  како значаен регион и задоволна сум од комплетноста на информацијата, меѓутоа сакам дополнително да прашам дали во

програмата на Фондот за патишта за 2003 година делницата од 3,2 км, на потегот Василево-Струмица е внесена во годишната програма.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали господинот Ајдани има коментар на ова?

МИЛАИМ АЈДАНИ:

Биџетот уште не е донесен, сега за него се расправа, откако ќе се донесе ќе знаеме точно што можеме.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Го молам пратеникот Зоран Шапуриќ да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за транспорт и врски или сака да постави дополнително прашање.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Имам само едно дополнително прашање во врска со пратеничкото прашање Македонски Брод-Скопје преку Самоков.

Задоволен сум од Министерството за транспорт и врски вложува напори, меѓутоа дополнителното прашање се однесува за патот одбраната Козјак до Здуње во должина од 18 км, кога очекува министерот тој патен правец да биде реализиран, со оглед на тоа што со изградбата на овој патен правец Самоков и Македонски Брод, односно патниот правец сега преку Кичево ќе се скрати за повеќе од 100 км.

Вториот дел од истото прашање е во врска со патниот правец Росоман-Прилеп, изградба на третата лента, дали министерот за транспорт и врски со оглед на тоа што напоменува дека 90 милиони од продажбата на “Телеком” ќе бидат пренаменети во Фондот за патишта, дали и со која динамика овие патни правци ќе ги форсира Министерството за транспорт и врски.

МИЛАИМ АЈДИНИ:

Во поглед на последното потпрашање, динамиката на патниот правец Росоман-Прилеп, што е предвиден да се гради од средствата на Телеком ќе оди во динамика, брзо ќе се реализира затоа што и потребата е таква. Веруваме дека за кратко време ќе го звршиме тој патен правец затоа што средствата се обезбедени.

Во поглед на првото прашање ќе одговориме откако ќе се усвои Буџетот, за да можеме конкретно да кажеме што ќе превземеме.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Го молам пратеникот Спиро Мавровски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за транспорт и врски или има дополнително прашање.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Во однос на одговорот што го добив од министерот Ајдини, тојбуквално гласи “Тоа е за патниот правец Росоман-Прилеп во зависност од обезбедувањето на финасиски средства се планира во програмите за наредните години да се изврши рехабилитација на коловозот и на останатиот дел од патот”.

Последното, со кое што се согласувам со министерот е дека не се обезбедуваат доволно средства за одржувањето, заради што се и оправдани поплаките кои доаѓаат од корисниците на патиштата во Република Македонија, како и дека претходните години не е направено нешто.

Претходно, во одговорот, министерот самиот се негира со тоа што наведува дека средствата од продажбата на Телекомот во 2001 и 2002 година се направени 6 км, од делницата, а вкупната должина за рехабилитација е околу 14 км.

Во моментот кога Буџетот скоро е донесен ставка за овој патен правец не видов, така да останува патот да се прави во некои подобри времиња во наредните години.

Исто ветување имавме и од СДСМ, од тогашниот и сегашен премиер Бранко Црвенковски, 1996 година дека конечно ќе се реши тој патен правец со правење на патот преку Бабуна, но и до денес случајните намерници се чудат што претставуваат тие 3-4 столбови кај езерето Младост кои полека, полека стануваат културно-историски споменици. Но, затоа нашите битолски министри го решија патниот правец Тетово-Гостивар, кој сега за жал поради непроодноста и несигурноста на тој правец голем број на скопјани го користат патниот правец П-106 за да стигнат до Охрид, така да овој патен правец станува уште понепрооден и понесигурен за сообраќај.

Читајќи го вашиот одговор не гледам ништо опипливо дека во најскоро време нешто ќе се промени или ќе се изгради на овој патен правец и затоа ја поведувам граѓанската иницијатива за собирање потписи и поведување граѓанска тужба против Македонија пат за сите оние што ги оштетиле возилата на овој патен правец.

Ве молам, дали може процедурано.

Од првата седница не добив одговор од господинот Филиповски за тоа колкаво е дневното производство на електро енергетскиот систем на Република Македонија, колкав процент обезбедуваме од нашите дневни потреби---

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Покасно за тоа.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Тоа прашање е од првата седница, поминаа два месеци и одговор нема.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Имам список, на крајот и тоа ќе го отвориме.

Господине Ајдини на дополнителното прашање дали имате коментар?

МИЛАИМ АЈДИНИ:

На дополнителното прашање пратеникот сам одговараше и констатира тоа што сакаше да констатира.

Во првиот дел на прашањето не беше јасно дали бил задоволен од одговорот или не, затоа што еднаш вели дека е задоволен, па потоа констатира дека се негираме сами.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Го молам пратеникот Киро Дојчиновски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за транспорт и врски или сака да постави дополнително прашање.

КИРИЛ ДОЈЧИНОВСКИ:

Станува збор за заштита на реките Лепенец и Вардар односно изградба на колектор во населбата Волково.

Јас сум целосно задоволен од одговорот на министерот и очекувам реализација.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Мислам дека тука нема потреба од коментар.

Го молам пратеникот Кире Гештаковски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, или сака да постави дополнително прашање.

КИРЕ ГЕШТАКОВСКИ:

Не сум задоволен од одговорот бидејќи не се нуди решение за надминување на проблемот, само се констатира фактичката состојба.

Дополнителното прашање ми е до Министерството за економија, бидејќи и тоа министерство учествуваше во изработката на ова прашање.

Дали е можно покрај другите производи да се внесе и јаболкото како предмет на разговор, кој во моментот се води со стопанствениците и Министерството за економија на Руската Федерација. Со тоа би се решил крајно проблемот со откупот на јаболката и би се намалилтрговскиот дефицит со Руската Федерација.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

На дополнителното прашање дали некој ќе даде дополнителен одговор? (Никој).

Во тој случај на допполнителното прашање ќе биде одговорено по писмен пат, а можете и вие да одговорите, се работи за земјоделски производи.

БЕСИМ ЈАШАРИ:

Мислам дека прашањето беше упатено до Министерството за економија но во секој случај податоците што ги имаме ќе ги доставиме во писмена форма.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Го молам пратеникот Ангел Димитров да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, или сака да постави дополнително прашање.

АНГЕЛ ДИМИТРОВ:

Бидејќи јас институтот пратеничко прашање на еден начин го искористив за да се поттикне една таква постапка за доделување на земјоделско заамјиште на социјално необезбедени, нормално, задоволен сум од одговорот и се надевам дека целата таа постапка навистина побзо ќе се одвива бидејќи за пролетната сеидба веќе е касно, барем до почетокот на подготовките на есенската сеидба.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Го молам пратеникот Слободан Даневски да се произнесе дали е задоволен од одговорот на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство или сака да постави дополнително прашање?

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Во принцип да, и Министерството дава толкување дека и покрај сите заложби Закон за заштита од елементарни непогоди не се исполнети условите, така да 2002 година не ја прогласуваме како елементарна непогода во земјоделието.

Одговорот е даден а за дополнително прашање мислам дека нема потреба.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Го молам пратеникот Никола Камчев да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за финансии или сака да постави дополнително прашање.

НИКОЛА КАМЧЕВ:

Од одговорот на Министерството за финансии сум задоволен, меѓутоа тоа беше второто мое прашање кое уследи по првото прашање на кое сеуште не сум добил одговор, а тоа е во врска со рудникот Бучим-продажбата, транспарентноста и судбината.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Значи, задоволни сте од одговорот.

Го молам пратеникот Талат Џафери да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за финансии или сака да постави дополнително прашање.

Не е тука господинот Талат Џафери.

Го молам пратеникот Ејуп Рустеми да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за финансии или сака да постави дополниртелно прашање.

ЕЈУП РУСТЕМИ:

Задоволен сум од одговорот на министерот, но останувам со надеж дека со активностите за кои ветува дека Министерството ќе ги спроведе ќе се дојде до одлука на Владата со која ќе се анулира преземената одлука од поранешната Влада, од 2002 година, со која се обврзува сите возила кои влегуваат од Косово да плаќаат осигурување на граничните премини.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Нема потреба до дополнителен одговор.

Го молам пратеникот Невзајт Бејта да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за финансии или сака да постави дополнително прашање.

НЕВЗЕТ БЕЈТА:

Господине претседателе,

Одговорот што го добив од министерот за финансии, господинот Петар Гошев не е во согласност со прашањата кои ги поставив и затоа само делумно сум задоволен.

Јас разбирам дека Законот е изнад сите граѓани, меѓутоа, во пракса тоа не е така. Јасно ни е на сите дека Република Македонија има хетероген состав од повеќе националности и сведоци сме дека од минатата Влада беше вратен национализираниот имот најмногу на припадниците на нивната заедница, на македонската заедница. Јас знам дека тоа е политички маркетинг, меѓутоа граѓаните гледаат и прашуваат зошто до сега не виделе еден член од друга заедница јавно да му се врати имотот. Затоа и побарав од министерот за финансии да ми даде поточни податоци во однос на тоа колку е вратен имот на Исламската верска заедница, и другите заедници во согласност со Законот за денационализација и колку е направена поделба на имотот на етничка основа односно колку Албанци го повратиле својот имот во согласност со Законот.

Барам точни податоци затоа што од нас како пратеници граѓаните бараат да бидат изворно информирани. Односно дали има некој Албанец кој го земал својот имот во согласност со Законот од минатата Влада.

Затоа, бараме точни податоци и ќе видиме како во иднина ќе продолжи да работи во оваа насока, во која заедно сме претставени.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали има потреба од дополнителен одговор на дополнителното прашање

Господинот Гошев.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Прашањето, најнапред, беше сконцентрирано дали на некоја верска заедница треба да и се врати имот. Ние објаснивме, според законот, кој има право на враќање на имотот. Тоа се верските храмови, под кои што се подразбира црква, џамија, сина гога и тн. Инаку, не ги разграничуваме по етничка припадност предметите кои што доаѓаат, затоа што како што доаѓаат, така поминуваат преку соодветните комисии и така се решаваат.

На прашањето колку граѓани албанци, колку граѓани турци, роми, македонци не му обрнавме внимание, затоа што не размислуваме така во Министерството за финансии. Како течат пријавите, така се решаваат пријавите. Ако пратеникот го интересира и тоа, ќе ги извадиме тие податоци и ќе му ги дадеме дополнително.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Го молам пратеникот Стојан Андов да се прознесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за образование и наука или сака да постави дополнително прашање.

Господинот Андов не е присутен.

Го молам пратеникот Ванчо Стаменков да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за труд и социјална политика или сака да постави дополнително прашање.

Дали има претставник од Министерството за труд и социјална политика? (нема).

Кога ќе дојде претставник, ќе се вратиме на тие прашања.

Господинот Киро Дојчиновски, исто така, има прашање до Министерството за труд и социјална политика и на тоа прашање ќе се одговори подоцна.

Господин Каме Петров исто така подоцна.

Ако сте задоволни од одговорите, тогаш можеме да ја завршиме процедурата. Меѓутоа, другото министерство не го знае одговорот што е испратен до Министерството за труд и социјална политика. Инаку, неможете на друг да дадете дополнително прашање.

Го молам пратеникот Орданчо Тасев да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за здравство или сака да постави дополнително прашање.

ОРДАНЧО ТАСЕВ:

Не сум задоволен од одговрот на министерот. Во одговорот на министерот се наведува дека со Законот за здравствена заштита од 1991 година, дадена е можност за основање на приватни здравствени организации под исти услови како и јавните здравствени организации. Согласно тој закон денес има регистрирано некаде повеќе од 500 приватни здравствени стоматолошки организации. Со Законот за здравствено осигурување што е донесен во 2000 година е определено дека Фондот плаќа од здравствени услуги и заклучува договори, неправејќи притоа разлика помеѓу јавните и приватните здравствени установи. Во членот 69 од Законот за здравствено осигурување или поточно од “Службен весник бр. 25/2000 година” е речено дека Фондот со општ акт ги утврдува критериумите за склучување на договори и здравствени установи и начинот на плаќањето на здравствените услуги. Во членот 70 од истиот Закон стои дека, со извршувањето на здравствените услуги, Фондот склучува договор со здравствените установи. Меѓутоа, во праксата Фондот за здравство не постапува согласно овие одредби. Вакви договори секој ден се склучуваат со приватните здравствени организации и тоа ги има некаде повеќе од 2000. Од друга страна еден подолг временски период работат одреден број на стоматолшки ординации, а со кои Фондот има склучено договор, тоа се некаде околу 15. Значи има еден селективен пристап кај стоматолошките организации, со што фактички фондот го крши Законот.

На крајот едно прашање, сметам дека дадениот одговор на министерот воопшто не задоволува и бараме конкретен одговор и решение за проблемот на приватните стоматолошки ординации согласно Законот за здравствено осигурување или поточно да се потенцира точно од кој датум ќе се склучуваат договорите со Фондот, значи приватните стоматолошки организации, заради нивно изедначување и правилна примена

на Законот. Во спротивно, како што е речено од приватните стоматолошки ординации дека ќе поведат судски спор заради реализирањето на нивните права.

Значи да се определи точниот датум од кога ќе започнат со склучување на договори со Фондот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Пановски дали ќе дадете одговор на дополнителното прашање?

НИКОЛА ПАНОВСКИ:

За жал, не би можл ништо повеќе да кажам за проблем кој трае 12 години, меѓутоа, овде на крајот на одговорот стои дека ќе се направат напори ова да биде еднакво за сите. Проблемот е што и досега, бидејќи нема доволно финансии да се финансираат сите регистрирани приватни стоматолошки ординации, ќе треба да се направи селекција, која досега, еве, кажувам 12 години не е успеано да се направи. Овде се дава некоја гаранција дека тоа е во тек. За конкретните чекори сега не би можел да зборувам, бидејќи е сеуште рано.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Го молам пратеникот Зоран Шапуриќ да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за здравство или сака да постави дополнително прашање.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Прашањето поставено до министерот за здравство, дополнителното прашање ќе го поставам до заменикот министер за здравство, бидејќи министерот не е тука.

Имено, прашањето гласеше од 2000 година со подзаконски акти на министерот за здравство, значи од претходната Влада и од претходниот министерт, се намалени драстично правата на хендикепираните лица. Така што, оние ортопедски помагала кои ги добиваа бесплатно, сега за нив плаќаат од 40-50%, а исто така и поправките, со што државата повеќе пари троши бидејќи поправката не е адекватна.

Дополнителното прашање до заменикот министер за здравство, бидејќи министерот не е тука, дали министерот за здравство односно Министерството за

здравство има намера да ги смени овие правилници и барем дел од овие права на хендикепирани лица да им ги врати.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господине Пановски ќе одговорите на дополнителното прашање?

НИКОЛА ПАНОВСКИ:

Пратеникот Шапуриќ ќе добие писмен одговор на ова прашање. Сега не би можел да одговорам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Го молам пратеникот Киро Дојчиновски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за животна средина и просторно планирање, или сака да постави дополнително прашање.

КИРО ДОЈЧИНОВСКИ:

Задоволен сум од одговорот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Задоволни сте од одговорот. Благодарам

Ја молам пратеничката Роза Топузова-Каревска, да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од Министерот за економија или сака да постави дополнително прашање.

Збор има пратеничката Роза Топузова-Каревска.

РОЗА ТОПУЗОВА-КАРЕВСКА:

Му благодарам на министерот за сеопфатниот одговор и разбирам дека според критериумите на Светската банка неможе основен критериум да биде обврската кон вработените во Астибо. Но, сепак, сметам дека при разгледување на пристигнатите програми, треба приоритет да им се даде на оние кои покрај другото, секако, презмеаат обврска за преземање на најголем број на вработените.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Задоволна е пратеничката од одговорот и нема потреба од коментар.

Го молам пратеникот Зоран Шапуриќ да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за економија или сака да постави дополнително прашање.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Со оглед дека одговорите се слични како на министерот за транспорт и врски, односно се работи за истите патни правци, веќе го кажав својот став на министерот за транспорт и врски.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Значи, задоволен сте од одговорот?

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Она што го кажа за министерот за транспорт и врски, важи и за министерот за економија. Кажав имав дополнително прашање и рекоа дека накнадно ќе одговорат.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Процедурата тука завршува со овој дел, продолжува со претходниот.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Да.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Мислам, завршува процедурата за Министерството за економија.

Го молам пратеникот Талат Џафери да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за одбрана или сака да постави дополнително прашање.

Господинот Џафери сеуште не е тука.

Го молам пратеникот Иван Анастасовски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот без ресор Владо Поповски или сака да постави дополнително прашање.

ИВАН АНАСТАСОВСКИ :

Благодарам претседателе, бидејќи трите прашања кои ги поставив беа доставени до министерот без ресор господинот Поповски, јас би сакал веднаш да кажам за сите три прашања.

Во поглед на првото прашање за поплавените лица од кумановската населба Средорек, јас лично, бидејќи сега ги добив одговорите, сум задоволен од она што Владата го направила за тие лица и за заклучоците кои произлегоа од средбите кои ги имавме во Куманово и се надевам дека и самите поплавени лица од кумановската населба Средорек, ќе бидат задоволни со овој одговор и со решенијата кои ги направила Владата.

Во однос на третото прашање за Комисијата за трошење на средствата за раселените лица, кои сеуште се немаат вратено во своите домови, исто така, сум задоволен од одговорот на министерот.

Додека, за второто прашање кое се однесува исто така на раселените лица кои се немаат вратено сеуште во своите домови, а кое се совпаѓа и со прашањето на пратеникот Иван Стоилковиќ, делумно сум задоволен, бидејќи овде се кажува дека е формирана работна група која ги испитува штетите на раселените лица. Меѓутоа, би сакал дополнително, ако е во можност да го прашам министерот господинот Поповски, кога би била доставена дополнителната информација околу штетите на раселените лица, околу комисијата, работната група која е формирана. Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Поповски на дополнителното прашање, трето по ред ќе одговорите?

ВЛАДО ПОПОВСКИ:

Како и на сите други прашања поврзани со внатрешно иселените лица и на прашањето на проценките на штетите, Владата му дава сериозен пристап токму поради тоа што од самото доаѓање отворени се сите овие прашања, како и ова последното што го поставија на минатата седница двајцата пратеници, заради дополнителни консултации, затоа што се работи за многу суптилно и сериозно прашање, деновиве се во тек тие дополнителни консултации и Владата на Република Македонија на наредната седница ќе ја разгледа таа спомната информација содржана во одговорот на претеничките прашања и ќе го изнесе својот став по однос на ова сериозно прашање. Тоа е мојот коментар.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Го молам пратеникот Иван Стоилковиќ да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот без ресор Владо Поповски или сака да постави дополнително прашање.

ИВАН СТОИЛКОВИЌ:

Господине претседателе, неможе да се даде прецизен одговор да или не од многу проста причина што министерот Поповски веќе кажа дека Владата на својата 25-та седница на 31 март о.г. ќе направи дополнителни консултации по ова прашање и дури тогаш ќе ни ги достави информациите. Меѓутоа, интересно е што меѓувреме се случи еден интересен настан во врска со протераните лица и бегалците, а тоа е протераните лица и бегалците од Арачиново веќе потпишаа трипартитни договори. Би сакал од министерот Поповски да побарам во дополнителната информација модусот од трипартитниот договор потпишан со арачиновци да го достави во одговорот на пратеничкото прашање, за да можеме ние на терен на соодветен начин да реагираме. Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Поповски на дополнителното прашање има барање за доставување на договорот. Дали тоа може да се рализира?

ВЛАДО ПОПОВСКИ:

Информацијата не е до крај точна, сите внатрешно иселени лица од Арачиново сместени во  креативните центри, сеуште ги немаат потпишано трипартитните договори, што се услов  за почеток на изградбата, се мисли на куќите од трета и четврта категорија. Тоа е мојот коментар.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Значи, не постои таков одговор.

Го молам пратеникот Ванчо Стаменков да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за труд и социјална политика или сака да постави дополнително прашање. Господинот Стаменков беше тука. Повикајте го нека дојде.

Го молам пратеникот Киро Дојчиновски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за труд и социјална политика или сака да постави дополнително прашање. Исто така, нека дојде и пратеникот Каме Петров за истиот министер.

КИРО ДОЈЧИНОВСКИ:

Почитуван претседателе, делумно сум задоволен, меѓутоа имам дополнително прашање.

Прво, гледам дека по прашањето на вработувањето пред и по изборите, како што во податоците дадени овде во одговорот некаде околу 4000 и 20 и нешто, станува збор за комплетен упад во работното законодавство. Бидејќи , скоро за сите случаи станува збор дека практично е прекршена постапката за избор. Ако е тоа така, тогаш сите тие 4000 и неколку случаи се доведени во прашање и нивното уставно право да е за секој работен човек во земјата му е достапно секое работно место е практично доведено во прашање. Сега, ако постапката на изборот е фалична, во неа учествувале и вработените, тие што се сега вработени. Тогаш, ако е постапката нарушена, како можеме да констатираме дека станува збор само за еден прекршок и понатаму ништо. Ако по тој прекршок за кој што се поднесени пријави, се констатира дека постапката е прекршена, дали практично нема да бидат доведени во прашање тие 4000 вработени. Тоа е едно прашање.

Дали министерот размислува да поднесе и кривични пријави, не само прекршочни, заради тоа што е направен упад и во Уставот на Република Македонија. Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Манасиевски дали ќе одговорите на двете дополнителни прашања?

ЈОВАН МАНАСИЕВСКИ:

Да. Во Одговорот стои јасно и дадени се поединечни случаи таму каде што државниот инспекторат за труд поминал. Таа бројка не е конечна, не е финална и веројатно постојат уште институции каде што државниот инспекторат, поради обемот на работата, сеуште неможе да помине. Меѓутоа, се работи, најточниот термин е изигрување на членот 130 од Законот за работни односи, а искористен е фактот што тој член не е доволно прецизен. Затоа, на седницата која што е прекината на Парламентот, се наоѓа и измената на Законот за работни односи, каде што се менува дочно член 130 во насока на прецизирање на целата постапка на превземање. Значи, се работи за изигрување на

членот 130. Притоа, министерот тука неможе да поднесува кривични пријави, туку тоа е работа, законска надлежност на државниот инспекторат за труд, кој што, за жал, поради недореченоста во актуелниот Закон за работни односи ги констатирал сите овие изигрувања, меѓутоа, тука завршуваат неговите надлежности и за жал неможе да преземе ништо.

Од таму, предложени се измени во членот 130, кои се надевам дека Парламентот ќе ги усвои и кои што оваа практика досега користена обемно, на оваа практика конечно ќе и стават крај.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Го молам пратеникот Каме Петров сега да се произнесе за одговорот добиен од министерот за труд и социјална политика, дали е задоволен или сака да постави дополнително прашање. Повелете.

КАМЕ ПЕТРОВ:

Почитуван господине претседателе, од одговорот на министерот Манасиевски сум задоволен, бидејќи иако јас пратеничкото прашање за лизгањето на земјиштето во месноста Рамина во Велес, го поставив до министерот за труд и социјална политика и министерот за транспорт и врски, одговорот дефакто е од целата Влада. Но, кон тоа сакам да извлечам една констатација врз чија основа ќе поставам и дополнително прашање до Министерството за транспорт и врски. Имено, претходната Влада со одлука од март 2000 година ветила и одобрила 75 милиони денари за решавање на овој проблем. При посетата на Велес цитираните средства на граѓаните, кога останале без покрив на главата или чии куќи се опасни за живот, им ги ветил и актуелниот претседател на државата. Вистинска штета е што ниту денар, повторувам ниту еден денар од овие средства на луѓето не им се поделени односно не се употребени за санирање на состојбите со лизгањето на земјиштето на овој дел од градот. Констатацијата нема политичка позадина, бидејќи сакам да кажам дека доколку овие средства се употребиле наменски тогаш и се направиле потребните градежни зафати, денес проблемот не ќе кулминираше до степен, не само да бидат загрозени куќите од овој реон, туку опасноста да се прошири и на лизгањето на земјиштето на гробиштата на црквата Свети Спас.

Затоа, дополнителното прашање е упатено до Министерството за транспорт и врски, од каде што очекувам одговор на повеќе технички детали во врска со резултатите

од геолошките истражувања, превентивното уривање на куќите од кои се загрозени човечките  животи, до каде се дојдени работите околуископот и транспортот на земјата итн.

На крајот, какви се шансите за користење на средствата од Германската банка за социјално инфраструктура, за што не се зафаќа средства од Буџетот, но се отвора можност, за трајно решавање на проблемот. Со други зборови, Владата на својата 13-та седница расправала за овие работи и прашањето е:

Колку заклучоците на Владата се извршени од страна на ресорното министерство.

Замолувам, за писмен одговор и на ова дополнително прашање.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали министерот ќе даде писмен одговор или усмено ќе одговори на дополнителното прашање.?

ЈОВАН МАНАСИЕВСКИ:

Колку што разбрав од одговорот што го дадов пратеникот е задоволен. Сега постави прашање до друго министерство.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Писмен одговор ќе добиете.

Го молам пратеникот Ванчо Стаменков, дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за труд и социјална политика или сака да постави дополнително прашање?

ВАНЧО СТАМЕНКОВ:

Задоволен сум од одговорот јас мислам дека Министерството си ја има завршено работата и ова е сигурно еден чекор напред во насока на средување на состојбата во текстилната дејност на подрачјето на старата општина Кочани.

Инаку, сакам да кажам дека како што е поставена информацијата, се работи за околу 30 субјекти и скоро кај сите има пречекорување на работното време, односно кршење на работното време од 40 часа неделно. Ова е податок кој што загрижува, бидејќи знаеме дека во овие фирми огромен број од работниците или скоро сите се од понежниот пол.

Апелирам до министерството уште повеќе да ги заостри мерките околу потиснувањето на оваа појава, пречекорување на работното време.

Во делот на платите имам една молба, исто така, имено, што побрзо да се определи најниската плата во текстилната дејност и да се потпише колективниот договор,

затоа, ја замолувам зградата да се регулира ова, бидејќи се работи за тешка физичка работа и многу од работодавачите ги злоупотребуваат работниците.

Во поглед на непријавените работници  сигурен сум дека голем број од овие работодавачи ќе го искористат законот за поттикнување на вработувањето и ќе регулираат голем број од непријавеите работници.

Значи, во целина можам да кажам дека сум задоволен од извршената работа од министерот за труд и социјална политика.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Значи нема потреба од одговор.

Завршивме со тој дел од пратеничките прашања.

Пред да продолжиме со пријавување, сакам да информирам за следното.

Ја молам Владата на РМ, да ги достави одговорите кои во меѓувреме веќе требаше да бидат доставени на пратениците Зоран Шапуриќ, Фатмир Асани, Мите Николов, Славица Грковска, Спиро Мавровски, Мендух Тачи, Ружди Матоши, Зиди Џелили, Иван Анастасовски, Ангел Димитров и Јани Макрадули. Единаесет пратеници немаат добиено одговор на поставените прашања кои се и од претходната седница. Затоа, ја молам владата да ги достави во најскоро време, за да можеме на наредната седница да ги гледаме. Бидејќи немаме одговор, не можеме да расправаме за нив во овој момент.

Почитувани пратеници, пред да продолжиме со веќе востановениот режим на пријавување прашања, прв ќе добие збор пратеник од ВМРО ДПМНЕ, пријавен е Мрјан Ѓорчев, ќе ве замолам да останете во салата бидејќи имаме проблеми со серверот, треба да се рестартира, што значи неколку минути останете во салата а  ќе продолжиме со работа откако компјутерот ќе се поправи. И не се пријавувајте за збор, одјавете се, откако ќе се поправи, ќе се пријавиме сите.

Објавувам пауза од неколку минути и останете тука во салата.

(Пауза од 12,15 до 12,25 часот.)

Продолжуваме со работа.

Ги молам пратениците да се јават за прашања.

Првите шест прашања ќе бидат од сите пратенички групи по едно, а после ќе одиме наизменично со прашања, позиција-опозиција.

Има пратенички групи кои ни доставија список на пратеници кои ќе поставуваат прашања кога тие ќе дојдат на ред од нивните пратенички групи и јас ќе го почитувам  тој

редослед. Тие пратенички групи што немаат доставено список, ќе одам по принципот прво пријавен на листата на компјутерот.

Почнуваме со опозицијата.

Прашање ќе поставува г-динот Марјан Ѓорчев, пратеник од ВМРО-ДПМНЕ.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Господине претседателе, дами и господа пратеници, почитувани министри,

Првото прашање е до Министерот за локална самоуправа.

Распределбата на средствата од вишокот на приходи над дозволеното ниво на потрошувачка во единиците на локалната самоуправа во износ од 100 милиони денари е извршена со одлука на Влдата донесена на седницата од 16.12.2002 година, и тоа со Одлука за методологија за распределба и Одлука за самата распределба. Според тие одлуки распределбата се врши на 42 општини од вкупно 123 плус градот Скопје, а од анализата што ја направив се распределени средства во износ од 80 милиони денари на 15 општини.

Сметам дека вака направената распределба не е во согласност со претходно утврдените критериуми за методологија.

Поставувам прашање до министеот за локална самоуправа да даде одговор според кои критериуми е извршена ваквата поделба, која не ги почитува принципите на еднаквост и правичност.

Второто прашање е до министерот за животна средина и просторно планирање во врска со Дојранското Езеро, интерниот технички прием на објектите од проектот “Спас на Дојранско Езеро” извршен на ден 9.10.2002 година, од страна на надзорот и тоа по фази од сите изведувачи, при што е констатирана состојба и записнички е даден налог на изведувачите, сите заостанати работи да се завршат, односно да се отстранат недостатоците заклучно со 21.10.2002 година, со цел системот да стартува со полн капацитет. Да потсетам, тој беше пуштен на 4.09.2002 година со пробно полнење и беше прекинат со работа на 21.09.2002 година со цел да се отстранат сите овие недостатоци.

Поставувам прашање: кога тој ќе биде целосно пуштен во употреба и уште колку средства се потребни целиот систем да биде оперативен.

И третото прашање е до министерот за финансии.

Согласно проектите за користење на средствата со кои РМ, се здоби од продажбата на Телеком, верифицираниот од Светската банка, имаше проект на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за подигање на пет шумски расадници, на шумски посадочен материјал толку потребен за деградираните

површини во РМ, особено во јужните региони кои ги спречуваат солените ветрови и на таков начин позитивно влијаат на климата во Република Македонија.

Барам одговор до каде е со реализацијата на тие пет проекти и доколку може да се одговори во моментот во ред, но во спротивно одговорите да бидат дадени писмено.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

На првото прашање упатено до министерот за локална самоуправа ќе одговори Тања Алтанџиева, заменик на министерот за локална самоуправа.

ТАЊА АЛТАНЏИЕВА:

Со одлука на Владата е извршена распределба на вишокот на средства, меѓутоа, врз основа на кои критериуми и на кој начин дополнително писмено ќе се произнесеме. Пратеникот ќе добие одговор во писмена форма.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Второто прашање е до министерот за животна средина и просторно планирање Љубомир Јанев.

ЉУБОМИР ЈАНЕВ:

Ќе одговорам усмено на прашањето.

Системот Дојранско Езеро, според пратеникот Ѓорчев е пуштен на 9.10.2002 година, меѓутоа, кој е фиктивно пуштен. За вистинско пуштање на системот беше потребно да се направи голем број на технички зафати и технички мерки за да биде системот технички исправен и да биде пуштен во целосна употреба. Во тој момент рокот кој бил даден за пуштање на системот, 21.10.2002 година, праткично и не беше возможно да се пушти во тој рок, бидејќи прво не беа обезбедени средствата за исплата на веќе извршените работи од страна на градежните фирми и останатите учесници во градбата и за таа цел, со Ребалансот на буџетот за 2002 година ова Влада обезбеди 138 милиони денари за да бидат исплатени средствата за веќе пристигнатите побарувања на овие градежни фирми, бидејќи нивен услов за продолжување на работата беше токму исплатата на оние работи кои во тој момент беа завршени.

Понатаму, пристапивме кон она што требаше практично да биде направено за да биде системот технички исправен, а тоа е доршување на сите оние работи кои се појавија како слабост. Слабости се појавуваа на сите полиња.

Прво, системот не беше довршен од аспект на поставување и испитување на опремата. Дури во месец февруари ние можевме да пристапиме кон етапно испитување на опремата, односно пумпите и она што значи електродел. Се покажа голем дел на

слабодсти, така што при пуштањето на системот кој што треба да работи со десет пумпи истовремено и да продуцира илјада литри вода во секунда единствено системот можеше да се работи со 4 пумпи и настануваше исфрлување односно пад на системот, бидејќи се појави огромен број технички недостатоци од аспект на исправност на пумпи, вибрации на пумпите , исфрлување на трафостаниците односно на електросистемот и во моментот е повикан и експерт од страна на производителот на пумпите да го испита тој проблем, односно исправноста на пумпните станици и начинот на кој истите се поставени.

Од страна на Електростопанство на Македонија и АД Охрид кои беа изведувачи на трафостаниците исто се работи на утврдување на недостатоците на трафостаниците и преземање соодветни технички мерки за да се доведе системот во исправна состојба.

Проблеми настанаа и при испитувањето на цевоводот и на резервоарите, бидејќи испитување на ваков цевовод се врши на отворен откоп, значи додека не се затрупани цевките за да се согледаат сите слабости од типот на неправилни шавови, неправилни прилучни елементи како што се вентили, шахти и слично. Проблемот се усложни бидејќи цевоводот е затворен и сега се преземаат и се даваат дополнителни финансиски средства за да се изврши испитување како што налага самата ситуација на лице место. Односно се затвораат со фланши од потег на потег делови на цевоводот, па се врши испитување, се испитува пад на притисокот во цевоводот, значи тоа се тешки работи кои можеле да се завршат на многу поедноставен начин во фаза кога откопот бил отворен.

Сакам да кажам дека ова се дополнителни работи кои се предизвикани од ненавремено и непланско обидување за пуштање на системот. Системот може да биде пуштен единствено тогаш кога ќе биде технички исправен да биде пуштен. За таа цел е формирана комисија кај Министерството за транспорт и врски која треба да изврши целосен технички прием. Значи, во момнтот по отстранувањето на овие согледани недостатоци се работи интерен технички прием, по завршувањето на овој технички прием очекуваме дека тоа ќе биде до крајот на март, Комисијата за технички прием при Министерството за транспорт и врски, треба да изврши технички прием и само така системот може да биде пуштен во употреба. Инаку, за доврштување на системот за доспеаните и оние работи кои минимално останувaат за доврштување се потребни околу 70 милиони денари кои се обезбедени во буџетот за 2003 година.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Ѓорчев дали имате дополнително прашање само за овој дел?

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Да, имам дополнително прашање, заради тоа што надзорниот орган уште на 9.10.2002 година, сите изведувачи кои се познати и биле должни согласно она што го зеле како обврска со договорот, а тоа се АД”Маврово”, “Гранит”, “Бетон”, “Пелагонија”, “Урбан Инвест” - Кавадарци, ФДЦ “11 Октомври” - Куманово, потоа “ЕМО”- Охрид, “Електростопанство” на Македонија, требало за ова време да имаат обврска по договорите да си ги завршат своите договорни обврски. Во договорите е предвидено 50% од плаќањето да биде во 2002 а 50% во 2003 година, така што не постои долг спрема тие фирми и едноставно системот во овие 5 месеци, од она што го има како записничка констатација морало да биде пуштен во употреба, затоа што на 21.10.2002 година е даден налог сите недостатоци, овие фирми што ги споменав, а кои имаа договор, да ги отстранат недостатоците. Системот е граден плански по проектна документација со договори со сите овие претпријатија. Тие се познати фирми во РМ, и доколку не си ја завршат својата обврска треба да платат пенали за тоа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Јанев дали имате одговор на дополнителното прашање?

ЉУБОМИР ЈАНЕВ:

Да. Не се согласувам доволно со господинот Ѓорчев, бидејќи во сите договори што се потпишани со изведувачите никаде децидно не стои колкави обврски има, односно кога станува збор за обврски, тука се обврски од страна на изведувачот од една страна и обврски на инвеститорот од друга страна. Изведувачите ги прекинаа работите со писмо, бидејќи обврските од страна на државата до тој момент не беа извршени. Во договорите кои се потпишани со изведувачите никаде децидно не стои колкав процент на обврски ќе се издвојат како средства од Буџетот за 2002 година, а колку за 2003 година. Како поткрепа а тоа, можам да ги презентирам договорите што се склучени со одредени градежни фирми, со одреденифирми како што е “Инерг - Ина”, дури не постои договор туку е дадено право врз основа на проект на задача сами да изготват договор, сами да изготват техничко решение. Таквиот начин да договарање сега ни создава дополнителни проблеми, бидејќи изведувачот односно во тој момент е и проектант и изведувач на проектната задача си ставал опрема која на него во тој момент му одговарала и му одговарало според финансиските средства. Таквата опрема сега прави дополнителни проблеми, а тоа е автоматиката што треба да го регулира целото работење на системот и сега дополнително се бара огромен број дополнителни средства, прво поради неизработените договори и поради лошо поставената проектна задача. Значи кога

станува збор за оврски, овде ги гледаме обврските и од страна на изведувачот и од страна на инвеститорот, односно државата РМ. Значи, самите изведувачи ги прекинаа работите поради тоа што имаат аргументи дека обврските на државата спрема нив не се извршени и тие по писмен пат се изјаснија дека ќе ги прекинат работите,  и тоа го направија.

Понатаму, се навлезе во еден период кога останаа технички работи како што се: Муљни испусти, шахти, премини преку реки, каде што практично се влезе во зимскиот период, еден врнежлив период кога практично ништо не можеше да се направи на терен. Ние го направивме максималното што можевме да го направиме, на некој начин, да повторам, обезбедивме средства од ребалансот на буџетот, се исплатија средствата што беа достигнати до тој момент и тоа беше услов изведувачите да продолжат со работа. Тоа е максимумот што можевме да го направиме во овој момент.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господинот Гошев ќе одговори на третото прашање на г-динот Ѓорчев.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Телеком проектите ги реализираат одделните министерства, а Министерството за финансии врши само исплата по доставени извршени ситуации. Тоа го знае и господинот Марјан Ѓорчев, меѓутоа, за конкретните проекти ако прифаќа ќе дадеме дополнителна информација и во соработка со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, претпоставувам тие објекти се таму, ќе ви дадеме точни податоци до каде се и што се.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Можам да сватам дека писмено ќе одговорите на поставеното прашње.

Пратеничко прашање или прашања ќе постави г-дин Никола Апостолоски од пратеничката група на СДСМ.

Само во молам, со оглед дека има пријавени, ќе чекате додека не ве пронајдат на компјутерот.

НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ:

Првото прашање е до Владата на РМ. Во извештајот за остварување на програмата за реализација на задачите на Бирото на стопански недоволно развиените подрачја во 2002 година, кој е доставен до пратениците за нивно запознавање, констатирано е ненаменско одобрување на средства, што е во спротивност со членот 13 од Законот за поттикнување на развојот на стопански недоволно развиените

подрачја. И членот 3 и 4 од Одлуката за критериуми, висината, условите и начинот на користење на средства за поттикнување на развојотна стопански недоволно развиените подрачја, така што за 29 инвестициони проекти одобрени надвор од намените се ангажирани средства во износ од 76.320.530, 00 денари. Од извештајот на Владата може да се види дека во ова режирано партиско бинго добитници во најголем дел се подносители од општините Делчево, 6 бинга, Берово 5 бинга и Виница 5 бинга, од вкупно 29 номинации 16 бинга добиле овие две три општини, и тоа доста се застапени приватни фирми чии сопственици се истакнати членови на ВМРО-ДПМНЕ, како на пример градоначалникот на општина Делчево, неговата фирма добила Бинго во износ од околу 842.348. денари. Исто така големо бинго добила Месната заедница од с.Владимирово, општина Берово за изградба на пат, водовод и струја за објект на лицето Сежана Георгиевска во износ од 5.751.912 денари.

Прашањето е, што конкретно презела Владата со ненаменското трошење на државните пари кое е констатирано на седницата на Влдата на ден 10.03.2003 година. Може и писмен , може и усмен одговор.

Второто прашање е упатено до министерот за транспорт и врски, дали конечно после 5 години оваа година се планира завршување на изградбата на браната во општина Делчево, бидејки се работи за вложување на мали финансиски средства за да истата се заврши и конечно граѓаните од општина Делчево да ги одбегнат долгите и чести редукции на вода.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Првото прашње беше поставено до Владата во целина.

Господине Црвенковски ќе дадете одговор, или писмен одговор

БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:

Писмен одговор.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ќе добиете писмен одговор.

Второто прашање е до господинот Кошутиќ заменик на министерот за транспорт и врски.

ДЕЈАН КОШУТИЌ:

Бидејки има една цела листа на недовршени проекти од минатата година, на пратеникот ќе му доставиме писмен одговор за конкретната општина.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Зиди Џелили.

ЗИДИ ЏЕЛИЛИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувнаи претставници на Владата. Прашање за министерот за финансии. Во последно време има многу сведоштва дека еден голем број бизнисмени и други граѓани на општините Тетово, Гостивар, Дебар и Струга се одбиваат, односно не им се даваат кредити од различни банки и различни фондови кои врз основа на нивниот бизнис сакаат да ги развиваат малите и средните претпријатија. Колку Вие како министер сте информирани за овој проблем. и можеби ќе ви изгледа банално, но граѓаните прашуваат, исто така , во која држава живеат овие луѓе. Тоа го прашуваат заради фактот дека горе спомenатите градови се оставени на страна и ова е еден дискриминаторски приод на Владата.

Исто така , сакам да ве потсетам дека објаснувањето можеби е банално, се вели дека нема доволна сигурност и заради тоа не се даваат кредити за овие градови.

Второ прашање до министерот за локална самоуправа. Барам информација од Министерството за локална самоуправа во врска со тоа до кој степен се дојдени проектите на инфраструктурата финансирани од средствата на Телекомот и конкретно за проектите за општина Гостивар како што се: резервоарот за водата за пиење за градот Гостивар, водоводот за селата Чегране и Форино и други.

И третото прашање до министерот за образование, до каде стигнале разговорите околу официјализирањето на тетовскиот универзитет. Кога се работи за официјализирањето, дали ова ќе значи дека ќе се официјализира постојниот комплекс со 13 факултети, или како што почнало да се зборува  дека универзитетот ќе биде стеснет на два, или највеќе три факултети. Ова сакам да го знам јас, но верувам дека оваа тема е во интерес и на пошироката јавност, опфаќајки ги тука во прв ред и студентите на овој универзитет.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

На првото прашање ќе одговори господинот Гошев.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Прашањето е упатено на погрешна адреса. инистерството за финансии не се меша во работите на банките и не ги контролира банките кому му даваат кредити, кому не му даваат и со кои аргументи. Меѓутоа, убеден сум дека прашањето е поставено од не сосема  добри мотиви, затоа што апсолутно не верувам дека во Македонија има банка која што ги дискриминира граѓаните врз основа на етничката припадност. Банките работат според свои критериуми  за бонитетот на фирмите. Во тоа сум убеден. А знам исто така дека има десетици и стотици луѓе кои што не можат да добијат кредити и кои што информации допираат и до мене дека не можат да добијат кредити, заради тоа што банките процениле дека не можат за такви проекти да дадат кредити. А знам и стотици други луѓе кои што сакаат да земат кредити, меѓутоа условите по кои што се нудат кредитите во овој момент на тие луѓе не им се прифатливи. Така што навистина не ја гледам смислата на вакво прашање.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали сте задоволен од одговорот и дали имате дополнително прашање.

ЗИДИ ЏЕЛИЛИ:

Не сум задоволен со одговорот на министерот и мислам дека прашањето е адресирано на точна адреса, затоа што господинот министер за финансии истовремено е и заменик на претседателот на Владата на Република Македонија . Јас кога го поставив ова прашање, реков дека имам многу докази, дека еден голем број на граѓаните без оглед на нивната национална припадност се чувствуваат дискриминирани затоа што им се одбиваат барањата со кажаното образложение, дека не постои доволна сигурност во тие градови.  И одговорот на министерот да понуди некое решение организирајќи средба со сите овие банкари и со сите други различни фондови и со стопанствениците да се надмине оваа ситуација убедувајќи ги дека постои сигурност и дека и тие се градови на Република Македонија . Или доколку не постои сигурност, доволна сигурност да ја надминат оваа ситуација.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали ќе дадете дополнителен одговор.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Јас можам да кажам дека имам многу докази дека пратеникот нема докази дека банките дискриминираат по етничка основа. Но, можеме ако пратеникот инсистира ние да се обратиме од Министерството за финансии до банките па да го поставиме ова негово прашање. Ова негово прашање да го препратиме до банките и банките да дадат одговор дали навистина тие дискриминираат, или не дискриминираат. Во секој друг случај би значело мешање на политиката во работата на банките.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Меѓутоа, немаме право на приватни институции да поставуваме пратенички прашања.

На второто прашање ќе даде одговор госпоѓата Тања Алтанџиева, заменик министер за локална самоуправа.

ТАЊА АЛТАНЏИЕВА:

Со Одлука на Владата на Република Македонија на Министерството за локална самоуправа  му беа доделени вкупно 931 милион 955.480 иљади денари од средствата од продажба на АД Македонски телекомуникации за реализација на проекти од инфраструктурен карактер. Министерството за локална самоуправа беше задолжено за реализција на 67 проекти за инфраструктура во општините финансирани од доделените средства. Од наведените проекти 55 се за водоснабдување,  7 за фекална канализација, 1 проект за атмосферска канализација и 4 проекти за локални патишта. Меѓутоа, на 16-та седница на Владата на Република Македонија одржана на 3 февруари оваа година, Владата ја разгледа информацијата за реализација на телеком проектите и го задолжи Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија од градежен аспект да направи увид во реализација на овие проекти финансирани од средствата од продажбата на Телеком, степенот на реализација на истите и да подготви преглед со што да се достави извештај до Владата на Република Македонија .

Во однос на конкретниот проект за Гостивар би можеле дополнително писмено да се произнесеме.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали сте задоволен од одговорот?

ЗИДИ ЏЕЛИЛИ:

Да.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Третото прашање е поставено до министерот за образование.

Господинот Положани.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Во однос на прашањето што го постави ценетиот пратеник ќе го кажам следното. Оваа Влада е свесна за потребите за решавање на основните прашања, сигурно ќе се зафати и со овој проблем, со цел да го надмине како таков.

Под два, за такво нешто има размислување и политичка волја базирана врз принципите на кои што се востановуваат такви институции. Сигурно дека таква волја и желба има во структурата на власта и во Министерството за образование, тоа да го реши на таков начин.

Како трето, каква ќе биде и на што ќе се базира натамошната работа, сигурно дека на ова што јас велам , постоеше еден потпишан документ во кој што се содржани принципите врз база на што се планира и се намерава да се реализира оваа активност и која што е добра основа и база за работа во насока на исполнување на оваа цел.

Имено, колку факултети, колку високо образовни институции и други во тој состав ќе има, ќе произлегува од аргументиранаата потреба и од духот на принципите и спроведување на принципите кои што се веќе потпишани од страна на Комисијата , на чело со професорот Бејадини и претседателот на ДУИ господинот Али Ахмети.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Џелили дали сте задоволен од одговорот?

ЗИДИ ЏЕЛИЛИ

Делумно сум задоволен со одговорот на министерот, имајки ја предвид важноста на оваа институција на високо образование на албанците во Македонија и имајки ги предвид ветувањата на оваа Влада дека ќе продолжи да работи на принципот проблемите да ги разреши целосно, а не делумно да се надеваме дека решението ќе биде такво, какво што заслужува тетовскиот универзитет, значи едно комплетно решение и само на овој начин ќе биде разрешен долгогодишниот проблем на високото образование на албански јазик.

ЉИЉАНА ПОПОВСКА:

Збор има господинот Рафис Алити.

РАФИС АЛИТИ:

Ви благодарам , првото прашање го упатувам до министерот за одбрана, со цел подобрување на  учеството на етничките заедници, односно на албанците во АРМ. Штабот планираше три курса за подофицери и тоа по 60 кандидати за секој курс. Два од овие курса беа организирани и завршија со успех во  тренинг Центарот во Охрид. А пак третиот курс  не беше одржан. Барам образложение зошто и кога се планира тој да се одржи.

Второто прашање за министерот за внатрешни работи.

Јавноста во Македонија е запозната дека во текот на одржувањето на локалните избори 2000 година се случија многу инциденти на многу изборни места. Еден таков инцидент се случи во Кондово, каде за жал , беше убиен младиот Фатмир Јакупи. Барам од министерот објаснвуање за тоа до каде е истрагата околу овој инцидент. Ова прашање го поставувам затоа што при мојата посета на семејството Јакупи, единственото барање беше овој случај да се расветли.

Третото прашање е до министерот за здравство. Зошто во препораките за употреба на лековите не се користи албанскиот  јазик, со оглед на фактот дека низ целиот свет овие упатства за употреба на лековите се наведени на јазиците на потрошувачите. Прашање дали се превземени или се планира да се преземе нешто во оваа насока.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам, првото прашање беше до министерот  Бучковски.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Во овој момент се прават подготовките за реализирањето на планот за прием на нови подофицери албанци, бидејки сегашната бројка од 164 подофицери, само 8, 83% од вкупниот број на подофицери .

Според акциониот план за членство во НАТО кој го има подготвено Република Македонија  проектирано е во 2007 година бројот на подофицерите да биде некаде над 2600, или приближно тргнувајки од претпоставката дека најмалку 20% од овој број ќе

бидат подофицери албанци. Останува во следните 4 години да се пополни бројката 336 нови подофицери албанци.

Реалниот проблем е,  за да се спроведе курсот за подофицери треба албанците кои ќе се пријават да го имаат отслужено воениот рок. Заради актуелните проблеми за кои одговара и  доверливо на едно пратеничко прашање е и барањето начин како сето ова да се реши изнајдовме формула од сегашните албанци регрути кои се на отслужување на воениот рок и оние кои во априлската класа ќе дојдат на отслужување на војниот рок, да ја направиме првата група од 45 албанци кои ќе се обучуваат за подофицери и курсот да почне од 15 до 20 јуни, со обврска до крајот на годината да имаме уште еден курс каде што би примиле нови 45 албанци подофицери во Армијата на Република Македонија , со тоа што би ја исполниле проектираната бројка од 90 нови подофицери албанци, се со цел во крајната точка , 2007 година да го зголемиме овој број од 164 на над 500 подофицери албанци.

ЉИЉАНА ПОПОВСКА:

Господине Алити дали сте задоволни од одговорот?

РАФИС АЛИТИ:

Задоволен сум од одговорот.

ЉИЉАНА ПОПОВСКА;

Одиме со одговор на второто прашање. Господинот Хари Костов, министер за внатрешни работи.

ХАРИ КОСТОВ:

За да не згрешам во која фаза и во која постапка е случајот што пратеникот го спомна , Министерството ќе достави писмен одговор за тоа прашање.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА;

Третото прашање беше до Министерството за здравство. присутен е заменик министерот господинот Пановски.

НИКОЛА ПАНОВСКИ:

Со законот за лекови, при регистрација на лек во Македонија, било да е од домашен или странски производител, задолжително треба да се приложи упатството на оригиналниот јазик од земјата производувач и негов превод доколку е од странство, доколку е домашен, според законот за лекови се бара да има упатство на македонски

јазик. Значи, за да се регистрира лек мора да има упатство на македонски јазик. Меѓутоа, праксата покажува дека не смета ако има и на други јазици превод во тоа упатство. Со сегашната регулатива ние не можеме да бараме од производителите да даваат упатство на друг јазик освен на македонски. Колку што јас знам тоа веќе не е домен на Министерството дали во законот ќе се бара упатството да биде и на други јазици.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Алити дали сте задоволен од одговорот.

РАФИЗ АЛИТИ:

Не сум задоволен од одговорот.

Прашањето беше дали нешто се има преземено досега во тој правец и дали се има намера да се преземе нешто во иднина во тој правец, со оглед на фактот што Македонија е мултиетничка држава и има потреба и на неколку други јазици да се преведе упатството за користење на лековите, затоа што мислам дека тоа е едно прашање на хуманост.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали г. Пановски има нешто да каже.

НИКОЛА ПАНОВСКИ:

Уште еднаш ќе кажам, се разгледа таа можност и кажав дека и сега не смета односно позитивна работа е да биде упатството и на албански јазик. Тоа зависи од производителот. Ние сега не можеме да бараме, при регистрација на лек, да мора да има таков превод, бидејќи законот сега за сега е таков каков што го цитирав.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор г. Слободан Даневски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Почитувани дами и господа пратеници, министри,

Моето пратеничко прашање го упатувам до Министерството за градежништво и урбанизам.

На последниот состанок кој беше организиран во името на 34 општини од источниот дел на Македонија, беше донесено едно заедничко барање со консензус, на сите општини од источниот дел на Република Македонија, за покренување на иницијатива за оживување на магистралниот пат од Скопје спрема Свети Николе, дел до Кочани и до Струмица.

Од страна на сите градоначалници и дел на пратеници беше заклучено да се покрене иницијативата затоа што во фаза е изградба и изработка на иден проект. Мислам дека е време и момент затоа што го донесовме буџетот и овие денови сигурно ќе се врши распределба во Фондот за магистрали и регионални патишта.

Моето пратеничко прашање е упатено до Министерството за урбанизам и градежништво кога и како мисли да отпочне со делницата, она што е зацртано, патниот правец Миладиновци-Свети Николе, со реализација, затоа што во конкретниот случај, со пробивање на овој патен правец Свети Николе - Миладиновци сите корисници на тие 34 општини од источниот дел на Македонија патниот правец во еден правец се скратува за, а се рачуна за два правци некаде за 70 км. Тоа ќе значи заштеда на гориво, брзи врски и осовременување на патната структура.

Знаеме дека и оваа патна инфраструктура што постои во регионот на источна Македонија е застарена и ценам крајно време е да се отпочне затоа што поминаа многу години, постојано се ветуваше во Парламентов, но никако да се почне со изработка на оваа делница, затоа што некако источна Македонија со години е отцепена. Мислам крајно време е овој проект да влезе во изработка.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Со една мала исправка. Вие побаравте одговор од Министерство за урбанизам и градежништво, а веројатно мислевте на Министерството за транспорт и врски.

Заменик министерот г. Кошутиќ е тука.

Повелете.

ДЕЈАН КОШУТИЌ:

Министерството за транспорт и врски максимално и транспарентно во соработка со локалната самоуправа односно со градоначалниците, така што тоа и пред малку што го искажав, постои една цела листа на започнати проекти во минатото.

На пратеникот ќе му одговориме во писмена форма за конкретната делница, до каде се плановите и какви се можностите тоа да се заврши во 2003 година.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Даневски дали сте задоволен од одговорот.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Во ред нека биде и во писмена форма.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

На ред е пратеничката Роза Топузова Каревска.

РОЗА ТОПУЗОВА КАРЕВСКА:

Моето прво прашање го упатувам до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Околу 40 илја жители од целокупното население во Прилеп се занимава со тутунопроизводство, а за најголем дел од нив во осиромашениот град кој минатите 4 години токму поради сиромаштијата се најде во амбисот на очајот, тутунот претставува единствена можност за преживување.

Во овој момент поради неисплатените обврски кон тутунопроизводителите, не само тие туку и целиот град се наоѓа во неповолна и крајно неизвесна ситуација.

Поради многубројните шпекулации во јавноста поврзани со откупот на тутунот, а и поради загриженоста на тутунопроизводителите, ве молам да ми одговорите кои мерки ги презема Министерството за земјоделие за ефикасно разрешување на кризата која во овој момент го потресува целиот град.

Второто прашање го упатувам до министерот за образование и наука.

Познато ни е дека на универзитетите во Република Македонија постои голема разлика во целинит, како за студирање така и за услугите кои овие високо образовни институции им ги даваат на студентите. И не само што не постои потполна неусогласеност меѓу универзитетите, туку и во рамките на еден универзитет самите факултети имаат различна уписна и ценовна политика. Сето тоа доведува до извесна несигурност кај младите луѓе, сегашни и идни студенти, па сосема е разбирлива загриженоста на матурантите за уписната политика за следната учебна година, дотолку повеќе што сме сведоци на секојдневни лицитации за различни квоти, државна и

приватна. Во исто време веќе запишаните студенти се судираат со големи проблеми предизвикани од самоволието на некои факултите кои драстично ги зголемија цените на своите услуги, одејќе до таму што наплатуваат за досега бесплатни услуги, а уште попарадоксално е што не станува збор за услуги туку за нивни обврски кон студентите.

Моето прашање е, секако, со достојна почит кон автономијата на универзитетите, што Министерството за образование ќе преземе за да ги заштити студентите и нивниот и онака низок стандард.

Сметам дека решавањето на наведените проблеми е од приоритетно значење, со оглед на тоа што времето за уписи веќе е и премногу блиску.

Третото прашање го упатувам до министерот за внатрешни работи.

Имено за време на предизборната кампања дојде до драстично нарушување на јавниот ред и мир со повеќе часовна блокада на патниот правец Скопје - Прилеп, на преминот Плетвар и со неколку часовно брутално спречување на одржување на предизборниот митинг на Коалицијата за Македонија.

Драматичните недолижни дејанија кои се случуваа на плоштадот во Прилеп, благодарение на крајната трпеливост и чувство на толерантност на граѓаните на овој град, не прераснаа со настани на несогледливи последици по безбедноста не само на жителите од овој град, туку и на цела Македонија.

Моето прашање се однесува на тоа, кои мерки досега ги има преземено МВР кон дирекните учесници и предизвикувачи на овие настани.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Првото прашање беше упатено до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Го молам претставникот од Министерството да даде одговор на прашањето.

БЕСИР ЈАШАРИ:

Што се однесува до откупот на тутунот, јас би кажал неколку реченици за целосната состојба во државата, дека откупот е во тек и согласно Законот за тутун откупот е завршен со 78%, со тоа што откупувачите односно тутунските претпријатија ги имаме поделено во три групи меѓу кои се тие кои немаат лиценца односно средства за откуп на тутунот, тие што го почнале откупот а не отпочнале со плаќањето и во третата група се претпријатијата кои вршат откуп и имаат платено од 60-90%.

Пратеничката прашува за прилеп.

Морам да кажам дека ние како министерство имаме подготвено детална информација за Владата, а воедно и за Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство при Собранието на Република Македонија каде што се изложени сите детални информации.

Во конкретниов случај за Прилеп можам да кажам дека од очекуваните количини за откуп на ориенталниот тутун предвидени се 5.506 тони од кои е остравен откупот 5.267 тони. Исплатени средства нема досега. Ова е значи таа втора група за што нема средства.

Ние како министерство односно Влада, овие претпријатија кои нема да го исплатат тутунот, а кои имаат договор со тутунопроизводителите, најверојатно ќе има постапка за одземање на лиценците од чиста причина што истите имаат работено station наназад неколку години да не кажам неколку декади и сега немаат средства за откуп на тутунот и бараат средства од Владата односно од Министерството за финансии и Министерството за земјоделие односно Владата да биде гарант да земат средства од банките. Едноставно тоа нема да го добијат а ќе се здобијат со лиценца најверојатно претпријатијата кои од страна на министерот се спомнати во јавноста.

Средствата кои би се исплатиле, во конкретниот случај за Прилеп, најверојатно би биле очекувани од продажбата на реколтата од 1998 година што е и одлука на Владата и со тие средства, некаде околу 6 милиони средства би се интервенирало за да се заврши комплетниот откуп на тутунот во државата.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали сте задоволни од одговорот.

РОЗА ТОПУЗОВА КАРЕВСКА:

Се надевам дека тоа побрзо ќе се направи.

Задоволна сум.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Следното прашање беше упатено до министерот за образование и наука, г. Положани.

АЗИС ПОПОЖАНИ:

Еден од проблемите на високото образование сигурно е и уписната политика, како целина, а посебно разликите во таа уписна политика, меѓу одредените

високообразовни институции кога во минатата година, можеби и понапред, создаде некои проблеми кои произлегуваат од неможноста секогаш да се издадат правилни решенија и најсоодветни во однос на побарувањата на Универзитетот, за начинот и принципите на финансирање на истиот. Зависно од конкурентноста, побарувачката, веројатно и од територијалната распореденост на некои институции, понекогаш се прават обиди да се изнајдат механизми како да се привлечат што повеќе студенти. Сигурно дека тоа создава дополнителна конфузија и нелагодност кај студентите. И оваа година, сакале или не ние ќе се соочиме со проблем кој, мислам ги тангира не само студентите туку веројатно и професорите па и нас сите како граѓани во Република Македонија.

Соочувајќи се со таквата состојба и со потребата, сепак и во такви состојби да најдеме механизми и можности во тој домен да воспоставиме некој можен ред кој ќе биде таков сепак да го промовира квалитетот на работата на студентите, како главна референтна точка, визави потребата и можноста тој да биде вклучен во високообразовниот процес и начинот на кој тој ќе треба да биде вклучен.

Ние како Влада имаме ингеренции и можност, нормално преку Министерството, да влијаеме на критериумите на студентите кои се дел од квотата што се финансира за потребите на државата. Во делот, поради нивните потреби, веројатно аргументирани, се дел кои се во т.н. вон државна квота и што партиципираат во студиите, мислам дека според законот надлежен е Универзитетот со своите органи. Така, веројатно, чувствувајќи ја потребата за една хармонизација и во склоп на взаемните јавни одговорности во високото образование, се надевам дека ќе најдеме решение на кое и сега работиме да ги усогласиме, до каде е можно овие политики односно уписната политика и таа да биде во функција на соодветно вклучување на студентите во овие институции, а притоа, нормално, квалитетот на студирањето ќе биде принцип кој ќе определенува кој ќе биде во државна квота, а кој ќе може да студира и со таа другата квота. Веројатно, цените на таквите квоти не би требало да бидат произволни туку сигурно треба да бидат базирани врз аргументи, норми и стандарди за кои ние како Министерство сме спремни да придонесуваме во тој правец.

Се надевам дека и Универзитетот или универзитетите, уште еднаш да кажам, во склоп на взаемните јавни одговорности за текот на високото образование, ќе најдеме начин како оваа политика да ја хармонизираме и да не се прават барем непринципиелни грешки во однос на пристапот кон високото образование, без разлика за кој универзитет се работи.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Госпоѓо Каревска дали сте задоволна од одговорот.

РОЗА ТОПУОВА КАРЕВСКА:

Задоволна сум.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Третото прашање беше упатено до министерот за внатрешни работи господинот Хари Костов.

ХАРИ КОСТОВ:

За блокадата на патот спрема Прилеп, за време на изборната кампања, пред парламентарните избори 2002 година, од податоците со кои располага МВР, постојат службени белешки во Министерството со кои се идентификувани поголем број на учесници на извршената блоката и по тој основ се поднесени и кривични пријави, фактички од претходната Влада односно претходниот состав на МВР.

Натамошната постапка е во рамките на Јавното обвинителство. Според тоа за да нема дополнително прашање спрема јавното обвинителство, ние ќе обезбедиме податоци од обвинителството, до каде е таа постапка и ќе информираме во тој дел до каде е стигнато.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Госпоѓо Каревска дали сте задоволна од одговорот.

РОЗА ТОПУЗОВА КАРЕВСКА:

Задоволна сум и би сакала да бидам информирана за текот на понатамошната постапка.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

На ред е г. Фатмир Асани.

ФАТМИР АСАНИ:

Почитувана потпретседателке, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата,

Моето прашање е упатено до министерот за образование и наука.

Иако до крај на оваа школска година останаа уште 70 дена, сеуште не е направен ниту еден чекор за осигурување на школски објект за учениците албанци во средното училиште во Куманово.

За жал, Владата или поконкретно речено Мнистерството за образование се покажа крајно неспособно, не давајќи излез од оваа тешка ситуација низ која поминува средното образование на албански јазик во општината Куманово.

И порано сум барал одговор од министерот за образование околу разрешувањето на овој проблем, меѓутоа тоа досега тоа не се случило.

Неколку решенија кои се понудени, ова го давам врз основа на информациите од дневниот печат, се покажаа дека не се ни најмалку сериозни. Цела оваа работа се дава малку на шеговит начин. Но, тежината на проблемот бара итно решение. Мислам дека ќе нема време за игра. Затоа уште еднаш го упатувам прашањето до г. министер за образование, дали имате намера да ја затворите оваа рана на образованието на албански јазик, средното образование на албански јазик во Куманово. Кога ќе го разрешите проблемот со недостаток на школски објекти.

Прашање на министерот за транспорт и врски. Граѓаните на општина Липково откако поминаа две години од меѓуетничкиот конфликт, сеуште немаат телефонски врски, односно телефонски линии. Фиксната телефонска мрежа за време на кризата беше оштетена, но и до ден денеска таа мрежа не е поправена. Треба да ве потсетам дека инсталациите и приодот од телефонската мрежа во оваа општина, освен со претплатата беше потпомогната и со партиципацијата на граѓаните во оваа општина. И покрај многуте ветувања на Телекомот и на соодветното министерство сеуште ништо не е преземено да биде поправена телефонската мрежа.

Според експертите, сега најголемиот дел на оваа мрежа, а посебно кабловската инсталација, односно подземната кабловска инсталација не е оштетена и треба да биде поставена една нова нова телефонска централа и со мали поправки на мрежата може повторно да работи.

Го прашувам министерот на овој ресор кога се очекува граѓаните на општина Липково повторно на располагање да ги имаат нивните фиксни телефони.

Трето прашање и прашање за министерот за внатрешни работи. Како што сите знаат во селото Сопот - Кумановско инцидентите што станале заради експлозија на едно експлозивно тело, без вина на граѓаните, тука настрадаа двајца учесници на Мисијата и тоа и служело на македонската полиција за малтретирање, тепање и

насилнички акти кон невината албанска популација. Според моите информации од теренот на овој политциски терор биле жртва околу 20 албанци.

Го прашувам министерот за внатрешни работи што преземало ова Министерство во врска со надминувањето на компетенциите и колку се преземени мерки кон полицијаците македонци, кои имале насилночно однесување кон жителите на селото Сопот од Куманово.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор господинот министер за образование и наука Азис Положани.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Проблемот со образованието во Куманово врзано е и со основното и средното образование. Настана поради познатите причини и се создадоа такви околности кои што нормално е дека не се секогаш лесни да се решаваат. Да беа така лесни ќе ги решаваа и другите пред нас, а јас незнам дали е точно дека не е направен никаков чекор понатаму во тоа, затоа што и самиот пратеник рече дека се понудени некои решенија, значи сепак е направен чекор, се работи во таа насока. Сме кооперативни и секогаш со тие што се навистина засеганти со овој проблем, со кои што сигурно и јас сум во контакт и сугурно е дека кога се работи за децата било јас, било кој друг овде, вклучувајќи ги и пратениците не е никогаш многу да се направи уште повеќе. Затоа, ги повикувам сите, вклучувајќи ме и мене дека има простор, има можност, има потреба да се направи повеќе кога се во прашање децата. Практично, решенијат што ние сме ги нуделе како привремени решенија во Куманово, мислам деак се прифатливи на принципите на кои што на почетокот ги зацртавме, а тоа беше дека мора решението да биде на начин на кои ќе се создадат поповолни околности за учење како за учениците во основните училишта Бајрам Шабани, значи да се избегне таа трета смена бидејќи непедагошки е и несоодветно, неадекватно решенијата да не одат во насока и да нема никаков ризик по учениците, која се сеќаваме беше главна причина зошто дојде до оваа прилика, значи, не смееме да направиме некој чекор и не сме сигурно дека може да ни се случи некоја случка која би била ризична за учениците и мене како министер за образование ми е многу важно и како трето, решението да биде такво да биде инфраструктурално можно да може да се реализира. Затоа, четврто, сигурно е дека реализацијата на овој проект не би требало да задира и во правата на другите, кои исто така се жители во Куманово. Затоа што мислам дека решенија што привремено ги предлагаме, работиме заедно за доброто

на децата таму, тие треба да се сместат во тие простории и во тие училишта каде има простор и можност и педагошки е прифатливо до крајот на оваа година и така да се солободат основците во двете училишта од таа напорна агенда што ја имаат во однос на нивните школски задачи, а воедно и средношколците да имаат доволни услови, сигурно не идеални, но доволни услови тоа да го искористат за поквалитетна настава.

За тоа решение мислам дека сме известиле и родителите и пратениците и сите други заинтересирани, за што јас сум спремен да им се заблагодарам на сите позитивно што позитивно придонесуваат за оваа насока и сигурно како што реков напред има простор уште да се помогне во овој аспект, и сугурно е дека работиме паралелно на 2/3 од проблемите за кои размислуваме како можност да се прошират капацитетите, како за основното, така и за средното образование во Куманово, затоа што очигледно таму некои работи се од објективни потешкотии од неадекватен простор и во квантитет за учениците за кои што ние сме припремиле и проект и почната е процедурата, но сигурно е дека таков еден потфат не може да се реализира преку ноќ, за што се свесни се надевам сите во овој контекст и се надевам идејното решение што пред неколку дена е испратено таму да се прифати конструктивно добро за сите таму и ќе бидат прифатени од сите, затоа што секое одупирање, секоја непринципиелна блокада на таков тек на работата, мислам од одредени структури, само со една дисперзија која не е врзана со прашањето на пратеникот, но користам прилика тоа да го укажам, да кажам дека тие што ќе го блокираат ова прашање веројатно ќе треба да ја сносат и одговорноста од нерешавањето на таквите моменти и не може веќе Министерството да биде обвинето за нерешавање и неадекватни чекори во оваа насока, но сигурно ние ќе имаме потреба тоа да го пласираме и во јавноста да видиме како и кој уште ја гледа во учениците можноста, или во родителите или во училишните одбори од друга страна, да го гледа овој концепт како многу поволен за промоција на политички дури би рекол и на порадикални прашања кога се работи во односот на меѓуетничките односи.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Асани, дали сте задоволни од одговорот?

ФАТМИР АСАНИ:

Не сум задоволен од одговорот, со оглед на тоа што министерот ќе ја сноси својата одговорност, затоа што ние сме родители, имаме таму деца, тој е министер кој и

пред Нова година рече дека за 10 дена ќе го разреши овој проблем и ќе најде соодветно место каде што ќе учат учениците.

Тие чекори што се превземени не се добри и не се приемчиви за родителите на кумановските ученици и не се добри решенија. Тој и луѓето околу него рекоа дека за 10 дена ќе го разрешат проблемот на учениците во средно образование во Куманово и вистина е дека има слободни училишта во Куманово и тој ги знае многу добро и треба да има сила и да не го прашува никого, со оглед нат оа дека е министер и дека треба да ја заврши оваа рана во образованието во Куманово.

Го прашувам за колку време ќе се разреши. Можеби ќе трае 10 - 20 години, дали ќе бидеме тој и јас живи да го доживееме залечувањето на оваа рана.

АЗИС ПОЛОЖАНИ:

Мислам дека не е точно јас ја префрлувам одговорноста, поготово на родителите албанци и учениците албанци. Кога зборувам за родителите, не реков дека се однесува тоа на тие што пратеникот ги спомна, туку има од секаде и од сите страни понекогаш такви сегменти кои што јас повторно ќе се обидам да кажам дека неодговорно се однесуваат према еден така деликатен и чувствителен елемент, а уште еднаш кажувам дека тоа не е точно дека тоа се работи заради тоа што пратеникот сака тоа да го нагласи. Јас ќе направам дигресија што не е врзана со пратеничкото прашање.

Мислам дека на пратеникот му е јасно и јас верувам дека и тој сака да го реши тој проблем, а веројатно тој ќе каже малку повеќе од мене, затоа што е од Куманово, а јас мислам дека ништо помалку од него, не би сакал да бидам сфатен погрешно, сигурно дека како што тој сака и јас сакам овој проблем да биде решен на адекватен начин. Мислам дека јас не би требало да употребувам термини и слогани кои што ќе бидат во функција на некоја политичка промоција, јас кажав дека тоа е чувствителен и деликатен момент, каде што Министерството за образование, како што рече и пратеникот треба да има сила, сигурно има сила Министерството за образование, но тоа е силата на аргументот и моралната сила, а Министерството за образование нема и друга сила и секогаш се базирал врз овие принципи кога му приоѓа на решавањето на проблемите кои што не мора и не треба да бидат и да значат фактички и други аспекти.

Затоа мислам дека, односно јас ја делам загриженоста на пратеникот и на сите други врзани за овој проблем, но сигурно е дека ние сме сериозни и секојдневно вклучени во проблематиката и сакаме да изнајдеме решенија кои што веќе ги знаат и родителите, ги знаат и наставниците и професорите и како такви тие беа на еден

состанок, со што и беше потпишан еден документ од двете страни да кажам сега условно и од заинтересираните за албанска настава и од македонска настава, така што тој документ беше потпишан и мислам дека таквиот начин на решавање навистина е конструктивен во позитивен придонес кон ова чувствително прашање.

Сигурно велам дека на времето ние сме изготвувале и еден проект, а ги правиме и другите чекори кон оваа работа и инвестициите во Куманово, сигурно дека се предвидени да почнат да се реализираат оваа година, со што мислам дека треба да бидеме малку поконструктивни и поискрени во таа насока и ќе можеме да го постигнеме тоа во одреден термин.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Второто прашање беше до Министерството за транспорт и врски Дејан Кошутиќ.

ДЕЈАН КОШУТИЌ:

Врз основа на претходно искажаното дека Министерството за транспорт и врски има транспарентност кон локалната самоуправа пред 15-тина дена имавме средба во организација на градоначалникот од Куманово, средба помеѓу раководството на Министерството за транспорт и врски и претставниците не само на локалната самоуправа на Куманово, туку и претставниците на месните заедници од околината на Куманово, при што во составот на тој состанок се гледаше претставниците месни заедници да бидат од мешан етнички состав.

Од тие причини проблемот и со липковскиот крај и проблемот со телекомуникациските врски кои ги спомна пратеникот, се влезени во листата на проблемите од кумановскиот крај, така да на пратеникот ќе му доставиме информација во писмена форма до каде е во поедините сегменти стигнато со извршување.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали е задоволен пратеникот од одговорот?

ФАТМИР АСАНИ:

Ќе чекам да ми биде одговорено писмено и тогаш ќе се изјаснам дали сум задоволен или не.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Третото прашање беше упатено до министерот Хари Косов, министер за внатрешни работи.

ХАРИ КОСТОВ:

Во врска со случајот со Сопот, јас би се задржал на она што е за сега фактичка состојба со тој настан.

Имено, факт е дека пред скоро неполн месец дена на тоа место имаше експлозија во која трагично настрадаа двајца припадници на НАТО силите од Полска, полскиот контингент веќе да речеме на лице место, затоа што не го издржаа ни транспортот до болницата и после недела дена почина уште еден државјанин ан Република Македонија, постар човек, над 70 и нешто години.

Полицијата мора да презема истражни мерки за да утврди што се случува. Факт е дека и првата реакција и само од она што утврдивме фактички е дека таму беше поставена таканаречена сендвич бомба, односо сврзани две бомби една со друга. Иако имавте во јавноста веќе првиот нареден ден реакција на меѓународната заедница, претставена преку НАТО опција и т.н., дека нивното верување дека е тоа трагичен случај, факт е дека набргу после 10-тина дена дојде и до промена на нивното мислење, затоа што од она што можеше барем досега да се утврди, додека колоната, односно додека возилата се движеја во еден правец, бомбата не беше поставена на тоа место, додека на враќање по попратниот правец, беше значи поставена бомба, извршена експлозија и така настанаа овие жртви.

Според тоа, веќе и кај претставниците на НАТО, затоа што полицијата веќе од првиот ден рече дека независно од мислењето на НАТО и ОБСЕ, дали е тоа трагичен случај, ние ќе преземе дополнителни активности околу утврдувањето каква е позадината на таа експлозија. Факт е дека после 10-тина дена имате промена и на ставот на НАТО и на другите институции дека се работи за планирано, намерно поставување на екслозивни направи.

Според тоа, полицијата мора да презема соодветни истражни мерки. Јас, иако ги разбирам, понекогаш, желбите и за политички маркетинг или за употребување на незадоволство можеби разврт на настаните како сега се случува на етничка толеранција и тн., па по секоја цена се предизвикуваат некои нетрпеливости сепак имајќи ја предвид чуствителноста на состојбата во РМ би побарал поразумно однесување.

Прво, постои јасна наредба уште кога ја презедов функцијата која што сега ја вршам, исратено е до сите СВР во РМ дека припадниците на полицијата мора да се однесуваат во рамките на законските прописи и дури при употребата на средствата на присила да го применуваат само тоа што следи според законот.

Според тоа, не може да се зборува  за малтретирање, на терор, за тепање кога некој е само повикан во полициска станица за добивање на информации и вршење на разговор. Впрочем и јас во 2000 година, бев повикан во полициска станица, па не велам дека некој ме малтретирал, ме тероризирал. Впрочем и други кривични пријави во моментот се одвиваат во кои и полицијата презема мерки, во кои Обвинителството презема мерки, па не сме имале случај на паушални изјави дека некој се малтретира, се тепа, или е тоа насочено само спрема припадници на албанскиот народ.

Би молел да не доаѓа до такви злоупотреби и целокупната постапка, постои јасно регулирана постапка кога некое лице кое е повикано на разговор во полицијата заради добивање определени информации доколку било злоупотребено од страна на полицијата, средствата за присила, постои јасно регулирана постапка дека лицето кое се смета за оштетено или над кого било применувани такви средства треба да поднесе пријава, треба да поднесе наод од лекар дека таква работа се случила а не само да имаме изјави дека некој бил малтретиран.

Според тоа, моите податоци се дека беа повикани на разговор во полициската станица во Куманово околу 6 луѓе а не 20 и до сега од никого немаме покренато такво прашање, барем по постапка која е регулирана, значи со соодветна пријава, со соодветен лекарски преглед, немаме покренато такво прашање.

Луѓе од местото Сопот беа и кај заменикот министер за внатрешни работи, господинот Дехари и од негова страна им е укажано која е постапката доколку некој смета дека такви средства се употребени.

Би сакал да укажам дека не само таа наредба што Министерството ја даде во ноември минатата година, туку и практично за секој случај каде има пречекорување на овластувањата на полицијата, Министерството ќе ја спроведе соодветната постапка која е предвидена околу тоа значи околу докажување и тн. Имавме два случаи на испитување дали полицијата применила правилни овластувања во случајот со ромите во Прилеп и Куманово и ви гарантирам дека независно од националната припадност на било кое лице за кое ќе се докаже дека се применети средства за присила или овластувања над она што полицаецот го има дека соодветна постапка ќе биде применета.

На крајот, до сега не се применети за било кој полицаец од СВР Куманово затоа што фактички пред МВР во овој момент нема никаква пријава, изјава, наод од лекар за изршено малтретирање и тепање на личности кои беа повикувани во врска со случајот Сопот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Асани дали сте задоволни од одговорот?

ФАТМИР АСАНИ:

Да.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

На ред е господинот Драган Ѓорѓиев.

ДРАГАН ЃОРЃИЕВ:

Почитувана потпретседтелке, почивувани членови на Влада, дами и господа пратеници.

Моето пратеничко прашање се однесува до министерот за труд и социјална политика иако директно ги засега и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Фондот за пензиско и инвалидско и здравствено осигурување на Македонија.

Имено, имајќи ја предвид законската обврска на индивидуалните земјоделци за плаќање на придонесите за пензиско-инвалидско и здравствено осигурување и многу нискиот процент на уплата од нивна страна како на пример во струмичкиот регион годишно треба да се уплатат од страна на индивидуалните земјоделци средства во висина од 66 милиони денари додека вкупниот ненаплатен износ по тој основ само за пензиско и инвалидско осигурување во последните неколку години изнесува сума во висина од 480 милиони денари. Овие два податоци сами по себе зборуваат дека е огромен бројот на индивидуалните земјоделци кои ги немаат платено овие придонеси за пензиско, инвалидско и здравствено осигурување за повеќе од неколку години.

Поради овие неподмирени придонеси индивидуалните земјоделци се соочуваат со следните проблеми. Тие не можат да го продаваат, односно отуѓуваат, не можат да го поклонуваат сопствениот имот без да го уплатат целиот заостанат износ. Главниот проблем со кој се соочуваат индивидуалните земјоделци е слениот:

Индивидуалните земјоделци не можат да го остварат правото на пензија и тогаш кога го исполнуваат условот за старосна пензија, а во исто време го исполнуваат условот со 15 години работен стаж, односно имаат плаќано повеќе од 15 години, за придонеси за пензиско-инвалидско и здравственон осигурување заради тоа што ги немаат платено придонесите во последните неколку години,а законски се обврзани да го имаат подмирено целиот износ по основ на пензиско и инвалидско осигурување до денот на добивање на пензијата.

Овде треба да се нагласи дека сите наши граѓани освен индивидуални земјоделци со над 15 години работен стаж и со исполнување на старосната граница за одење во пензија го остваруваат правото на пензија без дополнителни законски обврски.

Имајќи ја предвид генералната политика на нашата Влада за промовирање на развојот на земјоделството како стратешка гранка на нашето стопанство го поставувам следното прашање:

Кои мерки ќе ги преземе нашата Влада и кои мерки би ги презела во иднина нашата Влада за да ги привлече и стимулира индивидуалните земјоделци редовно да почнат да ги уплаќаа придонесите за пензиско и инвалидско осигурување и здравствено осигурување и тие да се почуствуваат како дел од една добро организирана програма и стратегија преку која ќе ги остваруваат своите интереси и права.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Прашањето беше упатено првично до министерот Манасијевски а потоа и земјоделие би требало да се произнесе.

Повелете господине Манасијевски.

JOВАН МАНАСИЈЕВСКИ:

Сите придонеси мора да се плаќаат било да се работи за фирми, претпријатија, било да се работи за индивидуални земјоделци заеднички Министерството за труд и социјална политика, за економија, за здравство, и за финансии овие денови развиваат еден оперативен план кој се однесува на претпријатијата за начинот на плаќање на заостанатите придонеси и многу блиску сме до едно решение што ќе биде плаќање на тековниот месец и еден заостанат месец.

Во оваа прилика би можел да кажам дека слично вакво решение ќе се испита и во врска со индивидуалните земјоделци затоа што и културата и елементите за следење на плаќањето на придонеси Владата и соодветните фондови мора да ги зајакнат затоа што пратениците беа свесни дека при усвојувањето на овој буџет од година во година дефицитите во овие фондови растат и растат буџетските позиции за трансфер, за пополнување на овие дефицити.

Поширока информација, бидејќи пратеникот реферираше само на проблемот на Струмица и околината, меѓутоа, тој проблем го имаат и земјоделците од другите краеви ќе доставиме писмено за наредната седница на Парламентот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Ѓорѓиев дали сте задоволен од овој дел од одговорот?

ДРАГАН ЃОРЃИЕВ:

Само податоците беа од струмичкиот регион, но прашањето беше на ниво на цела Република.

Проблемот е околу остварување на правото за пензија, бидејќи индивидуалните земјоделци на пример во денот кога го исполнува условот на старосна пензија и има повеќе од 15 години заради тоа што нема платено придонеси за неколку месеци, не може да го оствари правото на пензија и не добива пензија, а со текот на времето кога ќе поминат година, две или три од денот кога го има задоволено овој услов пак продолжува задолжувањето.

Задоволен сум од одговорот на министерот дека во иднина таа проблематика ќе биде разгледана.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Другиот дел од прашањето ќе го одговори заменик министерот за земјоделие.

БЕСИР ЈАШАРИ:

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за во иднина имено се работи за 2004 година ќе  ги преземе следните мерки.

Согласно одредбите од Законот за земјоделско земјиште како и одредбите на договорот за долгорочен закуп Министерството е во постапка со извршување на ревизија на користење на земјоделско земјиште кое е во државна сопственост.

Имено, се работи за инцијатива која ќе биде преземена од страна на Министерството за да овие големи површини од неколку стотици хектари кои ги користат претпријатија и индивидуални производители не ги обработуваат во потполност или делумно се обработуваат така што Министгерството ќе предложи на Владата на РМ да донесе програма за одредени категории на социјално необезбедени лица. Тука подразбира земјоделци без сопствена земја, стечајни работници и лица чиј работен однос е престанат по основ на технолошки вишок, невработени лица како и лица пријавени во Заводот за вработување и кои се пријавени за социјална помош.

Со овој сегмент Министерството би интервенирало на тоа што се вика невработеност, а воедно би кажал дека со вакви постапки Министерството ќе ги почитува законите на ЕУ каде стои дека секој индивидуален земјоделец ќе прима субвенција односно стимулација која ќе оди директно кај него врз основа на тоа колку земјиште поседува и врз основа на тоа колкав е бројот на добитокот така што тие мерки би биле тие кои лќе ги стимулираат земјоделците во иднина и кои мерки ќе одат директно кај нив

односно средства, а не како досега дел од средствата ги зеле претпријатијата кои вршеле извоз на земјоделски производи во странство.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Ѓорѓиев дали сте задоволен од одговорот?

ДРАГАН ЃОРЃИЕВ:

Да, задоволен сум.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Збор има господинот Орданчо Тасев.

ОРДАНЧО ТАСЕВ:

Првото прашање е упатено до Владата на РМ имено, со парламентарните избори кои беа спроведени на 15 септември 2002 година дојде до промена на власта т.е. сегашната власт ја сочинуваат СДСМ заедно со нејзините коалициони партнери ЛДП и ДУИ.

Со оглед на тоа дека во текот на изборната кампања од страна на партиите кои сега се на власт особено СДСМ и ЛДП беше ветено во делот на вработувањето дека ќе бидат обезбедени нови вработувања и тоа најмалку по еден од семејство.

Моето прашање гласи:

Прво, колку, заклучно со 15 ноември 2002 година имаше вработено во Република Македонија по сите основи т.е. вработени по основ на неопределено време, договор за дело и договор на определено време и тоа како во јавниот сектор така и во приватниот сектор односно приватните претпријатија. Кој е тој број на вработени по преземањето на власата од страна на СДСМ, ЛДП и ДУИ.

Второ, колкав е бројот на вработените по сите основи од промената на власта до сега со посебен акцент на ангажираните нови надворешни соработници со договор за дело во министерствата, Владата и јавните претпријатија од ноември 2002 па до денес. Тоа е првото прашање.

Второто прашање е повторно до Владата барам, по можност, устен одговор на денешната седница по неколку прашања кои се поврзани со спроведениот попис на населението и имотот во РМ.

Имено, минатата 2002 година беше спроведен одложениот попис кој требаше да се спроведе во мај 2002 година, но од познати причини на сите нам во РМ беше одложен за втората половина од годината.

Пописот заврши, но резултати од пописот до сега не се објавени иако денес во ерата на компјутеризација тие можат да се објават за неколку дена.

Беше кажано дека конечните резултати ќе бидат објавени на 20 јануари 2003 година, но тоа не е сторено и по проток од 6-7 месеци до ден денес. Прашањето би било следното:

Зошто до ден денес резултатите од пописот во РМ не се објавени во целост.

Второ, ако не е можно обработката на целокупните податоци од пописот и нивното објавување барам сега на оваа седница да се објават барем резултатите од пописот во поглед на населението тоа е бројната состојба и пописот на населението по национален состав т.е. македонци, албанци, турци, власи, роми, бошњаци, срби и сите други националности кои живеат во РМ.

Со оглед дека имаме непотврдени податоци, но веројатно се точни дека припадниците на албанската заедница има само 5% што би значело тоа доколку овој податок е точен во поглед на натамошната имплемантација и спроведување на Охридскиот договор т.е. Уставот особено во делот на употребата на албанскиот јазик во институциите на државата.

Третото прашање се однесува до министерот за внатрешни работи до господинот Хари Костов, дали полицијата ќе продолжи да го толерира работното време на кафулињата чии посетители се функционери на СДСМ и дали тоа не е дискриминација и нееднакво применување на законите врз сите граѓани на РМ. Дали значи дека во некое од кафулињата и баровите каде се наоѓа на пример господинот Бранко Црвенковски, Радмила Шеќеринска или некој друг припадник на СДСМ дека на сопствениокот ќе му се гледа низ прсти во однос на непочитувањето или почитувањето на работното време.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Двете први прашања беа до Владата, па дали потпретседателот ќе одговори.

Има збор господинот Гошев.

ПЕТАР ГОШЕВ:

За вработувањата по месеци ќе му подготвиме на пратеникот писмена информација.

За инсинуациите за зголемување на бројот на вработени во јавните претпријатија, соработници по договор ќе му кажам дека бројот на вработени се намалува и бројот на тие што се вработени по договор се намалува и уште ќе се намалува заради нештата за кои зборувавме овие два три дена.

За вработувањата по месеци ќе добие комплетна информација. И за периодот пред тоа, пред доаѓањето на Владата и по доаѓањето.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Тасев дали сте задоволен од одговорот.

ОРДАНЧО ТАСЕВ:

По однос на првото прашање ќе ги чекаме тие податоци, но сакам краток коментар, мислам дека не се работи за инсинуација кога бараме податоци и какви се тие, јас сметам дека тоа не е инсинуација едноставно како пратеници имаме право да ги имаме тие податоци.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

И за второто прашање дополнително ќе добиете одговор.

Сега прашање до министерот за внатрешни работи господинот Костов.

ХАРИ КОСТОВ:

Прво незнам колку пратеникот Тасев е информиран, меѓутоа, МВР не прави никаква разлика кој е гостин во определено кафуле, ресторант кое работи вон работното време предвидено со Законот и Правилникот.

Впрочем, можеше да види дури за она кафуле во кое беше во некои од медиумите наведено дека премиерот со определени луѓе останал определено време подоцна од работното време дека против сопственикот на кафулето исто така беше поведена прекршочна постапка од страна на МВР.

Според тоа, Министерството поведува постапки спрема објектот, сопственикот на обејктот, односно во рамките на законската постапка тој е одговорен, а не дали имало гости внатре и тн.

Според тоа, и за тој објект и за сите други Министерството нема да прави никаква разлика кој е гостин внатре дали е од оваа или онаа партија, од оваа или националност, туку пред Министерството постои само Законот и Правилникот кои тоа го регулираат.

Впрочем, со оглед на тоа што и во некои други медиуми се појавуваат точни или неточни информации, дали во некои ресторани имало други личности итн. Министерството минатата недела уште еднаш достави присмена наредба до сите СВР дека мора доследно да се почитува Правилникот и Законот, независно од тој кој се наоѓа во локал, кафуле, ресторант итн. Мора да се почитува тоа што е предвидено со закон.

Мислам дека само треба да биде јасно дека Министерството не може да поведува постапка за лица што таму биле присутни. Може да поведува постапки против сопственикот на ресторанот, кафулето итн. Доколку тој го прекршува работното време со продолжување на работното време и на објектот.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Тасев, дали сте задоволен од одговорот.

ОРДАНЧО ТАСЕВ:

Му благодарам на министерот за исцпната информација. Се надевам дека ќе биде дециден, доследен ова денеска што го кажувам дека ќе биде еднакво за сите кафулиња, за сите барчиња, ќе имаат еднаков третман независно од припадноста, дали припжаат на оваа или на онаа партија, едноставно сметам дека тоа ќе го спроведат во дело. Ако е тоа така, ќе биде добра работа на граѓаните на Република Македонија.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам колеги.

Бидејќи е веќе 14,00 часот, веќе измина предлагам да направиме пауза.

По однос на пописот министерот кажа дека ќе одговори писмено на Вашето прашање.

Продолжуваме со работа во 15,15 часот.

(седницата со работа продолжи во 15,25 часот).

Молам, министрите и пратениците да влезат во салата да почнеме со работа.

На ред е пратеникот Славе Арсовски.

СЛАВЕ АРСОВСКИ:

Сакам да поставам две конкретни прашања.

Првото прашање се однесува до министерот за транспорт и врски кога ќе се објави конкурсот за станови за Гостивар.

Кратко образложение, Владата на Република Македонија како што знаете донесе одлука за поништување на распределбата на социјалните станови што ги изврши минатата Влада и според мене од оправдани причини, бидејќи не беа запазени сите критериуми.

Сега конкретното прашање, бидејќи таа одлука се однесуваше за сите изградени или непочнати за изградба социјални станови во Република Македонија, е сега конкретно за Гостивар, можеби е единствен случај, сите 42 стана се завршени и зградата е дадена во употреба. И затоа прашањето се однесува кога ќе се објави конкурсот за Гостивар да не се чека анблок сите станови, можеби и некои не се и започнати, да се изградат, па тогаш се објави тој конкрус.

Второто прашање е наменето до заменикот министер за животна средина и просторно планирање.

Кога ќе се донесе законот за национални паркови?

Кратко образложение. Долго време одредени државни институции од државен карактер сепак функционираат врз акти и прописи шКто вашеле за друг систем. Ваквите институции не можат да функционираат на тој начин каде што како органи на управување се јавува сеуште централен работнички совет, работнички совет по подружници итн. Би сакал да знам кога ќе се донесе Законот за национални паркови во Македонија.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Првото прашање беше поставено до Министерството за транспорт и врски.

Повелете господине министре.

МИЛАИМ АЈДИНИ:

При поништување на огласот за социјални или станови за луѓе со ниски примања, сме решиле тие огласи да ги објавиме кога станбените единици ќе бидат готови. Точно дека во Гостивар станбената единица е готова, но сеуште не е предадена во употреба затоа што лтаму се диво вселени неколку од граѓаните на Гостивар. Оваа станбена единица не е предадена на ЈП за стопанисување со станбен и деловен простор. Кога ќе биде предадена во употреба или ќе се регулира проблемот со дивовселените во станбената единица во Гостивар, во истиот момент или тие денови ќе биде објавен оглас со одредени критериуми што треба да ги исполнуваат луѓето кои ќе конкурираат.

Тоа не се социјални станови. Да не ме сфатите погрешно, тоа се станови за луѓе со ниски приходи, а не социјални. Тие ќе бидат под кирија на одреден период, а потоа ќе имаат можност да го купат станот со одредени бенифиции.

Одговорот би бил, аогласот за станбената единица во Гостивар ќе се објави кога ќе се расчисти состојбата со диво вселените и кога инвеститорот ќе го добие празен тој станбен објект. До тогаш без да се расчисти таа состојба, не би сакале да објавиме оглас, па потоа да се јавуваат разни проблеми. Вака, ќе можат сите да конкурираат во таа станбена единица, но кога ситуацијата ќе биде чиста, а становите празни.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали сте задоволен од одговорот.

СЛАВЕ АРСОВСКИ:

Да.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Прашањето поставено до Министерството за животна средина ќе биде одговорено по писмен пат бидејќи нема кој да одговори. Ја задложуваме Владата и Министерството да достави писмен одговор.

Збор има господинот Џевдет Насуфи.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Дами и господо,

Вистина е како Владата, така и опозицијата, така и граѓаните на Република Македонија се заинтересирани да имаме позитивна рамнотежа на меѓуетничките односи на Република Македонија. Меѓутоа, за жал одредени одлуки и делувања на Владата не одат во оваа насока. Во ваков случај посебно би сакал да истакнам дека од моментот на конституирањето на Владата---

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ве молам, до кога поставувате прашања.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Нека биде до Владата.

Мислам дека со недавањето на трите клучни министерства: одбрана, Внатрешни работи, надворешни работи, посебно претседател на Парламентот, со недавање на ниту едно место од тие на Албанец, се изрази високо ниво на недоверба и за жал тоа воопшто не оди во интерес на тоа што го кажав претходно.

Усвојувањето на Програмата за акција на имплементација на Охридскиот договор нема ниту временска рамка, рокови, ниту динамика, нема ниту предвидени средства за имплементација, нема ниту носители, конкретни носители на одговорности и како таква поставува на ниво на еден манифест, политичка декларација што секого обврзува, но не содржи одговорности. Практично не обврзува никого.

Има една појава што се манифестира во последно време, а тоа е системот на надгласување. Тоа е најлошиот начин што нанесува голема штета на создавање недоверба, меѓуетничка недоверба. Тоа се случи и со усвојувањето на Законот за органите за внатрешни работи или во однос на Законот за жртвите на безбедносните сили во текот на конфликтот. Се направи една дистинкција во техничка основа и за жал едновремено се гласаше исто така на етничка основа. Истото се случи и со Буџетот. Истото се случи и со Законот за патни исправи. Сите овие, за жал, се повторува историјата во негативен аспект, што се спроведуваше и од поранешната Влада на

господинот Црвенковски но за жал и многу пред тоа. Истото се случи и со поделбата на средства од околу 100 милиони денари за локалната самоуправа. Само 2% беа дадени на локалната самоуправа, за општини најмногу населени со Албанци.

Овие случаи ги спомнав да поставам едно прашање на Владата, дали ова е начин преку кој може да се надмине нетолерантноста, меѓуетничката што за жал е на високо ниво и дали е можно на овој начин да се поврати взаемната доверба, како една основа врз која може да создадеме една сигурна иднина за сите нас. Дали Владата мисли дека овој пат, овој курс, дали има намера да го промени и како тоа мисли да го направи, со кои средства? Прашањето е поставено до Владата.

Прашање за господинот Гошев-децидно во усвоениот Буџет од пред неколку денови поделивте средства за 600 полицајци. Дали тоа е насочено за припадници на немакедонците, бидејќи се изразува сомнеж дека тоа ќе биде така. Како тоа ќе се имплементира, приклучувањето на албанците во јавната администрација, доколку се предвидени средства само за 600 души. Не се предвидени други средства. Кога се знае дека вие треба да дадете дозвола за вработување, но таа дозвола не
можете да ја дадете доколку немате предвидени средства со Буџетот за оваа намена.

Третото прашање е до Министерството за образование.

Малку бев испровоциран со тоа што беше кажано дека постои договор за легализација на тетовскиот универзитет. На дециден, точен начин во Рамковниот договор е истакнато дека една институција од високото образование ќе се финансира од средствата на Буџетот.

Господине министре, дали се предвидени средства во рамките на Буџетот на неговото Министерство за оваа намена? Колкава е нивната висина и каква процедура до сега е на ниво на Владата? Не на ниво на политички лидери, не на ниво на студенти, не на ниво на професори, туку што се презема нанивo на Владата. Какви мерки поконкретно се преземени во оваа насока.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Пред да дадам збор за одговор, би ве замолила колеги да бидете поконкретни во прашањата, бидејќи ова беа елаборации, ова не беа прашања. Јас навистина не знам посебно на првото прашање, претставникот на Владата како конкретно ќе одговори, бидејќи немаше конкретно прашање туку само ваши констатации.

Сепак би го замолила потпретседателот----

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Има прашање. Владата е интелигентна, може да извлече.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали тоа значи дека останатите не ве сфативме?!

Во ред, го молам тогаш потпретседателот на Владата, господинот Петар Гошев ако може да одговори на првото прашање.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Може и писмено.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ќе се произнесе потпретседателот.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Господинот Насуфи, вчера, завчера зборуваше за овие прашања. Денеска пак за истите прашања. Владата одговараше повеќе пати за овие прашања. Сега прашуваше усмено, па сака писмено за пак кога ќе биде псимено пак да разговара за истите прашања и постојано да зборува за истото, за истото, а при тоа залагајќи се за меѓуетничката толераницја. Има многу луѓе кои зборуваат за меѓуетничката толеранција, меѓутоа работат против меѓуетничката толеранција. За жал, ова е еден од примерите што може да се сврстат токму таму, бидјеќишто и да се одговори на господинот Насуфи и на слични, не им помага тоа. Тие постојано ќе ја кажуваат истата прикаска, независно од аргументите, се разбира заради јасни цели.

Епа еве, конкретно да почнеме господине Насуфи.

Владата има Акционен план, Владата има конкретна динамика за спроведување на тој акционен план, за реализација на Рамковниот договор и за реализација на Уставот што произлеле врз основа на Рамковниот договор. Владата има предвидено средства, како што зборував во воедното излагање за Буџетот и економската политика и тоа доволни средства да ги оствари оние квантитети што ги соопштивме, договорени заедно со сите коалициони партнери, со единствен став на Владата.

Владата има носители за извршување на тој акционен план конкретно, не безимено, не одговорност за секого и за никого, туку конкретно. Бидејќи Владата е одговорна за реализација на тој акционен план, реализација на Рамковниот договор и за имплементација на Уставот, така како што произлезе од Рамковниот договор. Владата плус соопштив дека има формирано комитет на министри кои го следат извршувањето на тој план. Значи, Владата има политика, Владата има динамика на остварување на таа

политика, има обезбедено средства за тоа, има конкретни носители за следење на реализацијата на таа политика.

Со Буџетот се предвидени средства. Соопштив каде се предвидени сите тие средства и ви соопштив дека не може да има посебна ставка, раздел, Рамковниот договор, туку во секое министерство за кое што произлегува обврска за реализација на Уставот на Република Македонија, направена измена врз основа на Рамковниот договор, се предвидени конкретните средства. Владата ќе ја спроведе таа политика.

Значи, на прашањето дали Владата има намера да ја промени политиката, одговорот е јасен, нема намера да ја промени таа политика, бидејќи таа политика води кон интеграција во Република Македонија, таа политика е Политика на јакнење на меѓуетничката доверба. Сите други политики надвор од таа можат да бидат политики против меѓуетничката доверба и односи во Република Македонија. Сите вакви потенцирања постојано изразувајќи недоверба и тогаш кога фактите се толку очигледни, се спротивни на политиката на меѓуетничка доверба.

Пред малку имав прашање за тоа дека на некои албанци или на албанците не им се давале кредити од банките во нивните фирми на подрачјето во западниот дел на Република Македонија, главно претежно.

Овие политики всушност се една од причините зошто некој таму нема да сака да дава кредити, затоа што некој сака постојано да подгрева политички ризик, да подгрева нестабилност и тогаш се рабира ни домашна ни светска банка нема да сака да дава кредити ни за таа територија ни за целата Република Македонија во вкупните нејзини рамки. Ниту пак на ваков Балкан каде постојано се разговара за капите, шамиите, црквите, џамиите итн, не за човековите права и еднаквоста пред законите и пред Уставот.

Значи, Владата има политика. Таа политика ќе ја спроведува.

Дали се конкретно предвидени средства за 600-те полицајци што треба да бидат вработени во Министерството за внатрешни работи? Предвидени се со овој Буџет што го усвоивме како и за другите политики за кои што зборувавме и л300 веќе се на тековен курс ќе лбидат вработени наскоро, а за другите се исто така обезбедени средства за вработување во Министерството во Република Македонија.

Значи, има политики, за тие политики се определени конкретни средства и оваа Влада е решена да го проведува Рамковниот договор, оваа Влада сака меѓуетничка толеранција, рамноправност на сите граѓани на Република Македонија, оваа Влада сака час поскоро да престане да се дискутира постојано за такви прашања, да се дискутира за излезот од економската крза и да им се поправи материјалната положба на сите граѓани

на Република Македонија, и Албанци и Македонци, Турци, Роми и било кој друг според својата етничка или верска припадност.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Насуфи дали сте задоволен од одговорот?

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Не сум, меѓутоа, ќе истакнам нешто дека не беше случајно што јас инсистирав Владата да го даде одговорот, знаејќи дека господинот Гошев беше долго време пратеник и е политичар од кариера, па затоа можам да го разберам неговото објаснување во таа насока. Меѓутоа, едновремено не можам да ја сватам работата дека за 600 полицајци се издадени средства, а сето друго е политичка фразеологија. Јас барам точен одговор колкава е висината на средствата и јас како пратеник имам право да дадам сто прашања во рамките на процедурата. Не треба да се лути за тоа.

Затоа, уште еднаш инсистирам Владата писмено да ми одговори. Што се однесува до тие 600 лица, реков дека е во ред и знам дека тоа е децидно кажано, но за другото барам повторно писмен одговор од страна на Владата.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Господине Гошев,

ПЕТАР ГОШЕВ:

Владата, еве, одговори усмено, ако сакаме ќе одговориме и писмено, се разбира, ама еве усмено одговоривме и ова ќе биде и писменото образложение. Средства во Буџетот има не само за овие 600 полицајци, туку има за целиот квантитативен односно за целата квантитативна бројка оставена како процент на зголемување на партиципацијата на етничките заедници што се помалубројни од Македонците, да се достигне онаа што ја соопштивме до крајот на годината. За тоа има средства и политики оваа Влада и тоа ќе го реализираме.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Што се однесува до прашањето поставено до Министерството за образование и наука, не гледам претставник, така што ќе мора дда замолиме писмено да ни одговори.

На ред е господинот Петар Апостолов.

(Господинот претставник од Министерството влезе со задоцнување во салата).

Дали би можело да се повтори накусо прашањето господине Насуфи?

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Може и писмено, нема проблем, и едното и другото може писмено да ми се одговори. Да не се повторуваме пак, пошто сигурно министерот треба да се инфомира, сепак, за прашањето, а јас сакам попрецизен одговор, затоа што претпоставувам дека и што се однесува до еден дел на прашањето, тоа се однесува и со личната активност на самиот министер. Затоа, мислам дека е пооправдано одговорот да биде писмен.

ЛИЛЈАНА ПОПОВКСА:

Во ред и благодарам.

Збор има господинот Петар Апостолов.

ПЕТАР АПОСТОЛОВ:

Почитувана потпретседателке, почитувани пратеници на Владата , колеги пратеници,

Ќе поставам две прашања и мислам дека ќе бидам многу конкрен во прашањата.

Првото прашање се однесува до заменик министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство во врска со ерозијата што Реката Вардар секојдневно ја прави. Имено, веднаш после Демиркаписката Клисура во правец кон Гевгелија Реката Вардар, менувајќи го своето корито врши ерозија на брегот и прави огромни штети на земјоделското обработливо земјиште.

Ќе се задржам само на два моменти и тоа ерозијата на брегот кај село Јосифово е току голем, што наскоро ќе биде загрозен и магистралниот пат Е 75 ако не се преземе нешто. Сега, има околу 15 до 20 метри толку малку растојание меѓу левиот брег на Реката Вардар и самиот асфалтен пат.

Второт момент е некаде во атарот на с. Богородица во должина од само 3-4 км, за околу 15 години Реката Вардар има украдено обработливо земјоделско земјиште на површина од 21 хектар. Овие податоци се официјални од подрачната единица за Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Прашањето гласи, дали Мнинистерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ја согледа оваа состојба и дали има намера да интервенира во смисла на заштита на бреговите на Реката Вардар од ерозија односно да се зачува активното обработливо земјоделско земјиште. Тоа е првото прашање.

Второто прашање е до Владата, мислам дека може да ми одговори министерот за економија. Прашањето гласи, дали Владата размислува за делумна измена на одлуката

за работното време на угостителските објекти во смисла на продолжување на работното време од 23 часот на 24 часот и тоа за деновите петок и сабота и деновите пред државните и  верски празници, се разбира, кога се неработни.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Ќе одговори заменикот министер за земјоделство, шумарство и водостопанство.

ПРЕТСТАВНИКОТ ОД МИНИСТЕРСТВОТО:

Врзано со прашањето на пратеникот Апостолов, ќе треба на лице место да се води состојбата и според тоа ќе ни треба време, за да можеме на ова прашање да одговориме во писмена форма.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Дали е задоволен пратеникот?

ПЕТАР АПОСТОЛОВ:

Задоволен сум.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Одиме со второто прашање до министерот за економија господинот Филиповски.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Формирана е една меѓуресорска работна група, која работи особено на делот на малолетничката деликвенција и подготвува во таа насока одредени решенија, кои сигурно ќе бидат доставени во најскоро време на седница на Владата. Истовремено, во Министерството за економија, исто така, се работи, заедно со пазарната инспекција на проучување на законската регулатива, која и денеска е, и во таа насока до Владата ќе биде доставен предлог, но јас сега во овој момент не сакам да прејудицирам било какви решенија за тоа ќе биде информиран Парламентот.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Апостолов дали сте задоволен од одговорот?

ПЕТАР АПОСТОЛОВ:

Задоволен сум, бидејќи и прашањето беше дали Владата нешто превзема во врска со ова прашање.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Збор има господинот Блаже Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Почитувана подпретседателке, почитувани пратеници на Владата, министри, колеги пратеници,

Едно од прашањата кое што сакам да го поставам е прашањето кое што беше поставено од страна на колешката од Прилеп, а тоа беше во однос на откупот на тутунот. Меѓутоа, тоа Прашање е веќе одговорено од страна на министерот, па сакам да поставам едно прашање до претседателот на Владата. Меѓутоа, бидејќи тој не е тука, нека оцени Владата кој може да одговори на тоа прашање.

Имено, се работи за следното. Од средбата на лидерите на СДСМ, ДУИ и ЛДП произлезе соопштение со кое се известува јавноста дека ДУИ презема обврски дека ќе ги признае и почитува државните граници и институции, резултатите од пописот на населението без разлика какви ќе бидат тие, како и симболите на државата, химната и знамето. Во подоцнежните изјави на подпретседателката на ДУИ, пратеничката на ДУИ Теута Арифи и потпаролот на Ибрахим Ругова, се наведува дека прашањето на границата меѓу Република Македонија и Косово ќе се решава не сега, туку заедно со решавањето на конечниот статус на Косово. Исто така, се истакнува дека спогодбата за границата потпишана помеѓу СР Југославија и Република Македонија неможе да биде валидна  без согласност со косовските власти.

Како Владата ги коментира овие ставови на ДУИ, која како партија која партиципира во Владата и дали ова значи дека почитувањето на Уставот не претставува обврска на ДУИ, туку почитување на она што ќе биде договорено со СДС. Тоа е моето прво прашање.

Второто прашање е до министерот за внатрешни работи и тоа гласи, по формирањето на оваа Влада во кои акционерски друштва и друштва со ограничена одговорност МВР има интервенирано, за да се заштити правото на сопственост и правото на управување и раководење во случаи кога со непочитување на прописите за остварување на правото на штрајк, се врши незаконско преземање на друштвата и притисок вр раководствата на оние субјекти. Колку барања за интервенции во фирмите по барање на органите на управување и раководење се доставени до Министерството за внатрешни работи и од кои субјекти и каде Министерството постапило по овие барања.

Третото прашање би го поставил до министерот за економија, а се однесува за Микрон од Прилеп, која што е една од фирмите загубари. Според информациите кои што беа пласирани во јавноста, Владата  планира стечајна постапка со која ќе бидат

отпуштени од работа вработените, да го продаде имотот на ова претпријатие со распишување на тендер за продажба.

Моето прашање гласи, дали како еден од условите во тендерот се предвидува и задржување на работа на определен број на вработени и ако е тоа предвидено, колкав е тој број, и дали е неопходно отварање, прво, стечајна постапка кога тендерот може да биде распишан и во сегашните околности односно со состојба во која што се наоѓа Микрон во овој момент.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали второто прашање беше до МВР?

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Да.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Првото прашање беше упатено до господинот Гошев.

Господинот Владо Бучковски го има тој одговор.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Невообичаено е да се коментираат изјави на политички партии, но Владата доследна на она што сега го операционализира, е тоа се уставните и законските решенија кои произлегуваат од Рамковниот договор, доследно ќе опстои на постулатите на кои почива Охридскиот рамковен договор, а тоа е неповредливоста на границите и гаранцијата на територијалниот интегритет и суверенитет на Република Македонија. Така што, не чувствува потреба дополнително да коментира било што друго. Тоа е она на кое почива целата наша политика.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Дали сте задоволен од одговорот?

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Јас се надевам дека Владата ќе опстои во таа насока и дека нема предмет на договори и преговори да бидат уставни решенија, кои што се вградени во Уставот од страна на овој Парламент. Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Второто прашање е до министерот за внатрешни работи, господинот Хари Костов.

ХАРИ КОСТОВ:

Еве, за да добие пратеникот листа со набројување на сите случаи, ние тоа ќе го доставиме писмено. Меѓутоа, само би спомнал дека досега веќе во текот на ноември кога имаше некои обиди за насилно влегување на определени акционери или надворешни лица во некои претпријатија, МВР уште тогаш, не само по подрачните единици, свои да речеме сектори, туку и јавно издаде соопштение во кое укажуваше дека приватната сопственост е неприкосновена.

Второ, дека некој, дури и тие што сметаат дека во процесот на приватизацијата се оштетени, не можат да се обидуваат со присилни средства самите тие да ја истераат правдата, туку МВР беа упатени на соодветни судски постапки и кога таа судска постапка би докажала нешто, тогаш се спроведува судска пресуда. Според тоа, тоа беше јавно кажано од страна на Министерството уште на почетокот, а јас овде само би наброил дека по барање се обезбедени, обезбедување од полицијата и разделувањето во “Киро Чучук” во Велес, во Македонија Табак, во Табак Осигурување, во Газела, во Вера Јоциќ – Кратово, Куманово во определени фирми итн. Меѓутоа, за сето тоа фактички, ќе добиете, затоа што секојдневно има настани каде што некоои се блокираат итн. И се помали фирми, фактички ќе уследи детален преглед на сите фирми, што е особено значајно дека некои од тие фирми воопшто и не се одлучуваат, односно не бараат соодветна интервенција од МВР, туку Министерството тоа си го врши по службена должност.

Токму затоа, ќе видите во наредната информација, писмената која ќе ја доставиме, дека во архивите на Министерството, може ќе има само 2 или 3 писмени барања од соодветни фирми, додека другото се Министерството си го прави по своја службена должност.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Моажам да заклучам дека ќе дадете и покрај ова, писмен одговор.

ХАРИ КОСТОВ:

Освен ова и писмено за цела спецификација за сите претпријатија во Република Македонија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Треторо прашање е до господинот Илија Филиповски.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Владата има усвоено Акционен план околу продажбата на 24 претпријатија загубари, кои се составен дел на Договорот со Светската банка во рамките на тие

претпријатија се наоѓа и Микрон-Прилеп. Предвидено е продажба на имот, а тоа значи дека се отвора стечајна постапка. Побарувањата на Агенцијата за санација на банките и фондовите е некаде околу 57,5% плус има побарувања од јавните претпријатија, банките 9,75%, вработените 11,86%. Владата цени, односно Министерството за економија цени и тоа и го предложи на Владата дека превработеноста и презадолженоста на ова претпријатие, може да се реши единствено со продажба на претпријатието како имот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господине Стојановски дали сте задоволен од одговорот?

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Моето прашање гласеше дали е неопходно на отворање на стечајна постапка, кога тендерот може да биде распишан и во сегашните околности. Значи, дали ќе се отвори стечајна постапка или не и ако се отвора стечајна постапка при распишувањето на тендерот се предвидува определен број на вработени и колкав е тој број да бидат задржани на работа како услов кој што ќе биде предвиден во тој тендер. Прашањата ми се конкретни.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Јас, исто така, конкретно одговорив, но еве да дополнам дека првото рочиште беше закажано на 14 март, рочиште за отворање на стечај. Единствено решение за превработеноста и ослободувањето од долговите е постапката за стечај.

Што се однесува до бројот на вработените иолку би можеле да бидат задржани, тоа зависи од понудата што треба да ја дадат домашни или странски инвеститори и врз основа на тоа ќе се определи колкав број на вработени ќе можат да продолжат со работа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам, ете конкретен одговор.

Има збор господинот Недим Мемишоски.

НЕДИМ МЕМИШОСКИ:

Ве поздравувам сите. Имам две прашања, и тоа до министерот за надворешни работи и министерот за земјоделство, шуарство и водостопанство.

Во врскасо прашањето што ќе го поставам сакам да кажам дека знаеме дека во Република Македонија навистина е многу жешко прашање прашањето на невработеноста, бидејќи имаме голем број на невработени граѓани во Република Македонија кои бараат работа во други странски држави. По 2000 година голем број граѓани од регионот на Струга заминале во Италија, каде и ден денес живеат и очекуваат работни визи. Во последно време се шпекулира со некои податоци дека Република Италија за 2003 година ќе издаде над 100 илјади работни визи и дека во рок од еден месец во Амбасадата на Италија во Скопје се дадени документи на над 1000 граѓани.

Затоа, моето прашање до Министерството за надворешни работи е: Дали Министерството или министерот има информации во врска со ова и дали ќе превземе нешто за да им се помогне на овие граѓани.

Одговорот го барам или го очекувам во писмена форма.

Второто прашање е до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Тоа гласи:

Зошто сеуште не е започнат откупот на тутунот во општините Куманово, Липково и Житоше и во селата Љуботен и Врапчиште.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

На првото прашање ќе одговори господинот Хасановиќ, заменик министер за надворешни работи. Мож и усмено ако сакате, по ваша желба, можете и писмено, можете и усмено да одговорите но тоа го исклучува писмениот одговор, како сакате,како вие ќе решите.

ХАСАНОВИЌ:

Писмено ќе одговориме на прашањето.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Значи ќе добиете писмен одговор на прашањето.

Второто прашање е поставено до господинот Јашари, заменик министер за земјоделство, шумарство и водостопанство.

БЕСИР ЈАШАРИ:

Во врска со откупот на тутунот во кумановскиот дел, липковскиот, Житоше, Љуботен и село Врапчиште, веројатно пратеникот Мемишоски мисли на тој дел каде

доминантен е полуориенталниот тип на тутунот “Отља”, кој е предвиден во оваа реколта да се произведе со 820 тони.

Одговорот на ова прашање би бил следниот:

Во овој дел на Републиката, кумановскиот, тетовскиот, договор со тутунопроизводителите има Тутунскиот комбинат-Куманово и АД “Тетово-Табак”, кои комбинати ги групираме во првата група, односно се кандидати за одземање на лиценците. Одговорот е дека овие комбинати немаат обезбедено средства за вршење на откупот, но истиот октуп бездрго ќе го завршиме, затоа што сме ограничени со Законот за тутун, така што во моментот имаме комбинат кој што е заинтересиран за овој одкуп и истиот бездруго ќе се заврши. Значи, би кажал дека откупот во ској случај ќе се заврши, продажбата на реколтата од 1998 година тече, со кои средства ќе се заврши откупот. Да кажам и тоа дека откупот е завршен 75%, а остануваат 25%.

НИКОЛА ПОПОВСКИ :

Господине Мемишоски, дали сте задоволен од одговорот.

НЕДИМ МЕМИШОСКИ:

Да.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Абдуладил Вејсели.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Почитувани колеги и колешки пратеници,

Сигурно станува збор за сеанса каде што се поставуваат пратенички прашања за барањата кои доаѓаат од самите граѓани, поради тоа што се наоѓаат во една навистина многу несакана ситуација.

Моето прво прашање е до Владата на Република Македонија и сигурно одговорот ќе го даде самата Влада, бидејќи за време на оружениот конфликт во 2001 година еден голем дел од граѓаните на Република Македонија, вработени во некои претпријатија или пак акционерски друштва, од објективни причини немале можност редовно да заминат на своите работни места. Со завршувањето на кризата во Република Македонија оваа категорија на вработени со едностран акт на ова претпријатие беа отстранети од нивните работни места.

Од друга страна, Владата на Република Македонија на 4 септември 2001 година донесе заклучоци во кои донесе одлука за враќање на вработените, на работниците во

овие претпријатија, односно на нивните работни места. Во цела Република Македонија имаме голем број на работници  во кризните региони, но моето прашање е посебно барање и молба да се разреши нивната судбина. Станува збор за некои работници од Општина Арачиново, вработени во АД Металски Завод и станува збор за следниве лица: Јазим Абази, Рахим Абази, Хасан Хасани, Исмаил Халими, Хамид Абдули, Веби Рамадани и З. Исљами, како и еден вработен во Акционерското друштво Макстил, господин Зулфи Рамадани.

Затоа, го поставувам прашањето до Владата на Република Македонија дали ќе се рализира одлуката на претходната Влада за враќањето на гореспоменатите работници на нивните работни места.

Прашањето е општо, бидејќи станува збор и за општина Куманово, како што е Фабриката за цевки “11 Октомври” - Куманово, но имаме и други акционерски друштва во Тетово, каде што вакквите случаи се повторуваат во сите градови или населени места кои беа опфатени од вооружената криза. Тоа е првото прашање.

Второто прашање беше поставено од голем број дискутанти и пратеници. Од мои колеги беше поставено слично или идентично прашање. Тоа е актуелното прашање во Република Македонија, а се однесува на откупот на тутунот. Заменик министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство со целосна одговорност одговори на овие прашања онака како што му доликува на еден претставник на Владата, но јас би рекол дека имам барање особено од граѓаните, од жителите на оние места што се однесуваат на Куманово, односно општината Липково. Имено, не се почитуваат договорите кои се склучени меѓу откупувачите на тутунот и производителите на тутунот. Мислам дека одговорот беше даден од заменик министерот. Но има еден друг проблем и со голема сериозност треба да се согледа овој проблем, бидејќи можеме да кажеме дека проблемот е и етнички, политички проблем, но можеме да кажеме дека е и конфесионален. Имаме неколку рурални општини во општина Прилеп, како што е општина Житоше, но и неколку други населени рурални места кои произлегуваат од некогашната општина Прилеп, како што е Црнилиште, Дебрешта, Лажани и навистина, доколку имаме малку одговорност како луѓе избрани од народот, со поголема сериозност треба да приидеме кон овој проблем. Тоа се населени места и луѓе кои живеат во овие села, кои својата егзистенција ја гледаат исклучиво во проиѕводството на тутун.  Прво е тоа што не се почитуваат договорите. Второ, работниците кои го собираат тутунот, вршат откуп од друштвата  кои имаат обврска да извршат откуп на тутунот се некоректни кон овие граѓани. Дури, одат до таму што нивниот тутун го запишуваат со последна категорија и со самата реакција на

граѓаните, зошто го правите ова, одговорот им е готов, што е многу точен, дека ние треба да го контролираме како Влада, како Парламент. Имено, треба да бидеме многу поприсутни на теренот и тоа е прашање кое навистина треба да се контролира. Значи, самите производители кога велат зошто нашиот тутун го ставате во таа категорија, а ние мислиме дека тутунот припаѓа на оваа категорија, вработените на тие друштва реагираат со зборови кои не им личат на нив-за оваа цена можеме да прифатиме да го откупиме, доколку не сакате за таа цена да го дадете, одете таму да ви го земат оние кои вие ги помагавте. Мислам дека во тоа треба еднаш засекогаш да ги спречиме, да ги спречиме како Парламент и како Влада. Ние треба да создадеме една релаксирачка клима, бидејќи тие луѓе живееле заедно и мислат да живеат заедно. На крајот на краиштата, нивната судбина е да живеат заедно, без оглед дали се македонци, албанци, турци и други кои живеат во тие населени места. Затоа, ние имаме одговорност како Парламент, но и како Влада на Република Македонија да им вметнеме во главата на оние неодговорни луѓе да не вршат поделба на луѓето врз национална и верска основа.

Што се однесува до третото прашање, ние како Република Македонија имаме добра волја и се обидуваме да имаме добри соодноси со сите наши соседи. Тоа се гледа и од контактите и спогодбите што ги имаме со Република Бугарија, Република Албанија, се обидуваме да имаме добри односи и со Република Грција, иако тие го негираат тоа што ние не го прифаќаме како граѓани на Република Македонија  и тука имаме целосен консензус во државата, без оглед дали се македонци, албанци или други кои живееме тука. Имаме контакти и добри односи. . .

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ве молам да завршувате.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Сакам да го поставам третото прашање.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Имате уште 10 секунди да поставите прашање.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Јас го поставувам третото прашање. Сакам да кажам и барам одговор на Владата на РМ зошто ние како Република не се обидуваме да имаме добри односи и со Косово. Пред неколку дена и пред извесно време овде се формираа и работни групи за соработка со други парламенти, но не видов, нема образложение и негледам причина зошто да

немаме и една работна група во парларламентот за соработка со Парламентот на Косово, кога знаеме дека сите држави. . .

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ви благодарам, и третото прашање е доволно јасно, министерот може да одговори колку разбра. Единаесет минути зборувавте, нема смисла ова.

На првото прашање ќе даде одговор министерот за труд и социјална политика Јован Манасиевски.

ЈОВАН МАНАСИЕВСКИ:

Пратеникот Вејсели апелираше на конкретен заклучок од претходната влада. Има, многу заклучоци.Треба да се види што подразбира овој заклучок. Јасно е дека Владата не може да заложува на акционерски друштва, а овде станува збор за акционерски друштва. Постапката ја води инспекцијата, а потоа преминува во надлежност на судот доколку нема разрешница.

Владата ќе го испита овој случај за што е донесен заклучок, ќе види тожно за што се однесува и писмено ќе одговори на прашањето.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам, ќе добиете писмен одговор на ова прашање.

Второто прашање е до министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

БЕСИР ЈАШАРИ:

Ќе се обидам на пратеникот Вејсели да му одговорам на следниот начин: Оваа реколта на тутунот во 2002 година е со нешто полош квалитет во однос на другите години. точно е дека кај луѓето односно кај граѓаните кај сите, без оглед на која етничка припадност припаѓаат, значи кај дел од граѓаните се појавува еден револт, затоа што не се откупува тутунот, мислам како што би требало. Но, одговорот е следен дека јас претходно образложив некои моменти, но ќе се обидам накусо пак да образложам и да кажам дека тутунските комбинати кои што имаат договори со тутунопроизводителите имаат обврска  тој тутун да го откупуваат. Меѓутоа, тутунскиот комбинат Куманово, Тетово и некои други тутунски комбинати немаат средства, затоа што како Влада и како држава не стоиме зад нив како банкова гаранција за да земат средства како што се навикнати и да го вршат откупот на тутунот. Значи во оваа група на комбинати односно претпријатија спаѓаат овие комбинати на кои што најверојатно ќе им бидат одземени лиценците за работа од страна на Министерството. Така што остануваат мал дел од претпријатијата кои што рентабилно си работат односно кои што имаат средства  или од

едноставна причина не можат да постигнат во целата држава да го вршат откупот на тутунот.

На крај би резимирал дека нема никаква политика, која што се врши од страна на министрството. Но, мислиме дека оваа година ќе биде малку потешка иако мислиме дека успешно оди тутунот, затоа што 75% е завршен откупот на тутунот, а другиот дел е во тек и бездруго ќе се заврши.

Исто така, би кажал дека овие комбинати имаат специјална опрема за обработка на тутунот врзано за типот Отља кои што другите комбинати ја немаат оваа опрема и мислам дека оваа година ќе ги тераме работите, но идната година и натаму овие комбинати кои што ќе останат, тие ќе бидат рентабилни и тие ќе го вршат откупот како што треба во целата држава. Но, да кажам и тоа на крај дека во секој момент на претпријатијата кои што ќе го вршат откупот на тутунот Министрството ќе биде подготвено односно со менување на Законот да им ги одзема лиценците ако не се придржуваат кон договорите.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Вејсели дали сте задоволен од одговорот.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Да. Беше даден одговор за тоа кој го врши откупот. Ние се согласуваме, но треба да имаме на знаење едно и тоа што е откупено од страна на разни организации за откуп на тутунот досега, во општина Прилеп, токму во Житоше, Црниште, Лажани, Дебреште не е даден ниту еден денар. Јас реков дека овие граѓани се зависни токму од тутунот и го обезбедуваат својот опстанок. Затоа ние како влада треба да направиме еден вид притисок и од друга страна треба да излеземе на терен и да видиме дали вршат поделба на граѓаните врз национална основа. Тоа не смее да се случи. Ние сме одговорни и како Влада и како Парламент да влијаеме да не се врши никаква поделба врз овие основи.

БЕСИР ЈАШАРИ:

Точно е тоа дека е извршен откуп на неколку места не само во Житоше и што не е исплатен тутунот. Меѓутоа, откупот бездруго треба да се заврши и да оди, затоа што со стоење, со време мувлосува тутунот. Така што бездруго треба да се врши откупот на тутунот за да не дојде до најлошото на крајот да се фрли. Уште еднаш ќе потенцирам дека во комплетната држава имаме места каде што е земен тутунот, односно завршено е тоа, меѓутоа, исплатата не е завршена, не само во Житоше. Така што мислиме дека во овој момент и тоа е еден потег на овие претпријатија, односно на Министерството.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

На третото прашање ќе одговори г-динот Хасановиќ, заменик министер за надворешни работи.

ХАСАНОВИЌ:

Владата на Република Македонија доследно ја спроведува Резолуцијата на Обединетите нации 1244.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Вејсели дали сте задоволен од одговорот.

АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:

Јас не завршив до крај. Моето прашање до Владата беше дали РМ, има намера да отвори канцеларија за врски на Косово? Јас би рекол имајќи во предвид дека сите држави на Европа но и светски држави се обидуваат и прават напори од ден на ден се зголемува бројот на канцелариите за врски. Ние како РМ, не смееме да дозволиме да немаме добри односи со нашиот сосед. На тоа не тера и спогодбата за Асоцијација и Стабилизација на РМ со ЕУ. Затоа сметам дека треба да направиме напори како Влада да имаме добри односи со сите соседи како што ги имаме со другите соседи, да имаме и со Косово.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Хасановиќ дали останувате на претходниот одговор, или ќе дадете дополнителен одговор на дополнителното објаснување?

ХАСАНОВИЌ:

Почитувањето на резолуцијата значи негување на добри односи со Косово.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Писмено доколку министерот сака да даде писмен одговор. Со оглед дека министерот даде усмен одговор тука се завршува. Дали сте задоволен, или не, за жал, тука завршува.

АНА АНДОВА:

Јас имам три прашања. За првото прашање се надевам дека се обраќам на вистинската адреса Министерството за економија, ако не, соодветно каде што е потребно.

Имено, се работи за следното. Со одлука на Владата на РМ, формирано е координативно тело за одвивање на подготовките и активностите во РМ околу одржувањето на Олимпијадата во Атина во 2004 година. Оваа одлука е објавена во Службен венсик под број 52/2001. Координативното тело согласно член 3 од оваа одлука

има обврска да изготви годишен план на активности и да предложи извори на среддства за активностите и на 4 декември 2001 година со решение на Владата се определени членовите на координативното тело за дочекот на олимпијадата 2004 година. Составот на истото тело е објавено во Службен весник број 98 од 2001 година. Неофицијално сум информирана дека координативното тело изготвило план и Програма и истото го доставило до Министерството за финансии.

Моето прашање гласи: До каде се работите околу подготовките и активностите на ова координативно тело и дали има резултати од нивното двегодишно работење? Прашањето го поставувам, од причина што спортската сала “Јасмин” од Кавадарци има доставено барање број 111 од 17.07.2001 година до координаторот на ова тело и исто така неофицијално сум информирана дека спортската сала “Јасмин” е планирана во програмата како објект од општ, јавен, локален и државен интерес во делот на докомплетирање на овој спортски центар како истиот би можел да постане спортски центар за припреми на многу наши репрезентации во малите спортови како што се ракомет, одбојка, кошарка, боречки спортови, пливање, атлетика, фудбал, тенис и истиот би добил третман на олимписки центар за припрема на сите спортисти за светски и европски настани. Јас би преферирала одговор на прашањето да добијам во писмена форма.

Моето второ прашање е упатено до Министерот за труд и социјална политика г-динот Манасиевски, и се однесува на следното:

Дали постои евиденција за тоа колкав број на заштитни друштва за вработување на инвалидни лица се основани согласно законот за вработување на инвалидни лица “Службен весник” број 44/2000 година колкав број на инвалидни лица се вработени согласно истиот закон од денот на влегувањето на истиот во сила до денес. И колкав износ на средства се потрошени од посебниот фонд за обезбедување на услови за вработување и работење на инвалидните лица согласно наведениот закон и правилникот за критериуми и начини на доделување на средствата од посебниот фонд за обезбедување на услови за вработување и работење на инвалидни лица “Службен весник” број 70 од 2000 година.

Третото прашање е во врска со второто и се однесува до инспекторатот на трудот од кој барам извештај за гореспомнатиот период од кога е донесен законот колку се испочитувани, или не се испожитувани законските прописи при вработувањето на споменатите лица. Особено заради фактот што во текот на месец декември 2000 година кога се одвиваше светската неела на лицата со пречки во развојот, би сакала да спомнам

и дека тековнава година 2003 е прогласена за година на грижа спрема оваа категорија на граѓани. Многумина наши сограѓани изразија незадоволство и сомневање во начинот на примена и имплементација на законските прописи кои ја регулираат оваа материја, што значи и понатамошна нивна маргинализација во општеството и намалување на можноста на некој начин да се интегрираат барем на егзистенцијално ниво во современите текови на живот.Ова особено сакам да го потенцирам од аспект што прашањето беше актуелизирано и со измените и дополнувањата на оваа законска материја кои ги усвоивме на една од претходните седници, а исто така беше и во неколку наврати спомнато во расправата по Буџетот на РМ во делот на трансферите за реализација на социјалната политика.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

На првото прашање ќе даде одговор г-динот Илија Филиповски.

Пратеничката рече дека и писмено би преферирала.

Ќе добиете усмен одговор.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Како што рече пратеничката координативното тело е формирано од страна на Владата. Работи, има изработена програма, програмата согласно на потребите и од финансиски средства дадена е на мислење во Министерството за финансии и се надевам дека наскоро ќе дојде и до Владаста. Што се однесува до конкретното прашање јас тоа го забележав и ќе проверам во програмата дали е влезено и дали има услови да влезе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Госпоѓа Андова, дали сте задоволна од одговорот?

АНА АНДОВА:

И по проверката да бидам известена.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ќе испратите за тој дел писмено известување до пратеничката.

ЈОВАН МАНАСИЕВСКИ:

Бидејќи второто прашање е тесно поврзано со третото, а за третото се инсистираше на извештај од Инспекторатот за труд, сметам дека е најцелисходно на двете прашања да се добие писмен одговор.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Инаку, прашања се поставуваат само до министерствата. До органи во состав на министерствата, прашања не се поставуваат. Тоа важи за министерот.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ -ЅИНГО:

Благодарам, што најпосле добив збор. Јас мислев во светот има дискриминација само во општества кои не успеале да ја развијат својата демократија. Има верска дискриминација, има разна, политичка, но овде во Парламентот има партиска дискриминација. Вие ќе речете: ние така се договоривме. Јас кога поставив прашање, кога го притиснав копчето и сакав да поставам прашање, многу од пратениците не беа тука, па добија збор. Вие ќе кажете дека така ние сме се договориле со коалицијата што е на власт и коалицијата што е во опозиција. Бидејќи јас не припаѓам ниту на едните, ниту на другите, изгледа софтверот не може да ме опфати во компјутерот.Тоа толку како процедурално.

Сега, сакам да поставам три прашања.

Првото прашање го упатувам на првиот министер на Владата до премиерот на Владата, иако не е тука, може да ми одговори писмено, а може и на наредната седница усмено. Се сложувам и со едното и со другото. До него го упатувам, затоа што се работи за еден многу комплексен и многу сложен, многу тежок и многу обемен проблем, а тоа е оловоцинковиот комплекс во кој се вложени огромни средства кој западна во многу тешка состојба каде што имаме примарно производство, каде што имаме преработувачко производство во полуфабрикати каде што имаме производство на готови производи и каде што може македонската економија да гради своја перспектива и свој развој.

Прашањето е дали постои во Владата студиска стратегиска концепција за излегување на овој комплекс од оваа тешка состојба. Или ако не постои, дали се работи на таква стратегија и тоа од економски, технолошки, финансиски и еколошки аспект. Проблемот е многу поширок јас не би го елаборирал, меѓутоа премиерот најмногу е информиран за таа работа, затоа што подолго време се бави со тој проблем и мислам дека ќе ми даде најквалитетен одговор.

Второто прашање го упатувам до Министерот за финансии кој е тука. Познато ми е дека Владата изготвува програма за иницирање на поголем извоз на македонското стопанство и прашањето е, дали во таа програма се опфатени и трошоци за кои што во јавноста во последно време многу се зборуваше, тоа се трошоци на терминалите, други царински трошоци кои го отежнуваат извозот и кои го прават нерентабилен. Знам некои потези што Владата направи да ги намали тие трошоци, но тие се сеуште симболично намалени. Ние имаме случаи само на 16 километри помеѓу Куманово и Табановце се плаќа терминал во Куманово, се плаќа вага во Куманово. Истото тоа се одвива на 16 км., од царинарницата од Куманово во Табановце. Зошто тоа, кога тој камион е пломбиран,

кога никој не може да скине пломба, зошто дупли трошоци или при влезот исто така се прават такви трошоци, а тоа може да се направи со препратница и тоа да се уреди.

Исто така во тој домен или делокруг спаѓаат, царините и т.н., а ние мора да почнеме да штедиме насекаде , да почнеме да го оспособуваме стоапнството за да стане конкурентно на светскиот пазар. Во тој контекс ќе го замолам министерот, ако може да ми одговори, дали Владата размислува со билатерални преговори со Србија и Бугарија, со реципроцитет да ги разреши огромние трошкови што ги плаќа макеоднското стопанство за користењето на патиштата во овие земји. и дури каде што овие земји ги кршат конвенциите во однос на користење на споредни патишта.

Третото прашање исто така го упатувам до минситерот за финансии. Прашањето е што Владата распределува средства од разни грантови или така наречени меки кредити, тоа значи кредити кои се даваат со многу подолг рок на враќање и со многу ниски камати или без камати. Во тој поглед има одредени средства кои се вложуваат и во сферата на производството. Меѓутоа времето на враќање на тие кредити е многу мало, некаде 3 години.

Дали Владата размислува на пример во индустријата тие средства да ги вложува за 6-7 години, во земјоделието за 12-15 години, за да се обезбеди рентабилно производство во објектот во кој се вложуваат тие средства. Тоа се моите прашања.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Првото прашање по овластување на премиерот ќе го одговори министерот за економија.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Што се однесвуа до олово-ѕинковниот комплекс , Владата најсериозно му приоѓа околу решавањето на сите проблеми кои се во овој комплекс.

За рудникот Саса направена е проценка на вредностите и состојбите од “Дилоитетуш” , за “Злетово Рудници” исто така е направено од страна на “Дилоитетуш” , “Лојанс Брич” и “Адам Смит” , странски консултанти, а за рудниците “Тораница” исто така од “Лојанс Брич” и “Адам Смит”. меѓутоа состојбата во овие рудници и финансиски и како превработеност, навистина е многу сериозна.

“Саса” има обврски спрема банки доверители и држава 28 милиони евра. “Злетово Рудници” има оврски 22 милиони евра, а што се однесвуа до “Тораница”, таа е во фазата на ликвидација.

Што се однесува до Топилницата “Велес” таа во изминатиот состав е отстапена по основ на хипотекарното право, но истовремено има и обврски спрема државата , спрема

приватни претпријатија. Спрема приватни претпријатија и банки околу 1 милијарда и 260 милиони денари и спрема државата некаде околу 700 милиони денари.

Сега во овој период, во текот на овие десетина дена поканета беше фирмата Интернејшнел.. Консалтинг АМЦ која врши проверка поправо изработува еден бизнис план, сега е во прелиминарна состојба , бизнис план за “Саса”, а после , зависно од резултатите на ова истражување, ќе продолжи во другите рудници, а исто така, согледувајки ја состојбата и на Топилницата.

Согласно акциониот план што Владата го има усвоено, овој комплекс се предвидува да биде на меународен тендер, очекуваме дека сите постапкикои се во тек ќе завршат до септември и во септември да се даде на меѓународен јавен тендер и навистина очекуваме дека ќе се успее и од економски и од еколошки и од финансиски аспект да се продаде вооj комплекс на странски инвеститор.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали сте задоволен од одговорот господин Иванов?

Инаку да ве потсетам, според Деловникот, на прашање поставено до претседателот на Владата, одговор дава претседателот на Владата или определен претставник на Владата во овој случај Филиповски.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ ЅИНГО:

Јас немам ништо против што ми даде одговор министерот за стопанство, меѓутоа, сакав одговор од претседателот затоа што министерот за стопанство е министер неколку месеци , 3-4, а претседателот на Вадата беше долго време претседател на Владата и мислев дека многу подлабоко ги познава тие проблеми.

После овој одговор сакам да кажам дека тука мора да се вклучи науакта, стручноста, мора да се направат јаки групи кои ќе направат студии од кои студии ќе се види како овој комплекс може да се активира и како овој комплекс утре може да биде стожер за развојот на макеоднската индустрија. Најлесно е нешто да се затвори, нешто да е ликвидира, да се стави во стечај. Тешко е тоа повторно да се активира. Затоа би предложил во тој правец да се направат , от повеќе аспекти, групи и од еколошки аспект и од технолошки аспект, и од финансиски и од економски аспект кои ќе ги соберат сите тие анализи и студии и да се оди со тие што ќе понудат најдобри решенија за овој комплекс.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали на дополнителното прашање ќе дадете одговор господине Филиповски.

ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:

Што се однесвуа до рудното богатство Рударскиот институт од Штип ја има проценето состојбата во сите три рудници и укажува на добро , за повеќе години, богатство на рудата односно на концентратот. Така што на тој аспект се работи.

Што се однесува до еколошкиот дел, на тој проблем се работи со донација од Норвешката Влада. Се андеваме тоа може да влезе во грчкиот план за реконструкција на Балканот, за решавање на проблемто на екологијата во Топилницата и во рудниците исто така. Значи целиот комплекс, би рекол како рудно богатство, како проблем на екологија, како економски проблем, како финансиски и технолошки, целосно се согледува од страна на стручњаците кои се ангажирани за овој проблем од страна на Владата.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

На второто прашање дговори  господинот Петар Гошев министер за финансии.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Владата понуди програма за поттикнување на извозот и во нејa предвид повеќе мерки. За некоиод нив разговаравме и ги соопштивме за време на презентацијата на владината економска политика, некои конкретни мерки уште пред подготввуањето на таа политика ги презедовме , како што е на пример укинвуање на давачката на производителите кои се занимаваат со ЛОН производство, оние 19 евра кои ќе ги плаќаат, мислам дека им е познато тоа особено на текстилците.

Овие рпашања за кои зборуваше господинот Иванов исто така се опсервирани и тука навистина има трошоци кои може да се намалат и на прашањето дали Владата размислува за изнаоѓање на поповолни решенија за фирмите, одговорот е да.

Во врска со реципрочни мерки за намалување на транспортни трошоци, цармнски трошоци со соседните држави, исто така се разгледвуаат тие прашања меѓутоа господинот Иванов знае исто така, некои соседни држави еднократно ги зголемуваат тие трошоци и покрај нашата волја да не бидат такви и тој знае кои држави тоа го правеја во изминатиот период, наспроти желбата на Македонија да не биде така. Но се разбира останува обврската на Владата да бара натаму поповолни решенија на овој план. И

стимулацијата која доаѓа од прашањето на господинот Иванов е апсолутно прифатливо, во духот на она што го сака, исто така Владата на Република Македонија .

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали сте задоволен од одговорот господине Иванов и дали имате дополнително прашање.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ ЅИНГО:

Задоволен сум, само би замолил во овој правец ако може многу побрзо да се дејствува поготово тоа што зависи од одлуките на нашата Влада  и на нашите институции. Значи да се отстранат оние непотребни трошоци кои се создаваат тука кај нас во Македонија. А точно е тоа дека е тешко да се договори кога се работи за други држави. Но имајки предвид дека ние градиме добри пријателски односи со Бугарија и со Југославија и ао се седне со аргументи и т.н. , а исто така имаме и со двете земји бесцаринско работење, мислам дека можеме да постигнеме многу поповолни услови. Во тој поглед благодарам на одговорот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

На третото прашање , ве молам да одговорите господине Гошев.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Кредитите кои доаѓаат од страна на Владата или Министерството за финансии, тие таканаречени меки кредити, кои се формираа врз основа на компензационите фондови, кои пак се полнат од донаторски средства кои потоа стануваат финансиски извори и преку нив  се одобруваат поповолни крдиди  за фирмите .

Прашањето откако го проучив, а пред тоа , морам да признам дека не го познавав, пред да дојдам во Министерството за финансии, констатирав дека тие меки кредити се ептен меки кредити заради тоа што преку тие компензациони фондови доделувани се кредити на повеќе фирми, по повеќе пати и на исти фирми. Констатирано  е дека  тие не ги враќаат овие средства или добар дел од тие фирми не ги враќаат овие средства. Констатиравме дека такви кредити се давани на фирми на кои не требало да им бидат давани затоа што не ги враќале, затоа што немале измирени обврски кон државата, затоа што и по едно и по второ и по трето репрограмирање, повторно не ги враќале. Констатиравм и тоа дека такви кредити се давани не врз основа на економски критериуми

туку врз основа на разни видови на блискости, туку на партиски лични и т.н., дека тој начин на кредитирање на стопанството на овој начин не е добар и размислуваме во Владата тие средства да ги префрлиме во некоја од банките, вклучително и во Македонската Банка за поддршка на развојот. Меѓутоа, одлуката пак за тоа зависи од вољата на донаторите, бидејки донаторите кога ги даваат тие средства пропишуваат јасни процедури како да се постапува со тие средства. Засега остануваат, еден дел, не големи средства, но еден дел на средства на овој начин да се одобруваат. Во Министерството за финансии постои единица за тоа , постои министерска комисија која ги разгледвуа тие барања и ги одобрува и повторно ги препраќа до донаторите па чека одговор за одобрување од донаторите . Процедурите се долги и бараме по ефикаснир ешенија. Тие навистина се поповолни но се далеку, далеку од доволни за да можат да го покренат стопанскиот замает на Република Македонија , така што основното решение не лежи во овие кредити туку во обезбедувањето на поголема маса на кредитен потенцијал кај банките, се разбира со она што зборувавме многу пониски к аматни стапки, подобри услови на кредитирање од она што го имаме денеска. Еве тоа е таа ситуација со тие таканаречени меки кредити кои се многу повеќе од меки кредити, на една прилично нееkономска основа , во многу случаи констатирано.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали господинот Иванов е задоволен од одговорот.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ ЅИНГО:

Задоволен сум со информацијата дека има и злоупотреби во користењето на тие средства, дека има недисциплина и т.н. Меѓутоа тоа е процес каде треба таквите да се дисциплинираат, да се преземаат мерки и т.н. Јас зборувамза оној дел каде што има здраво финансирање, каде што има оправдано економско вложување и во иднина и сега што се одобрени тие средства, а во иднииан се согласувам да оти тоа преку банкарскиот систем и јасно ни е тоа треба да се усогалси со донаторите. Меѓутоа кога човек гледа капка по капка, вир се вири. Треба на секаде  да се разрешуваат овие проблеми, во правец и развојот на економијата.

Благодарам, задоволен сум од одговорот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Шапуриќ.

ЗОРАН ШПУРИЌ:

Имам едно прашање упатено до замeникот минситер за образование и гласи вака:

Дали Министерството за образованеи размислува за воведување на етичко образование односно воведување на предметот етика, особено во средното образование, за што видовме во изминатите немили настани, се укажа една неопходна потреба. Ова етичко образование треба да се свати како една пошироа едукација на учениците, особено во средните училишта и како едно комплексно образование, сватено во рамките на поширокaта борба против негативните појави кај младите лица.

За ова, како што бевме сведоци постоеше иницијатива од повеќе научници во Република Македонија и пвоеќе професори меѓу кои господинот Кирил Темков.

Прашањето е, дали Министерството за образование размислува во наредната учебна година во своите програми да го воведе ова етичко образование.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господинот Герамитчиоски, дали ќе даде одговор.

ТАЛЕ ГЕРАМИТЧИОСКИ:

Реформите кои се одвиваа во средното стручно образованеи и средното гимназиско образование, ресорните сектори во Бирото за развој постојано прават анализи на имплементација на постојните наставни планови и програми, од ФАРЕ Програмата и реформираната програма на гимназиското средно образование. Ова укажување е земено предвид. Неколку пати во писмена форма е добиена оваа препорака, да се земе предвид етичкото образованеи во наставните планови и програми. Конечните согледвуања ќе ги нарпавимепосле сеопфатни анализи кои следат од Бирото за развој на образованието.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Шапуриќ дали сте задоволни од одговорот?

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Јас во начело сум задоволен со надеж дека ова ќе биде сериозно сватено и веќе од септември со средните училишта, не само во гимназиското образование, ќе го имаме овој предмет, со што сметам дека воведувањето на ова етичко образование ќе даде

огромен придонес во сеопшто сватена едукација, не само во онаа потесна смисла на етиката.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Констатирам дека нема потреба од дополнителни објаснувања.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Јас имам три прашања. Првото се однесува до Владата, односно Министерството за здравство, тука е присутен заменик министерот Пановски и се однесува на прашањето на реформите во здравството. Ова прашање можам да го сметам како лично, меѓутоа и како претставник на Комисијата за здравство, каде што беше дискутирано, општо прифатено е, се надевам, дека така ќе ме сватат од сите членови на Комисијата дека се неопходни реформите во здравството. Но сето ова го кажувам од следната причина, што последните промени на Законот за здравствена заштита се донесени некаде пред донесување на Уставот на Република Македонија и од тогаш нема никакви промени во самото здравство, додека во целото општество сме свесни за трензациони промени за што станува збор и што се случува.

Лично сметам дека проблемите кои што постојат во здравството, супстандардите што ни се нудат како здравствена услуга итн., најмногу произлегуваат од недефинираната регулатива во овој дел и законската регулатива, која е кочница на новите тенденции во современиот начин на дејствување на здравството и лечењето.

Од тие причини јас барам одговор од министерството за здравство дали воопшто размислува да ги почне реформите во здравството и дали, доколку размислува кога би го реализирал ова.

Второто прашање се однесува до Владата, конкретно до Фондот за здравство, каде што во ова време на антикорупциска кампања имаме одредени сознанија дека постои нерегуларно работење. Конкретно со решение од 12.12.2002 година под број 029525/3 направена е јавна набавка меѓу Фондот и Алкалоид на сума од 14 милиони 497 илјади денари, со која сметаме дека не е изрегулирана, не е почитувано она што е регулатива во Законот за јавни набавки. На ист принцип имаме уште три такви решенија од 8.01.2003 година, решение 026/1 кое што имаме сума од 31 милион 151 илјада денари со конзум план.

Третото решение е од 13.12.2002 година, решение под број 029556/3 со фирмата “Фарма трејд” што изнесува некаде 21 милион, 420 илјади и има уште неколку помали решенија кои што овде не би ги навел.

Истовремено треба да се потсетиме дека, како што деновиве изјави министерот Гошев дека ни мебел нема да се купи без одлука на Влада, дека слична изјава беше дадена, не знам колку е поткрепена со некој заклучок од Владата дека до новиот буџет нема да има цесии и слични работи.

Доаѓањето на новиот директор во Фондот за здравство, првиот ден резултира со две цесии една со Реплек и друга со градежното претпријатие Маврово, над 80 милиони денари, кои истовремено, не знам дали е коинциденца, ја градат неговата куќа.

Трето прашање е до Министерството за финансии до почитуваниот министер Петар Гошев.

Прашањето се состои во следното: дали постојат информации, а доколку не постојат, дали Министерството е спремно да направи анализа на бројот на фирмите по поголемите градови во Републиката и платниот промет воопшто на тие фирми. Како резултат на тоа дали имаме приходи во буџетот и дали тие давачки се наплатуваат.

Ова го барам од Министерството за финансии со една премиса дека постои сеопшто чувство, дека на целата територија на Република Македонија не подеднакво се извршуваат овие работи, тоа е едно, а второ дека одредени субјекти, практично ги плаќаат работите, други ги забушаваат, а трети воопшто не ги плаќаат.

Во интерес и на Буџетот на Република Македонија, сметам дека е потребно една ваква анализа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

На првото прашање ќе одговори господинот заменик министер за здравство Никола Пановски.

НИКОЛА ПАНОВСКИ:

Се разбира дека Министерството за здравство е свесно за неопходните реформи и во добар дел ќе ги продолжи реформите што беа направени од претходниот министер, односно започнати, така да, вие сте запознаени господине Оровчанец дека вашите групи кои ги формиравте, некои треба да работат за подготовка на развојот на здравствениот систем, се дискретно изменети од разни причини и овој застој што се

случи е заради изборите, конституирање на новата власт и заради тоа што сеуште не се знае дали ќе има кредит за здравството, дали ќе има кредит од Светска банка или нема да има, колкав ќе биде тој и во таа смисла до каде би оделе со овие проекти, дали ќе се оствари и јапонскиот гранд, со 488 илјади долари, доколку нема кредит. Така да, реформите би оделе во таа насока, можеби не толку широко во прво време како што беа замислени.

Другиот сегмент од ова прашање е нешто што не треба средства да кажам во собраниска расправа па повлечена од оваа Влада. Тоа беше Предлог законот за измени Законот за здравствена заштита.

Во Министерството работи работна група која првиот пречистен текст ќе го достави до Собраниската комисија, а појдовен текст е оној Предлог закон кој беше доставен до Собранието.

Можам да ви кажам дека досега, консензуално првите делови од тој закон а тоа е рефонцирање и акредитација, би треболо до дојде до првата фаза според законот во програмата на Владата во месец јуни, со мали измени се надевам, каде што е укинување на медицинските центри, како предуслов за понатамошна транзиција на јавното здравство, создавање на поликлиники, установи за прва помош, носечки и ренген лаборатории, членот за дополнителна работа, додека ставот е дека, можеби поважниот дел, по револуционерниот, приватизацијата во примарното здравство би требало да оди постапно, односно со евентуалниот кредит или некој друг нажин кога би се направил проект и од студии и постепено би се вовел тој дел кој постепено сега кога, за разлика од минатата и пред минатата година, здравството е во многу потешка финансиска состојба.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам, дали сте задоволен од одговорот.

ЃОРЃИ ОРОВЧАНЕЦ:

Да, задоволен сум.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Второто прашање беше доставено до Владата во целина, во врска со набавките во Фондот за здравство, г. Гошев, или госпоѓа Шеќеринска нека одредат кој ќе одговори.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Ова прашање не беше прашање, туку беше тврдење дека нешто се случува, но се разбира, секој пратеник има право и да тврди нешто.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Прашањето беше дали е точно тоа што е наведено како прашање.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Не знаеме дали е точно, но ќе провериме и ќе му кажеме на господинот пратеник дали е тоа точно или не е точно и ќе добие писмен одговор за тоа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам, тука завршува, ќе добиете писмен одговор.

Третото прашање е упатено до министерот за финансии.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Имамем податоци за приходите, за расходите секојдневно. Имаме структура на тие приходи, структура на тие расходи по сите линии на вкрстување и по фирми, и по гранки и по дејности и по територија и ќе ви дадеме писмен одговор на тоа прашање бидејќи такво мноштво на податоци не се чуваат во глава. Значи ќе добиете писмен одговор.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор госпоѓа Цветанка Гашоска.

ЦВЕТАНКА ГАШОСКА:

Господине претседателе, првото прашање ми е упатено до министерот за животна средина, но мислам дека на еден дел од прашањето може да даде одговор и министерот за култура.

За Охрид, за македонската гордост како културно историска престолнина, не треба да се зборува ништо. Но мора да се преговори за она што му се случува на Охрид последниве неколку години.

Ни се случува, градење без никаков ред, нарушување, нагрдување на старата охридска архитектура, узурпација на крајбрежието, заградување и оградување на

делови од плажите, дури и делови од Езерото, не довршен колекторски систем, или како што рекоа пред некое време новинарите Охрид трпи урбан терор.

Заради сите тие случувања, УНЕСКО не предупреди дека ќе се откаже од својот град штитеник, ако оваа состојба вака продолжи и ништо да не се превземе за досегашната состојба. А тоа значи, дека ќе ни секнат и донациите.

Дали не е повеќе од итно да се превземат мерки, да не ни се случи и ваков срам.

Второто прашање е упатено до министерот за транспорт и врски и гласи: магистралните патишта од двата патни правци, што значат влез во Охрид, минуваат низ населени места, а тие делници се вистински црни точки.

На патниот правец од Кичево пред Охрид, ризичните делници се на потегот на селото Мешеишта и  Горанци, а од другата страна од Ресен на делницата кај с. Косел и особено кај с. Лескоец.

На овие места, многу често се случуваат тешки сообраќајни несреќи со загуба на човечки животи. Очигледно е дека знаците за ограничување на брзината на движење, не се доволна заштитна мерка.

Дали Владата, односно ресорното министерство ќе превземе дополнителни мерки за заштита на овие патни правци.

И до заменик министерот за здравство три кратки потпрашања.

Голем број дијабетичари подолго време чекаат да се употреби ласерот на Очната клиника со кој се спречува унапредувањето на промените на очното дно, како резултат на дијабетот.

Тие прашуваат до кога ќе чекаат, бидејќи нивниот оштетен вид не чека.

Второто потпрашање е, за да ги вратат средствата потрошени за купување лекови, пациентите мора да поминат маратонска патека. Од амбуланта до аптека, таму нема лекови од позитивната листа, до друга, каде што лекот е поевтин, во треба по потреба дека лекот го нема, до Фондот да напишат молба и ги чекаат парите по 2-3 месеца, намалени за поголем износ од партиципацијата.

Ова ги измачува пензионерите, а вработени губат работни часови.

До кога до лекови на ваков начин.

И третото потпрашање: општината Белчиште се состои од повеќе села, доста оддалечени од Охрид.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Госпоѓа Гашоска се извинувам, тука треба да прекинам имам впечаток дека третото прашање се состои од цели три прашања и не сакам да направам преседан особено со некој од мојата пратеничка група, затоа што после не можам да го спречам кај никој друг тоа.

Тука завршивте со прашањата, а првото за култура, второто за транспорт, третото за здравство од два дела, меѓутоа очигледно е дека е ново прашање.

Имате можност на три, а не 4 или 5 прашања.

Ве молам да ме разбере и мене за ваквиот однос.

На првото прашање ќе одговори г. Стефановски, или писмено ќе одговори.

БЛАГОЈА СТЕФАНОВСКИ:

Јас само делумно ќе одговорам за заштитата на Езерото, меѓутоа за делот кој што спаѓа во нашиот ресор, за кое е задолжено Заводот за заштита на спомениците, значи доколку се рабоит за објектите, кои што прогласени за споменици на културата, значи ако има такво нарушување, Заводот за заштита на споменици преку своите инспекциски служби треба да реагираат.

Јас не сум информиран дека има такви дејствија, меѓутоа, ќе се обидам да побарам такво нешто, сигурно има нарушување на некој друг дел со кои што се соочувам со моето доаѓање во Охрид кога има некакви манифестации, меѓутоа, тоа е дел од едно пошироко дејствување и ќе се обидеме ова лето да го направиме и кога се одвива и таа манифестација Охридско лето и кога знаето со доаѓањето на генералниот директор на УНЕСКО Мацура, ќе сакате да ги покажеме сите стојности и онаа мерка која ја превземаме за заштита и зошто тој град ги заслучува сите атрибути на град на УНЕСКО.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Госпоѓа Гашоска дали сте задоволни од тој дел на прашањето.

ЦВЕТАНКА ГАШОСКА:

На овој дел сосема сум задоволна.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

На вториот дел од екологијата ќе добиете писмен одговор.

Второто прашање беше до министерот за транспорт Ајдини.

МИЛАИМ АЈДИНИ:

За изградба и одржување на магистрални патишта е задолжен Фондот за магистрални и регионални патишта. Фондот за магистрални и регионални патишта изработува, или донесува план, кој го донесува во прв ред Владата на Република Македонија, а потоа и Собранието.

Во годишната програма на Фондот точно се наведени активностите кои Фондот треба да ги првземе, но во согласност со расположливите средства што ги располагаме.

Во рамиките на дозволениот буџет, Фондот ќе преземе активности во смисла на изградба на нови патишта и на одржување на старите на тие постоечки магистрали и регионални патишта, по претходно изработена техничка документација и сега уште еднаш ќе потенцирам со расположивите средства што ќе ги имаме во годината. Во Програмата на Фондот дали ќе биде спомнатиот правец или спомнатите делови, ќе видиме по донесување на буџетот за оваа година.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Госпоѓа Гашоска, дали сте задоволни од одговорот.

ЦВЕТАНКА ГАШОСКА:

До овој момент да, меѓутоа како пратеничко прашање ова беше поставувано и во изминатиот период во претходните 4 години и мислам дека заслужува внимание барем сега да му се обрне.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Третото прашање е упатено до министерот за здравство, со две потпрашања. Има збор г. Пановски.

НИКОЛА ПАНОВСКИ:

За првото потпрашање лично не сум запознаен, меѓутоа, генерално е поврзано со второто, бидејќи е поврзано со финансирање во здравството, иако се работи за Очна клиника, каде што најчесто е причина човечкиот фактор.

Финансиската причина, проблем што тој ласер не е поправен, а знаете во каква ситуација е моментално здравството. Во секој случај на ова би требало да се задоволите со писмен одговор, точно да видиме во што е причината.

Кога би било финансирањето во здравството и не би постоела злоупотреба на пациентите, се согласувам и ова не би било проблем, бидејќи би можел пациентот истиот преглед, ако не може да се направи во јавна здравствена организација ќе го направи во приватна, без разлика дали таа работи со Фондот за тој преглед би требало да биде признаен. Меѓутоа, патот за да се признае тој преглед понатаму е навистина долг, истото се однесува и за лековите, едно заради неорганизираност, а друго е заради злоупотреба и трето, со тоа се сосема се согласувам, е дека во минатото направивме анализа околу 60% од предметите првостепената комисија во Фондот односно Фондот, барањата на пациентите за рефундирање на средствата ги одбивал без никаков аргумент.

Второстепената која се наоѓа во Министерството за здравство тие жалби, јас секојдневно гледам, бидејќи ги потпишувам тие решенија повеќето односно 70% се жалбата на пациентот, поминало многу време и тоа се само оние пациенти кои биле доволно упорни да стигнат до таму и да ги повратат парите, ако се работело за помали средства, тоа не го прават.

Ние ќе направиме напор иако реков дека веројатно основниот пакет и таа позитивна листа иако е оправеана веројатно не може во овие услови да ги задоволи потребите на секој граѓанин и мора да се направи интервенција и сите овие злоупотреби да се сведат на минимум, а тоа би требало да биде на некој начин со поефтинување на лековите.

Материјал за ова постои  на 15 страници во Министерството за здравство заедно со Фондот и се надевам дека ќе дојде побрзо новиот директор на Бирото за лекови и ќе гледаме да најдеме решение, зборувам за овој дел за второто потпрашање за лековите во аптеките.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Госпоѓа Гашоска, дали сте задоволна?

ЦВЕТАНКА ГАШОСКА:

Да, исцрпен беше одговорот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ви препорачувам третото прашање што не го поставивте на наредниот од вашата група да му го дадете, ако има две, ќе биде трето.

Господин Михајло Георгиевски.

МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, членови на Владата на Република Македонија,

Моите три прашања се кратки, а барам и краток одговор.

Првото прашање т.е. две прашања се до Министерството за надворешни работи. Првото гласи што сторивте да го спречите изгласувањето на Резолуција во трите најголеми и највлијателни држави во САД да го прогласат македонскиот народ за елински, т.е. грчки и што ќе сторите сега откако таа штета е направена.

Второто прашање, што преземате за решавање на името на Република Македонија БЈРМ, бидејќи СР Југославија веќе не постои. Тоа во ООН е регистрирано така што по автоматизам треба да се примени уставното име на Република Македонија.

Каква активност преземате во тој правец, а особено сега кога и Америка ни се обраќа под уставното име.

Третото прашање е до Министерството за внатрешни работи. Дали планирате некоја офанзивна акција за присилно одземање на нелегалното оружје во Република Македонија затоа што сме сведоци дека премногу нелегално оружје има од кое секој ден се пука и просто е опасно да се живее во нашите простори.

Како потпрашање дали некое од нерасветленит убиства во Република Македонија, има случај да е направено од лице кое имало добиено легално оружје во периодот од 1998 до 2002 година, бидејќи во јавноста се манипулира дека убиствата се последица од легалното оружје добиено од претходната влада.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам на прецизноста и концизноста на прашањата.

Првото прашање е до господинот Хасановиќ, заменик министер за надворешни работи.

ХАСАНОВИЌ:

Република Македонија има воспоставено дипломатски односи со САД. Односите ги негува и развива со САД односо сојузните држави кои се дел од САД.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали сте задоволен од одговорот?

МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ:

Јас реков во три влијателни држави тоа се Калифорнија и други, но ако во тој правец тргне можеби и други ќе не признаат, ќе донесат такви декларации и ќе не стават во ситуација дека повеќе држави 20, 30 и тогаш Стејд Департментот нема што да прави, бидејќи ќе има мнозинство.

Што се прави во тој правец да се спречи, дали се развива некоја активност по тие нивни како ги велат парламенти, еве во моментот сум информиран дека такво барање има и во Тексас, но среќа во Тексас има поразбрани луѓе и тоа моментално е отфрлено. Но, незнаеме во другите држави каква е ситуацијата. Затоа треба Министерството за надворешни работи да развие активност во која држава и што и како да се спречи, инаку ако земе поголем замав, тогаш е веќе тешко.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

На дополнителното прашање дали имате коментар?

ХАСАНОВИЌ:

Мислам дека ова е една претпоставена состојба за натамошен развој на состојбите на тој план. Државите на САД немаат намера да водат надворешна политика, амбасадата на Република Македонија во САД води интензивна дипломатска активност за попречување на ваквите поединечни акции на одредени институции во одредени држави во САД.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Второто прашање е исто до вас господине Хасановиќ. Тоа е во врска со промената на името на северниот сосед и реперкусиите врз нашето име во ООН.

ХАСАНОВИЌ:

По тоа прашање писмено ќе се изјасниме.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ќе добиете писмен одговор по тоа прашање.

Третото прашање е до господинот Хари Костов.

ХАРИ КОСТОВ:

Бидејќи беше прашањето со некои потпрашања дали Министерството за внатрешни работи планира и присилна акција за одземање на оружјето, јас би го кажал следното. Во текот на изминатата година имавме конференции на кои дадов одговор, но би го повторил следното:

Министерството за внатрешни работи веќе го подготви законот за доброволно предавање на оружјето и тој закон во текот на оваа недела е доставен до надлежните министерства на Владата на Република Македонија за соодветни коментари и потоа ќе влезе во владина процедура, а потоа и во Собранието на Република Македонија.

Меѓутоа, уште еднаш потенцирам, тука се работи за доброволно предавање на оружјето врзано со програма на ООН, програма за оружје за развој. На седница на Владата на Република Македонија помина програмата и помина соодветната партиципација на ООН, како договор од 300 илјади долари, околу подршката на изработката на националната програма, работа на Координативното тело, медиумското покривање и т.н.

Поентата на таа програма ќе биде на принцип на доброволност на граѓаните, оружје што ќе се предаде во противвредност за толкава вредност на оружјето што ќе се предаде во определени градови во зависност од тоа како е предадено, во кои села, во тој дел да се изградат определени инфраструктурни објекти. Дали тоа ќе биде во делот на здравството, патишта, школи и т.н.

Меѓутоа, во Министерството не работиме само на ова делче, туку работиме и на измена на законите, измена на Законот за јавниот ред и мир и Кривичниот закон, но и законот околу издавањето на дозволите за поседување и носење на оружје.

Уште еднаш ќе спомнам дека измените на законот кој го предвидуваме за јавниот ред и мир веќе тука ќе вградиме одредба во која самото носење на оружјето значи со брза измена на тој закон, самото носење на оружјето малото и лесното вооружување на јавни места ќе претставува прекршок во кој ќе се предвидат и казнени мерки за одземање на таквото оружје кое се носи на јавни места. Значи, не

можете ворესторант, во театар, кино да одите со оружје, освен лица кои се овластени од аспект на полицијата, армијата и т.н.

Второ, околу измените на дозволит кои ќе бидат издадени ќе наложиме со измената на законот пререгистрација на постојните дозволи и ќе има многу јасна поделба на дозволи за поседување на оружје и дозволи за носење на оружје. Значи, оние што ќе имаат дозволи за поседување на оружје можат тоа да го имаат во своите домови за заштита на домот, но во никој случај не може тоа да се носи надвор од домот на јавни места и т.н. Додека оној рестриктивниот број на лица кои имаат дозволи за поседување и носење на оружје тоа е, како што реков за оние овластени службени лица во најголем дел.

Последното потпрашање во овие рамки, колку што разбрав прашањето беше дали во убиствата, ние ќе дадеме информација затоа што во моментот не можам да кажам колку од случаите на убиства од ноември до сега се извршени со легално оружје, меѓутоа, во секое од тие расветлени ги имаме и оружјето и регистрацијата, има и со легални и со нелегални оружја што се извршени, меѓутоа во тој дел за наредната седница ќе дадеме точно писмено за секој поединечен случај. Меѓутоа, не би сакал овде од пратеникот беше погрешно интерпретирано дека постојат злоупотреби и шпекулации во јавноста дека бројот на убиствата се вршени со дозволите кои се издадени во периодот 1998 - 2002 година.

Она што беше укажано и на изминатите пратенички прашања беше само бројот на дозволи кои беа издадени во изминатите 4 години на лица кои не ги исполнуваат законските услови или со кршење на законската постапка во тој дел, а не дека со тие оружја, никој не наведе во тој период дека со такво оружје е направено поединечно оружје.

Според тоа, ова се одговорите, а во писмениот дел ќе дадеме за секој поединечен случај што беше од ноември до сега на извршени убиства каков вид, откриени и расветлени убиства, со каков вид на оружје е извршено.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Георгиевски, дали сте задоволен?

МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ:

Делумно сум задоволен, добро кажа, сега ќе добиеме и писмен одговор, јас мислев на тоа како што имаше рации за фаќање на тие макроа за проститутки, па да

има такви рации за нелегално оружје. И таму нека има плод, еве ова вроди со плод. Тоа ми беше зборот, дали такви акции ќе постојат, си има закон со кој се регулира забрането носењер на нелегално оружје, јас предлагам да има такви акции инаку доброволно предавање на оружјето, јас мислам дека тешко ќе се одвива таа работа. Нека се донесе закон, иако тешко доброволно ќе го даде тој што го купил од шверц по 1.000 до 2.000 марки, јас незнам колку чини тоа оружје, туку само со рации можат да се разоружаат оние кои го зеле тоа оружје нелегално.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

На дополнителното прашање господине Костов.

ХАРИ КОСТОВ:

Се согласувам со пратеникот, се извинувам што на тој дел фактички не одговорив, затоа што рациите околу нелегалното поседување на оружјето се фактички секојдневната работа што Министерството за внатрешни работи ги прави. Дури и обидите и делот од контролата на работното време во угостителските објекти која се покажа како карикирање, фактички во таквите акции до сега се откриени определен број на оружје кое е земено токму во такви контроли.

Меѓутоа, еве ќе дадам, од ноември заклучно со март 2003 година кај случаевите на недозволена трговија со оружје во овој период се откриени 71 кривично дело на недозволено држење на оружје и распрскувачки материјали извршени од 96 сторители.

По преземените мерки и активности до сега во овој период одземени се 368 парчиња оружје, 8 кг. и 35 грама експлозив и над 20.458 парчиња муниција.

Гледано од видовите на оружје помеѓу другото 41 пиштол, 22 автоматски и полуавтоматски пушки за кои не може ни да постои дозвола за носење, две боеви пушки, 142 офанзивни и дефанзивни рачни бомби, ловни пушки, карабини и тн. и т.н.

Според тоа, активностите околу одземањето на оружјето за сите оние кои што нелегално го поседуваат од аспект на немање на дозвола или неовластена употреба на тоа оружје се фактички секјдневна работа на Министерството.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Објавувам пауза од 15 минути, а после паузата господинот Мите Николов, па госпоѓата Лалчевска. Редоследот е таков.

(Пауза од 17,45 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 18,05 часот)

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Продолжуваме со работа.

Прашање ќе постави господинот Николов Мите.

МИТЕ НИКОЛОВ:

Почитуван претсдателе, почитувани министри, заменици министри и останати членои на Влада, колешки и колег пратеници,

Имам три прашања од кои што две се однесуваат на штипското стопанство.

Првото прашање е упатено до Министерството за економија, до министерот Илија Филиповски и се однесува за Текстилниот комбинаст “Македонка” од Штип, некогашен гигант на текстилот во Источна Македонија. Прашањето глади:

Дали акционерските друштва “Предилница”, “Ткајачница”, “Енергетика” и “РОС” при Текстилниот комбинат “Македонка” од Штип се приватизирани и продадени и кои се новите сопственици, бидејќи сеуште нема рестартирање на погони од овие акционерски друштва, а поранешните вработени не се на работа.

Второто прашање го упатувам до министерот за економија се однесува за Фабриката за сијалици “Селена” од Штип, единствена фабрика од ваков вид во Македонија која од 1997 година се наоѓа во стечај. За овој изминат период од 350 вработени, односно стечајни работници, повремено на работа се повикувани 20-30 стечајци. Доверителите сега договараат нов стечај. Прашањето е:

Што мисли Министерството да направи со оваа фабрика каде што егзистенција наоѓаа до сега околу 350 семејства?

Трето прашање, со оглед на тоа што беше од областа на здравството, а истото прашање беше поставено - дали ќе се трансформира јавното здравство и кој е моделот на здравството, односно кога тоа ќе започне и кога ќе заврши исто беше упатено до заменикот министер проф. Д-р Пановски, веќе е прашано.

Благодарам на вниманието.

Одговорите на прашањата можат да бидат во писмена форма.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Со оглед на карактерот на прашањата што бараат пообемен одговор, претпоставувам, госпоѓице Шеќеринска дека одговорите ќе бидат дадени во писмена форма.

РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:

Да.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ќе добиете писмен одговор на двете прашања за Штипското стопанство.

Има збор госпоѓа Лалчевска.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Благодарам господине претседателе.

Моето прашање е до министерот за одбрана, а на дел од прашањето одговор може да даде и министерот за труд и социјална политика.

Според Законот за пензиско и инвалидско осигурување, член 19, пензискиот основ се утврдува од месечниот просек на плати што осигуреникот ги остварил за време на вкупното траење на осигуувањето.Меѓутоа, категоријата воени осигуреници, тоа е офицерскиот кадар и граѓанските лица вработени во Армијата, нивниот пензиски основ се уврдува од од просекот на платите остварен во периодот, меѓутоа после 1 април 1992 година, бидејќи од таа дата се преземени од поранешната Заедница на воените осигуреници на поранешна СФРЈ.

После 1994 година извршени се одредени измени во Законот за ПИО, со што оваа категорија на лица се пензионираат со времени решенија. Ваквата состојба до денеска остана иста. Меѓутоа, со ова ваквата категорија на осигуреници се ставени во нерамноправна положба. Во која смисла? Сите оние кои се пензионирани до 1994 година, отишле поповолно во пензија. Но, сите оние кои се пензионирале после 1994 година поради ваквата Одлука отишле во пензија понеповолно, што значи директен атак на уставното начело на еднаквост. На ваквото нешто своевремено реагирал и Уставниот суд и ваквата одлука ја прогласил за неуставна. Меѓутоа, состојбите овде се непроменети.

Целиот овој проблем доаѓа од там што фактички матичната евиденција од 1970 до 1992 година за оваа категорија на осигуреници се водела во Заедницата за воени осигуреници.. Меѓутоа, таа не е преземена од Фондот за ПИО. Моето прашање до Министерот за одбрана е:

Што ова Министерство прави да ја преземе и дали ја презела матичната евиденција, после сукцесијата за оваа категорија осигуреници од поранешниот Завод? Ако ја презело, а имам сознанија дека е преземена, дали истата е предадена на Фондот за ПИО за да се устрои во матичната евиденција на Фондот?

Делот на прашањето што се однесува до Министерот за труд и социјална политика е што министерот, односно ова Министерство прави за разрешување на ваквиот поблем  и дали наскоро може да се очекува да се разреши овој проблем и оваа категорија на лица да бидат препензионирани и да добијат решенија со пресметан пензиски основ на нивниот целокупен стаж, односно за сите примени плати според она што го имаме во матичната евиденција.

Проблемот е заеднички, меѓутоа на дел од прашањето барам одговор од министерот за одбрана, а  останатиот од министерот за труд и социјална политика.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Бучковски.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Прашањето е комплексно. Проблемот не е саво во преземање евиденцијата, за што пратеничката знае дека е преземена, бидејќи бара поопсежен одговор и консултации со Фондот за ПИО и со Министерството за труд и социјална политика, ќе дозволи пратеничката поопширно и поопсежно да одговориме на овој проблем писмено.

НИКОЛА ПОПОВСКи:

Ќе добиете писмено одговор, со оглед што прашањето бара проучување.

Има збор господин Есад Рахиќ.

ЕСАД РАХИЌ:

Почитуван претседателе, драги колеги, претставници на извршната власт,

Јас ќе поставам три прашања,

Првото прашање е до министерот за економија господинот Илија Филиповски, но тој не е тука, па доколку може да го слушне прашањето и да одговори писмено.

На 28 октомври 1996 година со Одлука на Влада, со средства од околу 960 милиони денари, по тогашен курс 20 милиони долари, а сега 16, е формирано ЈП “ГАМА” како единствено за набавка,транспорт и дистрибуција на природен гас. Во меѓувреме и “Макпетрол” добива посебна дозвола.

Она што сакам да прашам и да кажам дека во последниве 2-2,5 години ова претпријатие е во катастрофално лоша состојба, лошо работи, нема никакви приходи. Владата не го сервисира, иако само по основ на капиталот, каде имаат 44-45% Владата цирка прсметки од профитот добиен од продажба на гас, некаде 8 милиони долари ова претпријатие би можело да функционира.

Прашањето е следно - што планира Владата да направи, во својата агенда, со ова претпријатие?

Како попрашање - зошто сеуште не е конституиран избраниот Управен одбор и не е сменет директорот кој за овие 2,5 години ама баш ништо не направи.

Ова е првото прашање и се надевам дека ќе имам писмен одговор.

Второто прашање е поставено до министерот за транспорт и врски, со оглед на честите шпекулации во поново време за новата авиокомпанија, а со оглед на тоа дека странските авиокомпании што летаат тука го собираат кајмакот во делот на финансиите - Што се случува со МАТ и што се случува со нашиот национален авиопревозник, од аспект на парите и од аспект на тоа што 20 наши македонски пилои се во Завод за вработување, приземјени, додека странски пилоти летаат под знамето на нашата авиокомпанија.

Третото прашање ќе го упатам до министерот за земјоделие и министерот за транспорт и врски:

Во периодот од 1999 до 2002 година министрите од тогашната влада доделуваа концесии за користење на градежно земјоделско земјиште во Република Македонија. Барам да ми се одговори колку земјиште е доделно на користење и на кои претпријатија и личности особено ме интересира за фирмите: “Агропијанец”, “Сковил”, “Орландо”, “Мирабела интернационал” таа е некаде од Девствените Острови регистрирана со еден долар, ЗИК “Сандански”, веројатно “Берит” некој англиски израз и на кој принцип и по кој основ овие фирми ја добиле таа концесија и ако може кој стои зад тие фирми.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

На првото прашање и самите побаравте и известен сум дека ќе добиете писмен одговор од Министерството за економија.

На второто прашање одговор ќе даде министерот Ајдини.

МИЛАИМ АЈДИНИ:

Во врска со прашањето за “МАТ” како национален авиопревозник, ќе му качам на цениот пратеник дека “МАТ”, не е национален авиопревозник туку е редовен авиопревозник. Договорот со “МАТ” се реализира и ќе видиме дали има некој член што ќе треба да се ревидира.

Во поглед на тоа дека патниците патуваат со странски и други компании, овде ќе изјавам дека во Република Македонија не се регистрираат авиокомпании како такви. Значи не се регистрираат како авиокомпании, туку претпријатијата во чии регистрации се има предвидено вршење на дејност превоз на патници и стока, пошта со воздухоплов, доколку претпријатијата ги исполнуваат условите од член 28 од Законот за воздушна пловидба, Управата му издава уверение за исполнување на тие услови што служи како доказ дека можат безбедно и уредно да вршат јавен воздушен сообраќај.

Дали ќе има и други компании или кои ќе бидат заинтересирани, за сега не знаеме и нема заинтересирани. Но, сите кои ги исполнуваат условите можат да бидат авиопревозници.

Уште еднаш ќе потенцирам “МАТ” не е национален авиопревозник туку е редовен авиопревозник и има одредени бенефиции, но ќе видиме дали треба или не по анализа на истиот договор.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господиине Рахиќ дали сте задоволни од одговорот?

ЕСАД РАХИЌ:

Во првиот дел да, но доколку може да ми одговори што е со македонските пилоти што се приземјени без работа во Заводот за вработување а летаат други пилоти на вашите воздухоплови?

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Секако дека може. Тоа е дополнително прашање.

МИЛАИМ АЈДИНИ:

На дополнителното прашање ќе одговорам писмено, затоа што прашањето е комплексно и претпоставувам дека неможе да се одговори едноставно.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Третото прашање беше поставено до Министерството за транспорт и Министерството за земјоделство.

Како ќе одговорите господине Ајдини?

МИЛАИМ АЈДИНИ

И третото прашање е повеќе во делот на Министерството за транспорт и врски, а се изнесени конкретни имиња за дадено земјиште на користење. Ќе одговориме пиемено, затоа што не би можеле да дадеме информации кога се работи за конкретни фирми и тоа за повеќе такви.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господинот Србиновски ќе поставни прашање.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Благодарам господине претседателе,

Ќе поставам три прашања, три прашања.

Првото прашање е до Министерството за земјоделие:

Познато ни е дека земјоделите како гранка во Република Македонија е главен столб за развој на државата. Не би сакал многу да елаборирам, меѓутоа прашањето е поставено од земјоделците од Пелагонија. Познато е дека Пелагонија е најголем производител на житарици, па се поставува прашањето дали Владата ќе обеsбеди средства за премија за пченицата, дали ќе обезбеди средства за шеќерната репка, за тутунот и млекото?

За шеќерната репка напомнувам дека е на прагот сеидбата, па индивидуалните земјоделци треба да знаат дали треба да засејат површини од 2000 хектари или не треба воопшто да пристапат кон сеидба, па според тоа треба да знаат индивидуалните земјоделци дали да ги засејат тие површини од 2000 хектари или не треба воопшто да пристапат кон сеидба. Одговорот можи или усмено или писмено.

Второто прашање е до Министерството за внатрешни работи, според кој критериум е извршена промена во подрачната единица на Министерството за внатрешни работи - Битола, 7 лица се сменети со високостручна подготовка, 10 со виша стручна подготовка, а се поставени 17 души со средна стручна подготовка. Барам да ми се одговори според кои критериуми се извршени овие промени? Министерот може да одговори усно или во писмена форма.

Третото прашање е до Владата на Република Македонија, за становите, дали Владата бара начин за олеснување на купување станови пред се во поглед на намалување на цената од страна на младите луѓе? Дали Владата има предвид дека со покачувањето на цената на становите се оди директно на штета на младата популација, која е иднината на оваа држава. Имајќи предвид дека станот е една од животните потреби со поскапување на цената на чинење се оневозможува склучување на бракови, осамостојување на младите, што води кон една безперспективност, ги принудува младите да ја напуштат државата во потрага во подобра егзистенција. На овој начин Владата оди директно спрема оние што треба да бидат дел од посебно формулираната политика, бенифицирана политика и треба да е свесна дека последиците ќе ги сноси таа и никој друг. Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Првото прашање за премијата ќе одговори господинот Јашари.

БЕСИР ЈАШАРИ:

Што се однесува до првото прашање поврзани со Пелагонија и за сите други премии односно субвенции, ќе одговорам во писмена форма иако би сакал овде да изнесам некои податоци, но бидејќи во моментот ги немам сите податоци, зависи од некои моменти врзани со ребалансот на Буџетот, така што врзано за премиите на шеќерната репка, млекото, пшеницата и тн, одговор ќе добиете во писмена форма.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ќе добиете писмен одговор во тој дел што одговори или одговорот ќе го дадете вкупно?

Вкупно ќе го дадете одговорот во писмена форма и за тој дел.

Господинот Костов ќе одговори за Подрачната единица во Битола.

ХАРИ КОСТОВ:

За сега можам само паушално да одговорам затоа што немаме конкретни податоци, дури ни во прашањето немаме конкретно прашање.

Знам дека сите разместувања што се направени во СВР Битола и во другите секотори за внатрешни работи, луѓето кои се поставени на местата ги исполнуваат законските услови за поставување и во поглед на образованието.

Според тоа, за да можеме успешно да одговориме на ова прашање, би го замолил пратеникот ако може да достави точно за кое лице се рзботи. Овде беа спомнати 17, па 10, за да можеме конкретно да одговориме дали на тие места се

фактички поставени луѓе кои имаат соодветно образование, соодветно на она што се бара со систематизаијата на МВР.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Јас ги имам лицата, ќе доставам список до министерот за кои лица се работи, па молам одговорот да биде даден во писмена форма.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ќе ви достави писмен одговор до наредната седница.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Третото прашање е до Владата, но господинот Ајдини, министер за транспорт и врски ќе одговори дека до тој ресор е прашањето.

МИЛАИМ АЈДИНИ:

Нормално дека Владата има програми и за млади брачни двојки, една од програмите беше Програмата за таканаречените социјални станови, од каде се предвидуваше да добијат станови и млади брачни двојки, но на тој укинат оглас многу малку имаше млади брачни двојки, Душебрижништвото треба да биде многу порано, а не од сега, зашто добро е да се мисли од тој поглед меѓутоа не би можеле сите проблеми да се решат за толку кратко време.

Програмите и за становите кои ги спомна пратеникот ќе бидат реализирани дел, но целата потреба не би можеле да ја консолидираме за кратко време, па затоа во поглед на одговорот на прашањето пратеникот ќе добие и писмен одговор.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали господинот Србиновски е задоволен од одговорот?

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Бидејќи министерот најави дека ќе има и писмен одговор, нека биде писме одговорот, затоа што усмениот одговор е недоволен.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

За збор се јави госпоѓица Славица Грковска.

СЛАВИЦА ГРКОВСКА:

Јас има три прашања.

Првото прашање ми е до Министерството за образование и наука.

На јавноста и е познато дека единствениот критериум за вработување, за време на претходната Влада без разлика на видот на работното место беше партиската припадност на една од партите на тогашната власт. За жал образованието не изостана од комплетните случувања во државата, така да имаме

пример на дипломиран професор по историја со просек над деве, кој се обидува да се вработи во основно и средно училиште, меѓутоа на него отворено му е барана партиска книшка за да се вработи, партиска книшка од ВМРО-ДПМНЕ. Сличен пример на професор по хемија со просек над девет, избркан и на негово место да се вработи партиски кадар итн. Намерно го споменувам просекот затоа што податоците кои се однесуваат на бројот на млади луѓе кои што ја напуштаат државата заради чувството на бесперспективноста е загрижувачко. Затоа моето прашање е:

Како Министерството за образование и наука ќе се грижи за вработување на нови, млади научни и истражувачки кадри и дали подготвува некоја посебна програма за ублажување на негативниот тренд на одлив на овие научно истражувачки кадри во странство.

Второто прашање исто така ми е до Министерството за образование инаука а тоа е:

Како се искористени средствата од продажбата на ТЕЛЕКОМ во интервенции на училишните објекти и дали постојат некои недоследности во спроведувањето на плановите за искористување на овие средства.

Третото прашање ми е до министерот за внатрешни работи.

Дали имате сознанија за извршено отпишување на оружје во големи количини во Министерството за внатрешни работи на повеќе лица и дали се преземаат соодветни активности.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

На првото прашање ќе одговори господинот Герамитчиоски, заменик министер за образование.

ТАЛЕ ГЕРАМИТЧИОСКИ :

Во поглед на напорите што ги рпави Министерството за образование и наука да изготви некоја програма во која што младите научно-истражувачки кадри би нашле свое место во научно-иастражувачките институции, морам да признам дека во голема мера сме хендикепирани заради ставката во Буџетот, која што значително беше намалена, така да во тековната година ќе мора да направиме напори за соодветно преструктуирање на средствата, барање на грантови и други фондации кои што би се искористиле за оваа намена.

Значи, во секој случај се права напори преку редефинирање на научно-истражувачките проекти во кои што би биле условени раководителите на проектите

да вклучат повеќе од двајца млади научно-истражувачки кадри да се опфати што поголема популација.

Средствата се проблем, правиме напори, еве и денеска имавме прилика со холандската Влада на тркалезната маса што се одржува да замолиме за помош во тој сегмент. Јас сум оптимист и мислам дека ќе се изнајдат средства и разбирање пред се од страна на грантови и фондации.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали госпоѓа Грковска е задоволна од одговорот или има дополнително прашање.

СЛАВИЦА ГРКОВСКА:

Со оглед на изјавите не можам да бидам комплетно задоволна, затоа што ова само делумно може да го реши проблемот, не мислам дека е крајно решение. Се надевам дека Министерството во иднина ќе превземе некои конкретни мерки во смисла на градење на посебна стратегија за начинот на кој можат да се активираат и да се задржат младите кадри во државата.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Значи немате дополнително прашање.

Господинот Герамитчиоски ќе даде одговор на второто прашање.

ТАЛЕ ГЕРАМИТЧИОСКИ:

Ова прашање е поврзано со поголем број на податоци. Изготвена е една анализа од страна на Министерството за образование и наука како се искористени средствата и можам да кажам дека оценката во таа анализа е дека има поголем број на недоследности во реализација на одобрените средства од субјективни и од објективни причини.

Мислам дека пратеничката би била задоволна доколку во писмена форма добие одговор, односно да го добие извештајот, бидејќи станува збор за конкретни цифри, податоци со што би имала подобар увид во однос на оваа проблематика.

НИКОЛА ПОПОВСКИ :

Значи извештајот ќе биде одговор и писмено доставен до пратеничката.

Има збор господинот Хари Костов.

ХАРИ КОСТОВ:

Од досегашното работење во Министерството за внатрешни раоти имаме сознанија за определени решенија за извршени позначајни отписи на оружје и за еден дел можеме да кажеме дека во некои работи тоа е и нормална работа особно

имајќи ги предвид состојбите што беа во 2001 година, меѓутоа во неколку решенија особено падна во очи затоа што ниту имаа здрава логика и очигледно создаваат основа за сомневање за извршени фалсификувани решенија.

Дојдовме до едно решение кое укажува на преземање на оружје од една домашна фирма со испратници, фактури кои се извршени, фактура од 10 мај меѓутоа испратници за роба примена во Министерството за внатрешни работи во мај, јуни и јули 2001 година и примена од тогашниот началник на Петтата управа во ДБК, господинот Александар Цветков за кој што постојат документи потпишани за прием на таа роба. Исто така и документи за прием на определени количества на експлозив, исто од домашна фабрика.

Меѓутоа, она што паѓа во очи, особено во ова решение е фактот дека приемот на робата во Министерството зе вршело во мај, јуни и јули месец, додека образложението за наводното уништување и причините за отпис на тоа оружје се наводно и во самото образложение на решението и стои дека тоа е резултат на борбените дејствија што биле во 201 година и дека е уништено во април 2001 година. Според тоа, очигледно дека станува прашање за нешто, како можело оружје да биде уништено во април кога во консултација во Министерството за внатрешни работи сеуште тоа оружје не било ни примено. Значи според документите фактурите и испратниците приемот бил во мај, јуни и јули месец 2001 година.

Очигледно е дека тука, барем според наше мислење се работи за смислено решение за злоупотреба и прикривање на определено количество на оружје.

Исто така, во документацијата на Министерството за внатрешни работи постои документ со кој што таквото решение во времето, во јули месец 2001 година и било понудено на поранешната министерка за внатрешни работи Доста Димоска, меѓутоаод неа не е потпишано, додека потоа и тоа на 12 април 2002 година, значи над година потоа потпишано од поранешниот министер за внатрешни работи Љубе Бошковски.

Притоа мора да кажеме дека во пописот на тоа оружје што е наведено се работи за мошне софистицирано оружје, се работи за повеќе автоматски пушки, повеќе снајперски пушки, автомати хеклер, повеќе пиштоли како и 50 килограми пластичен експлозив.

Исто така и случајот повторно со началникот, господинот Цветков кој исто така после мај 2001 година, на 10 јуни од една домашна фирма задолжил, постои испратница, се работи за снајпер, самострел рино маскиран со снајпер кој исто така

се набведува дека е уништен во борбените дејствија во април-мај, а приемницата на работа во Министерството за внатрешени работи е на 10 јуни 2001 година.

Според тоа за нас ова решение создава основано сомнение дека се работи и надлежните служби во Министерството си ја процесуираа и натаму оваа состојба.

Инаку, има и други решенија во кои што се работи на пример за повеќе од 110 автомати, пушки кои се со соодветно решение отпишани и заведени од книговодствената евиденција, па и за тие случаи внатрешната контрола, единицата за професионални стандарди во Министерството продолжува со работата и доколку и за тие случаи документира соодветно пречекорување на овластувањето, ќе се пристапи согласно прописите.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Госпоѓице Грковска дали сте задоволни од одговорот?

СЛАВИЦА ГРКОВСКА:

Одговорот е задоволителен и морам да признам загрижувачки.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Ѓорѓе Паљошковски.

ЃОРЃЕ ПАЉОШКОВСКИ:

Првото пратеничко прашање се однесува до ресорниот министер за земјоделство, шумарство и водостпанство Славко Петров.

Јас како пратеник во Собранието од струмичкиот регион имам задача од тутунопроизводителите јавно да го прашам ресорниот министер кога ќе отпочне со исплатата на разлика од откупната цена до загарантираната цена во износ од 111 денари по еден килограм тутун од реколтата 2002 година.

Второто пратеничко прашање се однесува до министерот за здравство.

Дали планира и од кога ќе почне со склучување на договори за услуги меѓу приватните специјалистички организации од сверата на секундарната здравствена заштита, од една страна и Фондот за здравство на Република Македонија, од друга страна.

Третото прашање е до министерот за внатрешни работи Хари Костов.

До каде е истрагата за кражбата на нафтата од стратегиските резерви во Липковскиот регион и какви се сознанијата за тоа кој ја извршил таа тешка кражба.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам за концизноста на прашањата.

БЕСАТ ЈАШАРИ:

Писмено ќе одговориме на прашањето.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Пановски, кој ќе одговори на прашањето поставено до Министерството за здравство.

ПАНОВСКИ:

Бидејќи е автономно право на Фондот да склучува договори со специјалистичките служби доколку имаат дозвола за работа од Министерството за здравство, сепак овде веројатно е прашањето зошто има застој во склучувањето на договорите би го побарале писменото образложение од Фондот и би го препратиле преку Министерството и Владата до пратеникот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Значи писмено ќе одговорите.

ПАНОВСКИ:

Да.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ми се чини дека вие малку го модифициравте прашањето од господинот Паљошковски. Надлежноста е на Министерството за здравство пред ова Собрание, директорот на Фондот не е избран од ова Собрание.

Значи ќе одговорите писмено на прашањето како што е поставено, а не на прашањето како што вие го формулиравте.

На третото прашање ќе одговори господинот Хари Костов.

ХАРИ КОСТОВ:

Досегашното рекување на складот на стоковите резерви во Ваксинце беше од страна на една приватизирана компанија. Очигледно е дека во еден догледен период заради локацијата на постојната бензинска пумпа каде што се наоѓа и каде што исто беше на определен начин и обврска на патролната служба за обезбедување на фирмата и патролното движење на полициските патроли се покажа како недоволно.

Морам да кажам дека засега сеуште нема точни сознанија, барем до Владата на Република Македонијачерашниот ден за обемот на дериватите кои што беа од таму одземени.

По барање на Дирекцијата на Министерството за финансии, Бирото за стокови резерви во текот на 22 и 23 беше заедничка екипа од Министерството за внатрешни

работи, од Бирото за стокови резерви и од МАК ПЕТРОЛ која требаше да ја утврди точната количина што е украдена од резервоарите што се таму сместени. Меѓутоа, заради отворите на тие резервоари извршено е прелевање, преточување на дел од дериватите и во меѓупросторот па со оглед на тоа дека постоеше опасност да дојде до замозапалување се очекува да се врати таа количина во резервоарите за да може точно да се утврди количината што е истргната.

Досега Министерството за внатрешни работи има постапка против неколку лица, имавте случај и на едно восило кое што транспортирајќи такви украдени деривати се соочи со замозапалување, па Министерството и против тие три лица што беа таму затекнати презема определени истражни дејствија и натаму начинот на кој што тие деривати беа дистрибуирани до определени бензиски пумпи или до опредлени корисници итн.

Сегашната состојба е од пред една недела, таму има обезбедно 24-но присуство на полиција, не замо со патроли, туку и физичко обезбедување на стоковите резерви. Обезбедени се дополнителни ископувања и на ископи кои оневозможуваат возила до таа локација да дојдат, а исто така е поставена и жица како заштита на локацијата. Според тоа, колку што можевте да видите од некои вести во текот на изминатите недели, определен број на лица кои се обиделе да продолжат со активноста на крадење на деривати од стоковите резерви дури и со предупредување, со исклучување од страна на огнено оружје беа вратени и веќе не се случува крадење од овој резервоар.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Паљошковски дали сте задоволен од одговорот?

ЃОРЃЕ ПАЉОШКОВСКИ:

осподине претседателе од одговорот на министерот не сум задоволен.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Имате право на дополнително прашање.

ЃОРЃЕ ПАЉОШКОВСКИ:

Не можам да бидам задоволен се додека не се искажат правите извршители кои се. Да се знае кои луѓе. Да се зна кои луѓе, што луѓе, затоа што неговото излагање беше малку округло па на ќоше а не кажано ништо. Моето прашње беше директно и сакам директно да ми биде одговорено, истрагата е до тука, поднесена е кривична пријава за тие луѓе.

ХАРИ КОСТОВ:

Еве директно на ќошето да застанеме и уште еднаш повторувам.

Министерството за внатрешни работи никогаш нема да кажува имиња и презимиња на луѓе за кои поднесува кривични пријави, се додека тие не бидат правосилно осудени. Според тоа, Министерството може да каже само поднесе кривични пријави против три лица, иницијали тие и тие, меѓутоа, лица додека не заврши целокупната истражна и доказна постапка, додека нема судска пресуда никогаш нема да се случи Министерството да кажува имиња и презимиња.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Госпоѓа Наташа Биковска ќе постави прашање.

НАТАША БИКОВСКА:

Иако, концентрацијата веќе е опадната, гледам дека од Министерството за правда нема никој присутен, но сепак, ќе го поставам прашањето и се надевам дека ќе добијам писмен одговор.

Според евиденцијата на Министерството за правда колкав е бројот на физички лица, кои согласно член 20 од Законот за стечај имаат положено испит за стекнување на звање стечаен управник и лица кои се стекнале со уверение за овластен стечаен управник. Дали министерството за правда има сознание колку и каде е постапено согласно законските критериуми при назначување на стечајните управници во фирмите каде што се водат стечајни постапки.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали имате само едно прашање?

НАТАША БИКОВСКА:

Не. Бидејќи нема, ќе го поставам второто прашање, кое е упатено до преседателот на Републичкиот судски совет. Неофицијалните статистики во Република Македонија зборуваат дека стечаите во државата се бавни, долготрајни и маратонски и нетранспарентни и спротивни на позитивната законска регулатива. Притоа, дури имам сознанија дека во голем број на случаи за стечајни управници се именуваат лица кои не ги исполнуваат законските услови согласно измените на Законот за стечај.

Со оглед на тоа што стечајните управници ги назначуваат стечајните судски совети формирани при судовите, дали Републичкиот судски совет има изготвено анализа за спазување на законитоста при нивното назначување и работење во

периодот од 15.07.2000 година до денес. А тоа е секако знаеме датумот од кога стапуваат во сила измените на Законот за стечај.

Што планира Републичкиот судски совет да превземе кога не се почитувани критериумите за назначување на стечајните управници и кога стечајната постапка е водена спротивно на законската регулатива и спротивно на правилата на кодексот на етиката на стечајните управници. А потоа ќе го поставам третото прашање. Мислам дека...

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Сега поставете го и третото прашае.

НАТАША БИКОВСКА:

Мислам дека Деловникот дозволува прашањата да се поставуваат поединечно, па потоа одговорите, но сепак ќе го поставам и третото прашање, колкав број на незаконски вработувања има во Здравствениот систем во периодот од 1998 година до денес и кои конкретни мерки Министерството за здравство планира да ги превземе во врска со ова прашање, упатено до заменикот министер за здравство.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Првото прашање на Министерството за правда господин Бучковски ќе биде одговорено сега од некого или писмено.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Писмено.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Писмено ќе добиете одговор..

Второто прашање, господинот Десковски е тука според најавата, Ве молам да одговорите.

Господине Дескоски ги знаете деловничките одредби. Повелете. Можете писмено, а можете и усме но да дадете одговор, по ваша наоѓање.

Момент само. Нема картичка. Ако сакате министерот за транспорт Вашата картичка дајте му ја..

ЈОРДАН ДЕСКОВСКИ:

На пратеникот и одговорив писмено и и преедадов писмено и во Собранието предадов и в рака и предадов на неа, а и усмено сега сакам да појаснам.

Ние сме надлежни  само за одговорноста и нестручноста  на судиите. За стечајните судии ние можеме да превземеме дејствија и во текот на сите овие 3 години се превземани дејствија во претстави на странки. Меѓутоа, во текот на тие преставки се појавија некои укажувања дека во цела Република има неправилности. Заради тоа во цела Република извршивме посета на сите судови и направивме анализа на сите стечајни, на работаста на стечајните совети и стечајните судии, а не на стечајните управници, бидејќи не сме надлежни таму. Она што го видовме за стечајните управници само го набележавме. Познато ви е дека за двајца судии поведовме постапка и се разрешени овде.

Видете сега, во што се состоеа тие пропусти. Воглавно се состоеа во составот на Советот и ние делувавме таму кај што има мали неправилности да се исправат, кај што беа големи поведовме постапка и се разрешени.

По однос на квалификацијата кој има положено испит за стечаен управник и уверение за стечаен управник во почетокот од 15.07. како што наведува (правилно го наведува датумот), 2000-та година, во почетокот немаа положено испит и немаа уверение сите, а морше да функционира судот и мораше еден период да толерираме. Веднаш неможеа сите да положат. И по инсистирање тоа да иде побрзо. Меѓутоа не одеше тоа така брзо и мораше да се толерира иако не сме надлежни да им кажеме стечајните управници не ви се квалификувани, немаат по Законот уверение за стечаен управник, ние го известивме и Врховниот суд и апелационите судови и основните судови, да толерираат, али не толку долго. Сега веќе скоро да нема такви случаи. Такви случаи нема. Полагањето дали е добро или не е добро по програмата, не можеме ние да инсистираме, да влијаеме на постапката, меѓутоа, изработивме еден поширок материјал и на 14.11.2002 година го предадовме на Врховниот суд, да изврши уедначеност во работата на стечајните совети и се слагам потполно дека стечајните постапки траат многу долго. Колку ќе успее Врховниот суд да ја скрати таа постапка, да има брзо судење или европско кажано судење во разумен рок работење во разумен рок ќе водиме од што ќе произлезе, меѓутоа, Врховниот суд превзеде дејствија да стечајните совети и стечајните судии заедно со стечајните управници ја скратат постапката. Повеќе јас мислам дека нема луѓе, нема стечајни управници што се без лиценца.

Јас по однос на прашањето што е поставено до министерот за правда, информативно сум запознат дека 140 лица имаат положено испит за стечајни управници, така информативно 5 горе, 5 долу не е значајно, така за тоа.

Сметам претседателе, сакам да кажам дека ова прашање заслучува големо внимание. Републичкиот судски совет има став да заедно со Министерството за правда и заедно со Врховнот суд да пристапи сериозно на прашањето стечај и постапката да ги убрза. Тоа е што можам да кажам вака информативно.

А писмено подетално обавестена е пратеничката. Инаку, јас сакам во име на Републичкиот судски совет да и се заблагодарам затоа што подигна едно значајно прашање во судската постапка.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Госпоѓо Боневска претпоставувам задоволна сте од одговорот.

НАТАША БИКОВСКА:

Јас сакам да му укажам на претседателот дека пред да го поставам прашањето, добро ја проучив кои се ингеренциите на Репубբличкиот судски совет а на сите други институции од отворањето на стечајната постапка па до затворањето. И затоа барем очекувам дека ова прашање ќе го иницира Републичкиот судски совет да приспита како работеле судските совети.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Последното прашање до господинот Пановски, заменик министер за здравство.

НИКОЛА ПАНОВСКИ:

Точниот број на вработени го имам, во здравството изнесува 24.182, во последните 4 години не го имам точниот број, меѓутоа приближниот број е 4.000 нови вработувања, во последната година околу 2.000 нови вработувања. На Клиничкиот центар како најатрактивно место за вработување и на кој процент што го кажав од прилика изгледа 20% е зголемен бројот за 20%, од 20 на 24.000, 3940 моментално вработени, а јас колку што знам беа нешто под 3000 во 1998 година, тука е проценет преку 25%. Што се однесува до тоа дали се вработувањата законски или не, мислам дека Министерството за здравство не е надлежно да одговори, дури и оној стечај каде што од разни причини негде и заради вработувањето, во смената на диреектори во изминатите 4 години некои од вработените добиле отказ и сега покрај овој терет што го има од 4.000 нови вработувања, Фондот за здравство треба да плаќа и судски за отпуштените луѓе кои се вратиле на работа со судско решение и

нивните камати. Можам уште да констатирам за незаконското вработување нема да зборуваме, меѓутоа, дека е непланско вработувањето, тоа може да тврдиме. Значи вработувањето не е правено според потребите, затоа сега имаме здравствени организации во кои има превработеност, а има здравствени организации во кои има суфицит и едвај успеваат да ја извршат работата со договор за дело, за кој често пати не добиваат никаква надокнада.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Госпоѓа Биковска задоволна сте од одговорот?

НАТАША БИКОВСКА:

Министерството за здравство барам да ми одговори на вториот дел од прашањето во писмена форма, што има во план да направи во врска со превработеноста во здравствениот сектор.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам

Сега е 7 часот, предлагам уште наредните двајца од двете страни по еден пратеник. Ги молам на концизни прашања за да можеме да завршиме.

Госпоѓа Марија Којзеклиска.

Ајде кажете.

ЧЕДОМИР КРАЛЕВСКИ:

Претседателе, со оглед на тоа што пратениците од сите пратенички грујпи се припремаа за денешната седница и имаат многу што да постават, меѓутоа да бидат на некој начин задоволни сите, предлагам по едно прашање да постават сега што се на ред пратениците, а да се доврши, да им се даде прилика на сите што имаат да ги постават прашањата и да бидат рационални во одговорите како министрите така и во поставувањето на прашањата.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Во ред, ја прифаќам инттервенцијата на господинот Краљевски. ВМРО-ДПМНЕ има право на 3 прашања, внатрешно нека реши  кој ќе ги постави и како, СДСМ и позицијата исто има право на 3 прашања, нека реши како.

Првото прашање Марија Којзеклиска. И уште размислете идните две кој ќе ги постави.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Моето прашање е до министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство. Прашањето се однесува на тоа, дали министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ја искористил својата функција како министер, ја поништи приватизацијата на Трансвелес од Велес, односно каква е неговата вмешаност во случајот Тедико.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господинот Јашари. А, до Владата. Повелете господин Бучковски. Вклучете го господинот Бучковски. Притиснете само копче да се пријавите за збор. Или картичката земете ја од Костов, ставете ја кај вас и пријавете се. Пријавете се сега. Господин Бучковски во има на Владата.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Да, јас ќе одговорам во име на Владата бидејќи не е ова прашање упатено до Министерството за земјоделие, или до министерот или заменикот. Бидејќи министерот Славко Петров е претседател на владината комисија која решава за спорови во втор степен во поглед на хартиите од вредност, знаејќи за случајот за кој спомена пратеничката, побара изземање на Владата и господинот Петров не учествуваше во решавањето на овој спор, токму за да нема конфликт на интереси, иако тоа никаде со закон не е регулирано. Но, за волја на вистината, замена за тој случај бев јас и согласно одлуката која претходно е водена во подолг еден период, респектирајќи ги одлуките кои се носени од страна на Врховниот суд, донесено е решението кое во меѓувреме од заинтересираните е оспорено и поведен е управен спор пред Врховниот суд. Ќе ја сочека Владата и одлуката на Врховниот суд и како сите други судски одлуки ќе ја почитува.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Госпоѓа Којзеклиска дали сте задоволна од одговорот?

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Па, во овој случај, со оглед на тоа дека се работи за министерот Славко Петров кој беше правен застапник на фирмата Трансвелес додека беше адвокат, а пред да стане министер, ќе го сочекаме исходот од управниот спор па..

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам. Мислам дека добивте фер одговор.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

А другите две прашања, го задржувам правото писмено да ги поставам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Тоа го имате сите правото и без седница.

Господин Бошковски.

ЉУБЕ БОШКОВСКИ:

Почитуван претседателе, колеги пратеници,

Дозволете ми бидејќи прашањето е за мене и за нашата пратеничка група многу сериозно, прашањето е до претседателот на Собранието, прашањето кое се надеваме како човек според Уставот по функција да го менува претседателот на државата, ова прашање да биде поставено и до претседателот на државата.

Претседателот на државата спротивно на Уставот на Република Македонија и членот 68 од истиот Устав, објави војна. Значи спротивно на Уставот на Република Македонија за кој за војна одлучува Парламентот на Република Македонија. Децидно стои. Овде се работи за класичен упад во Уставот на Република Македонија, а Уставот на Република Македонија како највисок правен акт го санкционира и претседателот на државата. Оттука според силата на Уставот се поставува прашањето, дали на претседателот на државата кој грубо го крши и се поигрува со волјата на македонскиот народ бидејќи ние не сме ништо друго македонските пратеници, но волја на македонскиот народ, не го постави на дневен ред и не побара иницијатива до македонскиот Парламент да разговараме за една од најтешките кризи во светот, а тоа е Ирачката војна. Значи, тука имаме буквално класично кршење

на Уставот на Република Македонија, бегање од она што се нарекува наша јасна ориентација како членка на Обединетите Нации, како држава која сака да го врати своето респектабилно место како држава единствено во Европа во овој миг која нема одлучено во Парламентот за она што се нарекува Ирачка криза. Има држави во Европа кои за ова многу сложено прашање одат дури со иницијативи на референдум, нема Парламент освен во диктаторски држави каде што се одлучува спротивно на волјата на македонскиот народ. Затоа, го повикувам претседателот на Парламентот да ја постави оваа точка на дневен ред и да расправаме за одговорноста на претседателот на државата на една од наредните седници и за одземање на мандатот.

Благодарам.

Прашањето е дали претседателот смета дека треба да се свика седница на која ќе разговараме за оваа, многу сложена по македонската безбедност и самостојност тема.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Прашање неможе да се постави до некој кој не е именуван или избран од Собранието. Во случајот со господинот Трајковски тој не е избран од Собранието. Ако гледа телевизија или ако самоиницијативно сака да ви одговори на некоја прес конференција, негово право, ние неможеме прашањето да го проследиме.

А за неговата одговорност која вие ја формулиравте, Собранието може да разговара во уставна процедура која е пропишана со Уставот како се покренува, од колку пратеници и нема што тоа да се повторува од мене.Јас неможам да го покренувам тоа прашање, има уставна процедура.

Господине Ќахил, можете да го поставите третото прашање.

АДНАН ЌАХИЛ:

Ќе поставам едно прашање. Прашањето е упатено до министерот за образование и наука или до Министерството, а другите две прашања ќе ги поставам по писмен пат.

Се работи за следново. Се работи за директори на основни и средни училишта, јас за неколку од нив имам сознание дека во изминатиот период се сменети без да се даде образложение зошто се сменети. Се работи за следниве места: с. Пласница, с.Врапчиште, Центар Жупа, ОУ “Кирил и Методиј”-с.Стајковци и другите училишта во кои директорите се сменети или се во тек нивни сменувања.Овде е направена смена без да се води сметка за квалитетот и интересите на определени заедници во тие средини.

Повод за ова прашање е следното. Пред неколку месеци држевме работилница, каде што се критикуваше минатата Влада и пред тоа дека по партиска линија се поставувани директори, без да се води сметка за нивниот квалитет во образовната сфера и во сферата на меѓучовечките односи. Тогаш се констатира дека во иднина, особено оваа Влада, ќе внимава директорите кои веќе се поставени, ако во сферата на образованието не направат грешки во работата, нема да бидат сменети или во најмала рака ако се сменети, ќе се даде објаснување за таа работа.

Јас имам децидни информации дека во с.Пласница, по партиска линија е сменет директорот кој беше поставен по барање на родителите во минатото. Во с.Врапчиште, покрај тоа што во тоа село поголем дел се ученици од турската заедница, не се внимаваше за интересите на заедницата и е поставен директор од ДУИ. Во Центар Жупа исто така променет е директор кој работеше во изминативе 4-5 години, добро и совесно, без да биде објаснето зошто и без да се внимава за интересите на турската заедница, значи сменет е директорот. А во ОУ "Кирил и Методиј" во с.Стајковци сменет е директорот исто така без објаснување, а како диртектор е поставена сопруга на советник од редот на СДСМ и тука имаме конфликтни интереси и непотизам.

Моето прашање е дали Министерството за образование и култура има сознание зошто овие директори се сменети од своите места и што се прави во врска со проблемот во с.Врапчиште, каде што децата сеуште не одат на настава поради овој проблем.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Одговор на прашањето ќе даде заменикот на министерот за образование и наука Тале Герамитчиоски.

ТАЛЕ ГЕРАМИТЧИОСКИ:

Министерството за образование и наука прави анализи и проценки на работата на директорите во основните училишта. Се направила проценка во конкретно наведените случаи дека директорите не одговараат на работните задачи, кои ги има поставено Министерството за образование и наука и согласно законските можности кои се предлагаат во законска форма, значи министерот донесува одлука да направи промена и на тие места да постави вршители на должноста директори на училиштата до распишување на нов конкурс за редовна постапка за избор на директори на училиштата.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господине Ќахил, дали сте задоволен од одговорот

АДНАН ЌАХИЛ:

Не сум задоволен од одговорот бидејќи овие директори се избрани во редовна постапка, не се вршители на должноста директор туку се сменети и

очигледно, она што претходно се заговараше на таа работилница и после тоа се само памфлети од политички карактер и дека не се внимавало за нивните квалитети.

Бидејќи не сум задоволен од одговорот, би сакал да добијам одговор во писмена форма во врска со овие случувања.

И второ, не се даде објаснување во врска со случајот од с.Врапчиште кој има и друга димензија, што со нив. Ако не, тогаш најдобро би било во писмена форма да се даде одговор на овие прашања.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Со оглед дека процедурата на одговарање е започната, дали ќе добиете писмен одговор или дополнително усмен одлучува министерот.

Има збор заменикот министер за образование и наука.

ТАЛЕ ГЕРАМИТЧИОСКИ:

И за случајот Врапчиште објаснив во контекст на оној одговор кој го дадов за другите основни училишта. Концепцијата на Министерството за образование и наука во поглед на кадровската екипираност е една, поставеноста на директорите во овие училишта е од сосема друга природа и се пристапи кон промена. Јас не реков дека тие се вршители на должноста, туку новопоставените директори се вршители на должноста директор, додека после извесен временски период кој го дозволуваат законските услови ќе бидат распишани редовни конкурси со процедури во кои ќе бидат избрани по регуларен пат за полн мандат од 4 или 5 години.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Последниот циклус на прашања - прашање ќе постави господинот Иван Анастасовски.

ИВАН АНАСТАСОВСКИ:

Бидејќи опозицијата доби три прашања, како што беше договорот, јас ќе ја искористам можноста да поставам две прашања и ќе оставам можност некој од колегите да постави уште едно прашање.

Во интерес на времето, како што е познато, финансирањето на центрите за детското творештво односно пионерските домови беше прекинато со решение на поранешниот министер за образование и наука Ненад Новковски, а врз основа на

заклучоци на тогашната Влада, на ден 23.10.2001 година, наводно поради реформите и рационализација на државната администрација.

Прашањето е: Каков е ставот на Министерството за образование и наука околу статусот на центрите за детско творештво или пионерски домови во Република Македонија, кои според мои сознанија се 12 на број.

И второто прашање, бидејќи денес кај мене дојдоа некои странки, иницираа прашање до министерот за внатрешни работи господинот Хари Костов, дали господинот Црномаров е сменет од началничка функција и доколку е сменет, зошто, и каква е неговата стручна подготовка.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господинот Герамитчиоски ќе одговори на првото прашање.

ТАЛЕ ГЕРАМИТЧИОСКИ:

Центрите за детско творештво или пионерските домови се девастирани, не се повеќе во рамките на Буџетот и Министерството за образование и наука не ја финансира нивната дејност. Така, во тој поглед имаме спор единствено во случајот на раководителите на тие домови. Ние направивме една анализа, согледувања, сеуште се консултираме со Министерството за правда за нивниот статус, но сепак, во еден краток временски период донесовме решение во кое се поништуваат решенијата за назначување директори од страна на поранешниот министер, бидејќи формално тие не се во наша надлежност бидејќи не се финансирани од Буџетот на Република Македонија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали пратеникот е задоволен од одговорот?

ИВАН АНАСТАСОВСКИ:

Благодарам, задоволен сум.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Второто прашање е до министерот Хари Костов.

ХАРИ КОСТОВ:

Јас се надевам дека пратеникот не постави прашање заради претходното прашање за Битола, меѓутоа, да, поранешниот началник на СВР Битола господинот

Црномаров е разрешен уште одамна. Разрешен е токму заради неисполнување на законските услови да биде назначен за началник на секторот. Во самата систематизација за началник на секторот се бара човек со високо образование, господинот Црномаров имаше средно образование и впрочем, и заради незадоволителните резултати не само на тој сектор, туку воопшто и во МВР, како во поглед на возилата нелегално увезени, возила без таблици, безбедносни прашања и тн. Меѓутоа, да, меѓу првите началници кои беа сменети беше и началникот на Битола.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Претпоставувам дека сте задоволен од одговорот.

ИВАН АНАСТАСОВСКИ:

Да, задоволен сум.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Последното прашање ќе го постави господинот Јани Макрадули.

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Во интерес на тоа повеќе прашања да постави опозицијата, го препуштаме правото на уште едно прашање кај нив, последното.

НИКОЛА ПОПОВСКИ

Гратис прашање уште едно, имате уште три минути.

Прашањето ќе го постави госпоѓа Силвана Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Моето прашање е до Владата на Република Македонија.

Во МРТВ во тек е трансформација за која не се информирани ниту вработените ниту јавноста. Значи целата постапка се спроведува крајно нетранспаретно. Од таму и загриженоста на вработените и стравот дека ова јавно претпријатие ќе го снајде судбината на “Нова Македонија”. Бидејќи Собранието на Република Македонија е основач на МРТВ, барам Владата да ги информира пратениците дали има вистина во шпекулациите дека ќе се отуѓува дел од имотот на

МРТВ, која според законот е сопственост на државата и дали е вистина дека намерата е околу 800 вработени да останат без работа?

Воедно, вработените во оваа куќа веќе два месци немаат примено плата, а на скопската телевизија А1 деновиве во два наврати беше информирано за злоупотребата на средствата од парите на граѓаните, што по пат на јавни давачки ги прибира МРТВ.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

На прашањето ќе одговори господинот Владо Бучковски.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

МРТВ нема да заврши како НИП “Нова Македонија” затоа што Владата има сериозни намери и понатаму да го одржува и поддржува овој јавен сервиз за граѓаните на Република Македонија, но незавидната финансиска состојба наметнува повеќе решенија, за кои правовремено ќе биде известен и Парламентот како основач на МРТВ и ќе биде отворена сериозна расправа, затоа што таму не е проблемот само со огромниот број на хонорарно вработени со договор за дело и со енормниот простор за кој што треба  да се бара начин не да се отуѓува, туку да се стопанисува домаќински, за да има дополнителни средства со кои би можел овој јавен сервис на грааните успешно да функционира. Но поопширно за овој проблем Владата зема обврска да побара од раководството на МРТВ да биде информирано и Собранието, но тоа може и самото Собрание да го направи како основач на МРТВ.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Да додадам само еден дел од одговорот  што вие го загатнавте. Со оглед дека Собранието е основач на МРТВ, таа неможе да изврши статусни и други трансформациони пробмени, без за тоа да даде согласност Собранието на Република Македонија, односно да го смени законот. Ве уверувам дека можеби се подготвуваат промени кои ќе бидат предложени, меѓутоа, неможат да се реализираат без ние тоа да го направиме, а тие се должни да предложат до нас, доколку мислат дека треба  да се трансформира. Значи, во тој дел да не се грижите дека без нас нешто може да се случи.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Апсолутно сум убедена дека неможе без Парламентот тоа да се случи, меѓутоа, сметам дека навреме треба да бидат информирани пратениците за текот и добро е директорката на МРТВ да даде извештај пред Собранието.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Да, ќе даде годишен извештај согласно законот.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Во однос на трансформацијата, која што вработените мислат дека е во тек.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Неможе да се направи трансформација, можеби се подготвува, јас како претседател на Собранието сум информиран дека има работна група која подготвува, ,меѓутоа, за да го достави до Собранието, а не за да го заврши тој проект таму.

Со тоа седницата е завршена.

Ве известувам дека утре ќе продолжиме со Тринаесеттата седница на Собранието и ќе работиме до 17,00 најдоцна до 17,30 часот за да ја затвориме расправата по тој закон што во моментот е на расправа, да не го оставиме на половина. Значи ќе работиме од 12,00 до 17,00-17,30 часот.

(Седницата заврши во 19,20 часот).